**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Шестото продолжение на Сто дваесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 29 март 2006 година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,03 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љупчо Јордановски:** Продолжуваме со работа по 128-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Сашко Кедев, Љубе Бошковски, Петар Наумовски, Никола Груевски, Али Ахмети, Теута Арифи, Фазли Велиу, Мендух Тачи, Љубчо Георгиевски и Абдулади Вејсели, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на изборниот закон односно со претрес по амандманот за бришење на член 192-а поднесен од пратеникот Блаже Стојаноски.

Има збор пратеникот Слободан Чашуле.

**Слободан Чашуле:** Благодарам.

Почитувана госпоѓо министер, почитувани колеги и колешки,

Дозволете ми да ви одземам малку време и да се обидам да ве убедам дека членот 192-а кој произлезе како амандман на Владата да го избришеме.

Ако веќе некому му е потребно во овој за мене крајно и рационален јудејски натпревар да постигне нешто тогаш дајте наместо избори да распишеме конкурс за премиер и за опозиција, па да организираме една сесија на плачење и уцени на плоштат и тој што ќе победи да може да му дадеме тапија од сега натаму ти ќе бидеш власт, а ти другиот отсега натаму ќе бидеш опозиција и да излеземе од оваа агонија на недоразбирање.

Навистина сум изненаден еден добар закон, со едно вонредно решение, она што го гледавме на првото читање, едно решение кое по мое длабоко убедување можевме да го спроведеме сега ...

(Во салата влегуваат пратениците на пратеничката група ВМРО-ДПМНЕ и пратеничката група на Либералната партија)

Ја поздравувам пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ која ни се придружи, а тука се колку што гледам и пратеничката група на Либералната партија.

**Љупчо Јордановски:** Господине Чашуле право на поздравување имам само јас, повелете вие со вашата дискусија.

(Аплауз од некои пратеници)

**Слободан Чашуле:** Господине Љупчо Јордановски мене мајка ми ме воспитала, тоа се вика киндер штубе, кога ќе влезат луѓе накаде да ги поздравиш. Тоа е од мене, а ви регулирајте го тоа со закон. Јас го регулирам тоа со морален однос кон нештата.

Но, добро е што се тука, ќе ја чујат пораката и ме радува и затоа ги поздравив.

Господа, ова беше и сеуште е, не знам на неколку пати ќе се навраќаме на овој несреќен член 192-а вонредна шанса да исчекориме во еден навистина демократски простор омеѓен со стандарди на европските придобивки, така наречените акико мунатее, верификуван од Венецијанската комисија во која и ние учествуваме и никогаш не треба да се заборави дека заради нашето учество во неа имаме и сопственост врз нејзините совети, а тие совети беа да се направи професионална изборна власт.

Овие избори се последната прилика тоа да го направиме, заради тоа што на нив тргаме, се надевам сите убедени исто како и јас со максимална одговорност во нашите партиски редови дека не смееме повеќе да си играме со судбината на граѓаните на Република Македонија, да си играме со судбината на нејзината демократија. Со еден збор кажано не смееме повеќе да си играме со нејзината иднина, што значи дека однапред одговорноста пред нас учесниците, политичките партии, пратениците, кандидатите за пратеници е двојно поголема сега и никогаш нема да биде толку голема. Сега е моментот кога со избор навистина на професионална изборна власт можеме да и дадеме шанса таа да стане самостојна. Точно е дека државната администрација по природата на нештата во демократијата е обоена со партиски бои. Некој има повеќе, друг има помалку и ние не ќе можеме преку ноќ за било што во државата од денес натаму се што ќе влезе во тие институции е ослободено од идеолошка контаминација. Тоа е невозможно, а уште помалку што ние го немаме тој кадровски резервоар па сега да речеме ајде на конкурс, без влијание, а имаме сепак граѓани, ова е домократско општество, значи тие имаат политичко мислење, ајде сега на конкурс да примиме луѓе на кои однапред ќе им веруваме ние дека се припадници на една или на друга партија. Тие се тие, тие гласаат, тие живеат, тие ги трпат последиците на тие што ги избрале и имаат право политички да се определуваат. Немаат само право своето политичко убедување да го користат во текот на вршењето на својата работа. Јас така ја сфаќам професионалната изборна власт.

Според тоа ако државната администрација во овој момент е создадена така, ние сега треба да го дадеме примерот како да се ослободат од нашата контаминација, затоа што политичките партии и политиката по дефиниција се составен дел. Темели се на демократијата. Не можете за нив да речете дека се неприродно присуство во нашето општество, но политиканството да. Злоупотребата на позицијата на политичар, функционер, избран, позиција, опозиција, да. И сега е приликата тоа да го направиме така.

Ако го избришеме членот 192-а како што упорно ве убедуваме, ако еве веќе не сакате тоа да го

примите од тој агол, да се сфати дека ние бараме од вас нешто повеќе од тоа што можете да дадете барем вратете се на вашето изборно решение каде што по совет на сопствената стручна јавност, еве ако некој вчера ги следеше медиумите ќе видевте дека и многу експерти и од вашите редови, политички редови, не мора да е милитантен член, но има политичка мисла велат дека правиме лошо.

Прво, што носиме ваков закон со овој преку ноќ сменет концепт и

што го носиме сега, така што ваквата измена на концептот под притисок, заради тоа што сме во цајтнот и не притискаат роковите мораме да го прифатиме, затоа што една политичка групација која сега влезе во Парламентот вели дека ќе ги бојкотира изборите. Сега, како последица на тој бојкот вие попуштате, а ние треба да се чувствуваме виновни што од почетокот инсистираме во овој Парламент конечно еднаш да се донесе европско решение и преку тоа европско решение да почнеме во зародиш да создаваме самостојна изборна власт која потоа од сега натаму, па додека не најдеме подобри решенија, или како општество не созрееме, не изградиме друга. Но, што направивме ние сега. Во моите архиви имам едно несреќно писмо кое кога го видов ми стежна, верувајте ми. Ми стежна заради тоа што 15 години се обидувам и како новинар и како политичар да всадам во нашата јавност една многу самостојна мисла, а тоа е за нашите глупости, грешки, сомнежи, дилеми да не се обраќаме на луѓе кои ни се пријатели, кои се странски претставници овде, но кои не можат да носат во наше име решение и во наше име одговорност. Како инаку ќе изградиме општество и во него држава способно утре кога ќе влезе во Европската унија и во НАТО да дава вредности ако постојано во арбитрирањето на нашите работи бараме суд од некој трет. А тој некој трет има стратешки интерес Балканот да биде стабилен, има стратешки интерес во Балканот Република Македонија да биде стабилна и кога гледа дека ние сме немоќни самите да излеземе пред Парламентот и пред тие што не избрале во овој Парламент самостојно, свое, автохтоно и решение примерено на нашите услови тој ќе донесе свое водејќи сметка за своите интереси и потоа ќе почнеме да трчаме наоколу низ државата и ќе викаме уа, ние сме протекторат. Па, протекторатот е во нашите глави и протекторатот е во писмото што ВМРО-ДПМНЕ го напиша до претставниците на Меѓународната заедница во Република Македонија во кое вели дека доколку нивните аргументи, нивните забелешки, нивните предлози за тоа како треба да изгледаат изборите и изборниот закон, ако тие не се прифатат, таму стои дословно и на англиски, затоа што ми е врежано во главата, а ако сакате и ќе го донесам и ќе го прочитам, ако ова не го усвоите таму стои "ние не гледаме ни сврха ни потреба да учествуваме на изборите".

Пазете, на избори од кои зависи нашата иднина, па сите други ние се договоривме на овие избори ќе одиме и по цена да загубиме само да бидат добри. И наеднаш во една таква атмосфера се појавува едно политичко движење кое тврди дека го застапува мнозинството, кое тврди дека ќе ја земе власта кога наеднаш вели не, ако не ни гарантирате ние да си ги изведеме нашите алхемии и врз основа на нив да победиме нема да учествуваме на изборите. А знаете ли што значи не учествување на избори на една релевантна, јас го ценам ВМРО-ДПМНЕ како релевантна политичка партија, а ако една релевантна политичка партија не учествува на тие избори тогаш што ќе се случи? Европската унија која не набљудува е под чиј што сме мориторинг ќе рече не, вакви избори не се европски избори, бојкотот не е европска категорија, нема да добиете датум за преговори за зачленување во Европската унија и на тој начин ќе не запечатат овде во т.н. Западен Балкан кој од Запад има само Балкан и во друштво на политичари и политички мисли од кои побегнавме со референдумот 1991 година за да деконтаминирани од сталинизмот, шовинизмот, четнизмот и сите други аберации кои некои наши соседи беа кадарни да ги создадат во овој краток период од 15 години и сега наеднаш повторно се туркаме таму. Сега што се случува?

Под аурата дека таквата уцена, таа закана со бојкот го има квалитетот на вредност ќе се прикаже дека Меѓународната заедница тоа го прифаќа и го принудила премиерот, водачот на СДСМ и на оваа коалиција да отстапи. Не, ако се сеќавате пред малку ви говорев ако ние не сме кадарни сами да изградиме хармонични односи кои ќе донесат политичка стабилност, а според тоа и безбедна Република Македонија и ако потрчаме кај други да побараме решение тие ќе ни го дадат решението, а тоа е да побараат од поразумниот, од поодговорниот да отстапи. И тоа ни се случи, но тоа не е добро решение. Не е точно дека Европската унија стои зад ова решение. Таа стои зад нашата стабилност, таа стои зад нашата безбедност, таа стои зад нашето зачленување, а ние упорно на еден ваков крајно неодговорен начин кој му прилега на Шешељ на пример, ја блокираме Република Македонија. И потоа ние треба да истрчаме тука и сите да ја подвиткаме опашката па да речеме ајде, и ова ќе го проголтаме само за да имаме избор.

Е сега ќе ви кажам зошто со ова решение нема да имаме европски избори.

Целта на целото ова наше договарање и правење на овој закон и на политичкиот дијалог што ние го почнавме, кој потоа израсна за жал во своја сопствена негација и од дијалог стана договор, од договор стана пазарење, од пазарење стана уцена и плачење што ќе ни се случи? Со самото тоа ние овој процес го почнавме за да му додадеме на законот верба, доверба од граѓаните, па ајде да седнеме чесно да си погледнеме во душата и да видиме има ли човек што ќе каже дека после ваков пинг-понг со судбината на Република Македонија, со вакво плачење и со вакви уцени, со фактот дека една власт што сакаме да ја направиме, изборната, самостојна

повторно само за ова мавање, за овие избори политички ќе ја контаминираме и вие сакате да ме убедите дека граѓаните во тоа ќе веруваат. Ајде да не бидеме наивни. Па, ние ја срушивме вербата во законот оној момент кога прифативме од политички дијалог да правиме пазар, од пазар да правиме трговија со судбината на Република Македонија. И сега сакате да ме убедите мене, а и граѓаните, а и вие самите ако длабоко си погледнете во душата дека ова е добро решение. Не, ова е добро решение само да се премости еден непријатен миг предизвикан од крајно неодговорен однос. Сега што се случува? Излези, влези во Парламентот. Повторно елемент на недоверба. Знаете што господа. Ние ги загубивме изборите 2002 година, а 1994 година со една несреќна одлука ги бојкотиравме изборите и ја научивме лекцијата што значи бојкот и еве веќе десет години ги поправаме грешките од тоа. Од неприсуствувањето како опозиција и како коректив на власта под услов да ги изгубевме изборите 1994 година во Парламентот кога доформираше физиономијата на политичкиот поредок кој го гарантиравме со Уставот што го донесе Првиот Парламент.

И сега, повторно кога треба да зачекориме во правец на создавање на вредности ние го спориме Парламентот. Зошто? Затоа што ги изгубивме изборите. Зошто? Па заради политичко разидување на две-три и кога се поделивме видовме дека ја немаме силата на аргументот во Парламентот и под изговор дека имаме мала бројка, значи, немајќи аргумент, немајќи присуство под изговор дека имаме мала  бројка; дека се правеле вакви или такви коалиции, јас знам само дека постои во овој Парламент една коалиција, а таа коалиција е за Европа и таа коалиција е за Европска Македонија под изговорот на такви кобајаги ретроградни дружби и сојузи излегуваме од Парламентот и нема да влеземе додека во вон парламентарна процедура користејќи го нашиот Деловник и правото на предлагачот на законот да внесе амандман кој станува составен дел на законот уценуваме и си играме со изборите. И, сакате да ме убедите дека на тие избори ќе имаме чист резултат. И да е најчист  ретко кој ќе верува затоа што веќе го контаминиравме со нашите партиски и политички палавурдии кои не доведуваат до тоа сега да се срамиме што сето ова ни се случува во Парламентот. Ама, има некој кои се срамат, но има некој кои на секоја дополнителна забелешка бараат со бојкот и што е за мене шокантно, една влада која претендира да биде проевропска паѓа на балканска уцена и за да остане проевропска прифаќа разно разни концесии. Не ви личи господа. Не ви личи, три години поминавме заедно борејќи се во Парламентот на НАТО и во Парламентот на Европската унија да покажеме дека имаме европски консензус и сега во последната година, на чекор до добивањето на датум за преговори сето тоа го девалвираме со една евтина политичка игра.

Знаете што, верувајте ми ако го избришеме членот 192-а, веднаш ќе отстраниме една можна алхемија кои некои веќе ја нарекуваат македонски воз. Знаете што, сосема е небитно кој ќе го избере претседателот на ДИК. Формулата, позицијата да го даде потпретседателот, опозицијата да го даде претседателот е добра формула и европска формула. Уште подобро е тоа да се гарантира со консензус овде, со 2/3 мнозинство, сите политички партии да искажат готовност на тој човек да му дадат доверба и самостојност.

Да ве потсетам, ова не е македонска топла вода, ова го имат и други држави. Меѓу другото, Грција на тој начин избира претседател на Републиката и не пропаднала досега заради тоа што, за да избере една таква личност мора да помине низ фаза на макотрпно прговарање меѓу учесниците во Парламентот, позиција, опозиција. Но кога ќе го избере, тој е претседател на сите Грци. Ние овде не бираме претседател на Република, ама бираме претседател на изборната власт која ја раководи Републиката во тие два три дена додека сме на избори и за него за да се чувствува самостоен му е потребно такво едно квалификувано мнозинство и сега доаѓаме до такво решение и влегуваме повторно во пазарењето.

Сега бараме со закон да се утврди и вие повторно попуштате и затоа селењето од мојата лева или десна страна на спикерот во Парламентот е излези влези. Сега треба во законот за избори да се внесе формула по која ќе се дефинира дека ВМРО-ДПМНЕ  е најголемата опозициона партија во државата.

Сега да ве прашам. Тоа е само за овие избори? Или до века ќе биде така. Ако е така, дајте да распишеме конкурс како што ви реков на почетокот, конкурс за вас и конкурс за опозиција бидејќи нема аргументи ќе се изнаоценуваме, ќе се изнаплачеме, ќе трчаме до Меѓународната заедница, аман, куку леле овие се "Сталинисти", аман куку леле овие се "Фашисти", тие ќе ни дадат тапија ќе си ја закачиме на ѕидовите во канцелариите и овој народ ќе здивне веќе еднаш од тие таквите. Јас не сум таков. И од мене нема да здивне, додека не појдам во пензија ќе се обидам и ќе се обидувам малку разум да внесам во оваа вака наопаку сфатена демократија.

Господа, знаете ли како изгледа македонскиот воз кој не се прави на ниво на ДИК, туку се прави на ниво на изборните одбори, каде што ќе имаме апсурдно присуство и отсуство .Еве ќе ви ја дадам мојата изборна единица, каде што првите 4 места се на ВМРО-Народна од листата на опозицијата, едно е на ВМРО-ДПМНЕ, една е на партијата на господинот Аднан Ќахил и една е на Либералите. Вие кажете ми кој усвои најмногу гласови во таа изборна единица? Името на партијата. Такво нешто не постои во Уставот. Уставот вели дека граѓаните не бираат, или пратениците кои со себе до крајот на својот мандат ни носат глассови. Меѓутоа, и тука не е европското. И тука влегува сомнежот во квалитетот на овој закон и тука влегува јасната дефиниција на партиската контаминација за ВМРО-ДПМНЕ, гласовите на

ВМРО-ДПМНЕ, кое сега се вика ВМРО-Народна партија не се валидни, валидни се само гласовите на господинот Илија Китановски, кој се смее, бидејќи е задоволен, затоа што им успеа бојкотот. Сега тие ќе бидат дефнирани со сила, наспроти стварноста како најголема опозициона партија и нејсе и тоа ќе помине, ќе го преживееме. И сега ќе имате ситуација, луѓето што ќе имаат најмногу гласови во 5-та изборна единица да немаат ниеден претставник во ниту еден избирачки одбор. Тоа не е смешно. Тоа е трагично за политичката зрелост на тие што тоа го бараат. Да беше смешно ќе се смеевме, немаше да трошам толку време да ве убедувам да гласате за овој амандман да се избрише.

Така што, како ќе им објасниме на граќаните имајте верба во овие одбори, кога луѓето за кои што гласавте 2002 година и кои сеуште се носители на тие гласови, не се застапени. Нашиот предлог е овој член да отпадне. Ако не отпадне, дајте некако да направиме договор и да го продефинираме ова прашање кој е најголема опозиција, па ако мислите навистина дека е подготвена, тогаш ставете во законот ВМРО-ДПМНЕ . Ќе се помириме и со тоа, но она што ќе ни ги сруши изборите се последиците од ова. А тие се следни: на ниво на избирачки одбор. Излегува одредена квота на граѓани, кои ќе гласаат како што ќе гласаат во пропорција за една или друга политичка партија. Ќе остане еден фонд на неизлезени. Од тој фонд по сите досегашни узансии, затоа толку многу ни ги критикуваат изборите и ова го имам прочитано и видено во "Форум" и сега ќе ви го раскажам, а кому не му е јасно нека го земе претпоследниот број на "Форум плус " , таму беше пред два три броја, за да не ми речете дека јас сум го правел, но јас не сум го правел. Се земаат гласови, едниот усвоил три пратеника, другиот усвоил два и сега другите не гласале и се земаат сега од тие што не гласале една квота 100.000 и се делат по пола. Тоа не го менува односот 3:2. Тој си останува. Но врз основа на нашиот Донтов пропорционален модел, кој вели дека изборите завршуваат во оној момент кога 20-те пратенички места ќе се пополнат и сите нераспределени гласови остануваат. Тоа значи дека на ваков начин со придодавање на гласови кои не им припаѓаат, се елиминираат политичките субјекти кои не го достигнале прагот заради тоа што прагот го укинавме .

Според тоа, како сакате сега во петтата изборна единица, нема да зборувам за сите, ќе зборувам за луѓето што гласале за мене и за Илија Китановски, бидејќи одговорноста за тоа што ќе се случи таму, пак ја носиме ние. Нема бегање додека не ни го потврдат мандатот, па и тогаш, или кога ќе ни го одземат мандатот, па и тогаш, нема бегање. Како сега ние на тие луѓе ќе им објасниме дека ова не се случило, кога е веќе од јавен домен и кога стои закачено, а тоа се случуваше. Или подобро речено, да ме фаќате на синтатички пропусти се случувало минато свршено неопределено време. Јас во такво нешто не сум учествувал, сум слушал, а сега го видов како документ напишано. Сега врз основа на тоа ние треба да ги убедиме овие наши граѓани истрчајте на избори, истрчајте во јули вакви неподготвени какви што сме и таму во некој си изборен одбор, во длабоката внатрешност во петтата изборна единица, партиските државни службеници, сегаај што се државни службеници, ја имаат моќта на политички избор, партија стои зад нив, без разлика како ќе излезат резултатите. Луѓето во својата перцепција тие партии ги имаат како моќни, или тој член на Комисијата ќе се чувствува моќен, што е попрецизно, и врз основа на тоа ќе им рече како што било кажувано, излезете сега вие обични државни чатии надвор, ние треба со другиот да го довршиме броењето на изборите, потоа сите ќе влезат заедно, бидејќи се под партиски надзор, команда, контрола, диктат. Ќе стават печат и ајде да си одиме дома.

Според тоа, што се случи? Се случи од македонската политичка сцена во моментот кога таа е најбогата, кога доаѓа до првично демократско раслојување на политичките чинители, ние со еден вештачки механизам, со контрола ќе го елиминираме тој богат спектар и повторно овој Парламент, кој ќе треба во такви околности да ја измени историската задача, да ги започне и да ги турка преговорите за Европската Унија , ќе биде фатен во дијалектиката на тие што врз основа на ваквата изборна алхемија ќе се промовираат како најголеми партии во Парламентот и таа алхемија ќе ни одземе повторно три години ако победи опозицијата да се ревидира, а тие го најавуваат сето тоа што го направила Владата, а најверојатно има многу работи што треба да се ревидираат, а ако победи сегашната власт, тогаш ќе имаме и сега доаѓаме до најтешкото од сите сценарија, ќе имаме константно оспорување на изборите, заради тоа што во меѓувреме преку друга политичка алхемија, а сето тоа е дел од еден заговор против Македонија. Се создаде во нашата Република банана држава. Читајте ги анкетите кои во јавноста наидуваат на неверојатна критика и во нив ќе видите, иако се и тие манипулирани, не зборувам за анкетите кој колку рејтинг има , тие се партиски измислици, нашиот народ едно мисли друго прави трето гласа, или друго зборува, трето гласа, заради тоа што сеуште е исплашен од синдромот на власт. Меѓутоа, погледнете како изгледа сондажата и ова е многу важно за овој член од законот што сакаме да го бришеме. Велат дека не веруваат никому. Па како сакате да ни веруваат, кога по меани се договараме. Кога плачеме и се уценуваме. Не ни веруваат. Затоа мајката му се сега да си ја вратиме довербата и да го избришеме тој член.

Второ, знаете ли во кого верува народот? Кажано е на еден вешт манипулативен начин само во религијата. Да и се одземе на црквата политичката функција, која таа по дефиниција ја има како црква и сето да се сведе на Армијата која ја немаме.

Според тоа создадени се услови, македонското општество да се откаже од демократијата . И

верувајте ми поминале ние или не, а не верувам дека ќе помине на испитот пред Европската Унија, нашите граѓани на овие избори вака направени ќе ја загубат вербата во демократијата и ќе се вратиме во ерата, која јас мислев кога се вратив од Латинска Америка дека ја оставив зад себе ерата каудиљоси. Ние сега веќе имаме лидери. Тогаш ќе имаме и каодиљоси, заради тоа што еден партиски шеф ќе ги узурпира изборите за да си ја задржи партиската фотеља и потоа, за да го направи тоа во текот на изборите преку својот изборник во изборите ќе командува. Нема демократска структура, бидејќи тој е каудиљо или фирер , кога ќе му се спротистави и сите мораат да го слушаат. На тој начин ние градиме држава на каодиљоси, на беспоговорни шефови, чие што мислење не можеш да го ставиш под прашање, а ако го ставиш под прашање, тие ќе те избркаат од партија, како што му го направија тоа на Љубе Бошковски и на неколку мина од нас. А и писма пишуваа против мене до генералниот секретар Џорџ Робертсон , затоа што имав свој став, кој не беше апологетски и кој е на линијата на ова што сега ви го кажувам. Такво општество сакате да создадеме? Бидејќи ако на овие избори паднеме и ако на овие избори навистина го промовираме фактот дека еден човек без разлика дали е доквакан или дали е умен, или зрел или незрел, да може да командува со целокупното битие на нашиот политички, економски и секаков друг живот. Не, господа. Не. На крајот на краиштата, ви велам се сомневам и да го поминеме испитот, ние нема со вакво општество, со ваква диктатура на Фирери да влеземе во Европската Унија, ќе зарибаме на првата прилика, како што сега зарибавме со бојкотот во писмото до Меѓународната заедница и која дрскост до претседавачот на Европската Унија , ако не победам јас, нема да учествувам на избори. Аманте господе, дајте покажете кичма, мнозинство сме, ние ќе ве поддржиме. Дајте овој несреќен член да го избришеме. Јас ви тврдам, бидејќи во тие анкети стои нешто друго. Никој во Македонија повеќе нема да послуша да излезе на улица и тврдам дека нема да има бојкот. Ќе одат на изборот, бидејќи мораат, а тогаш притисокот ќе се сврти врз нив и ќе им речат учерствувајте што сакате, тој е добар закон зад него стои мнозинството. И уште од сега е покажана идејата дека ќе се обидат да ни направат нешто слично на Украина . Ако не ги признаваат изборите ќе го извадат народот на улица . Заборавете го сето ова , тоа нема да се случи. Тие немаат таква сила. И се покажа колкава им е силата, на неколку наврати. Не сакам да ги спомнам. Затоа, не плашете се, дајте изгласајте го овој амандман да го избришеме ова несреќно чудо, да го усвоиме законот денеска , затоа што не се согласувам ни со изјавата на вашиот премиер дека сега кога прифатил дека партиите што усвоиле најмногу гласови 2002 година се опозиција . Тука во партиите се крие замка, ама тие тоа не го гледаат и да го мавнеме ова чудо од овде . Да си го донесеме законот и да почнеме со подготовки за изборите, и навистина да ги одржиме на почетокот на летото, за да ја фатиме есента со време и да почнеме со заеднички сили, без разлика дали ќе бидеме ние истите овде, или ќе бидат некои други, да ја градиме таа Европска Македонија без која ни нема чаре и сфатете дека само таму е одговорот на сите наши премрежја , на сите наши предизвици. Со ваква постојана контаминација само со нови луѓе ќе го продолжиме циклусот што го започнавме таму некаде 1994 година, исто така врз основа на еден неуспешен бојкот, околу едно политичко неодразбирање кое можевме, како што можеме сега да го решиме овде во Парламентот. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Чашуле, бевте доста долг со причина, но таков ни е Деловникот.

Господине Балковски имате збор.

**Љупчо Балковски:** Благодарам претседателе.

Почитувани пратеници, претставници на Министерството за правда,

Амандманот што го поднесе нашата пратеничка група, односно Блаже Стојаноски, едноставно се кажува дека члено 192-а, треба да се брише.

Образложението јас би го кажал во неколку точки, тоа е следното: Под еден, мислам дека со донесување на овој амандман на Владата, односно на 192-а, всушност, се укинуваат сите правила на игра , односно сите правила на гласање за овие избори. Зошто го кажувам ова? Го кажувам од едноставна причина што во ставот 1 на овој член 192-а, од Владата, се кажува дека на првите наредни избори за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија избирачкиот одбор е составен од 5 члена и нивни заменици итн.

Значи на првите наредни избори ние нема да имаме правила на игра. Значи ги менуваме правилата на игра, а од наредните избори, значи после 8 години, правилата на игра ќе бидат тие, односно правилата на гласање ќе бидат тие, како што ќе се усвои законот сега со овој изборен закон. А дотогаш, нема да имаме правила на игра. Тоа е исто така кога на еден фудбалски турнир, составен од неколку екипи се кажува дека две екипи ќе иеграат со по 15 играчи , а другите со 11. Зошто? Затоа што двете екипи така се договориле. Или пак уште подрастично кога на еден исто така фудбалски турнир ќе имаа судии за двете екипи, а другите екипи ќе имаат судии кои што не припаѓаат во нивните екипи. И повторно прашањето, зошто? Затоа што две екипи така се договориле. Значи, правила на игра не постои. Овие избори ќе бидат избори без правила на игра. Зошто? Затоа што како што спомнав пред малку, ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ така се договориле. Нема друго објаснување. Буквално објаснувањето е така се договориле. Затоа што и во образложението на овој член 192-а, во образложението на амандманот се кажува дека со амандманот се предлага различен состав на избирачките одбори од оној утврдениот во основниот текст, во членовите 38 и 39 од овој законик и се однесува овој амандман ќе се

однесува и ќе се применува за првите наредни избори за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија.Значи, никакво образложение. Образложението е затоа што ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ се договориле така.

Во првата фаза од овој закон кога се донесе, тогаш претседателите на избирачките одбори и членовите се избираат од редот на јавната администрација.

Значи, Владата го имаше усвоено во втора фаза и овој закон дојде во Собранието со член 38 и член 39 каде се кажува изборот и составот на избирачките одбори и тука се кажува дека претседателите на избирачките одбори и нивните заменици се избираат од редот на државната, општинската и администрацијата на град Скопје, а 4 членови и нивни заменици се избираат од редот на јавната администрација по случаен избор, за време од 4 години и по правило тие имаат живеалиште во општината како избирачко место, на која и припаѓа, ние така во Собранието го добивме овој закон, за после тоа Владата што го направила овој закон, што го доставила, сигурно го утврдила на владина седница, на таа владина седница се гласало за овој закон и никој немал против овој закон да се пушти така во Собранието. Ние овој закон го добиваме таков каков што е, за после пазарот со ДПМНЕ, Владата кажува, не сега, за неколку дена ние се премисливме и на овие избори ќе нема правила на игра. На овие избори кој како што сака така ќе прави, односно ќе се прави така како што се договорија СДСМ и ДПМНЕ, затоа што членот 192-а воопшто не е ни прочитан, ниту се знае во јавноста, а тој кажува дека еден член од избирачкиот одбор се именува на предлог на политичките партии во позиција, еден член од избирачкиот одбор се именува на предлог на политичките партии на власт и другите се од редот на државната односно јавната администрација. Значи, два плус три. Значи, сега имаме ситуација два плус три. Нема тука заеднички одбор. Имаме тука два избирачки одбори. Едниот избирачки одбор е составен од две партии кои се договориле така да играат на овие избори, а другиот избирачки одбор ќе биде составен од тројца и тие ќе функционираат паралелно. Тие заедно ќе функционираат затоа што нема да се знаат. Друго е, ако беше така самата Влада ќе го предложеше тоа, нека бидат двајца од двете политички партии и тројца од јавната администрација и секогаш нека биде така. Значи самата Влада знае дека ова не функционира. Ако беше така ќе го предложевте во основниот закон, во оваа фаза, во член 138 ќе беше 192-а. Или пак сега се поставува едно друго прашање, зошто ова да важи само за овие избори. Значи, прашањето е, наместо правила на игра да се воспоставаат, овде веќе се укинуваат правилата на игра за овие избори и која е сигурноста и која е гаранцијата на Владата дека овој амандман односно овој член ќе важи само за овие избори. Ова може да се измени и во наредните 4 години некои други партии , или пак истите партии да се договорат дека и на овие избори пак вака ќе биде. Нека стои член 138 за состав на избирачки одбори, така , ама и на овие избори ќе биде така, со еден член, во продолжение на законот и за овде важи продолжување на членот 192 и за наредните избори. Тогаш нема да имаме никаков закон.

Во овој состав сега, во овие две избирачки комисии, избирачки одбори, значи два плус три, ќе имаме еден избирачки одбор составен од двајца членови на политички партии што размислуваат исто. Значи, тука ќе има некоја коалиција меѓу ДПМНЕ и СДСМ и тие ќе си имаат еден избирачки одбор, како што функционираше на локалните избори, беспрекорно функционираше тоа, а од друга стрна ќе имаме еден избирачки одбор, таканаречен експериментален, кој во зависност од ситуацијата и договорот на двата членови од првиот избирачки одбор, ќе функционираат така, дали да даде мислење, дали ќе смее да даде мислење. Значи прашање е дали тие ќе смеат да дадат мислење, дали тие ќе смеат да размислуваат така како што мислат, затоа што тие се вработени во јавната администрација и сега прв пат се таму, има некоја обука и во зависност од ситуацијата тие ќе реагираат како што ќе се договори оваа коалиција, значи од едниот одбор бидејќи тој одбор ќе биде главен. Овој одбор од 3 члена е експериментален. Затоа јас реков и на наредните избори може да се каже, овој експеримент не успеа, пак ќе одиме со политички партии. Зошто? Затоа што сега пак некоја друга политичка партија ќе го бара тоа. Значи, овие членови што се тројца од јавната администрација, навистина ги ставаме во еден експеримент, им даваме таква тешкотија затоа што тие едно ќе знаат, едно ќе учат на обуката, а од друга страна ќе треба да потпишуваат работи кои нема да бидат во согласност со тоа што го учеле и за што се обучавале за работа во избирачките одбори. Зошто тоа го кажувам? Го кажувам од едноставна причина затоа што оваа коалиција од двајцата члена што ќе биде во првиот избирачки одбор, од политичките членови. Како ќе се договорат овие другите ќе имаат задача тоа да го потпишат, затоа што од друга страна, начинот и постапката за утврдување на одговорноста на незаконско работење на претседателот, заменикот и членовите во избирачките одбори, ќе се уредува и Законот за државни службеници и Законот за работни односи. Тие ги носи Владата и овие ќе речат како што ќе се договориме така ќе правите, бидејќи утре врз основа на овој закон ќе бидат избркани од работните места. Јавната администрација ќе биде избркана или од едните или од другите, затоа што тие тројца не го прават тоа што се договориле овие две политички партии. Тоа функционираше на локалните избори. Затоа јас ова го кажувам. Значи, да немавме ние таков случај, ќе речев, ајде можеби ова ќе функционира на овие наредни избори, па ќе видиме како ќе оди. Ние видовме на локалните избори како функционираше таа коалиција СДСМ и ДПМНЕ во избирачките одбори. Сега тоа го кажуваме. Сега, тоа беа локални, ајде сега ќе одиме и на

парламентарните избори и после готово, завршена работа. Така што таа задача што ќе им ја дадете вие на јавната администрација, всушност ќе биде задача што тие не ќе можат да ја извршат. Ќе видите, ако остане овој состав два плус три, многу ретко ќе има приговори од страна на јавната администрација. Ќе направите таква статистика, сигурно анализа и на тоа ќе се направи, ќе се види дека и треба да се провери кој од јавната администрација, значи кој од три тројца членови на избирачкиот одбор прво ќе смее да поднесе приговор за работата на целиот избирачки одбор. Приговор може да се поднесе или од едната партија или од другата партија. Многу ретко, во исклучителни случаи ќе имаме каде приговорот ќе го поднесат членовите на јавната администрација која ќе учествува во избирачките одбори , овие три, затоа што тие ќе бидат експериментален избирачки одбор. Значи, воопшто нема образложение на амандманот 192-а и многу би било добро, во ова образложение, ако веќе разговараме толку време за сите аргументи на овој закон, ќе беше добро не еден член на избирачкиот одбор да се именува од политичките партии, туку зошто не се напише, еден член да се именува од ДПМНЕ, еден член од СДСМ и во образложеието да се напишеше, затоа што и СДСМ и ДПМНЕ така се договориле.

Ако веќе имаме двајца членови од две политички партии, јас би го поставил прашањето овде, како ќе се решава ситуацијата, а сите го знаеме тоа прашање и сите сме договорени за тоа прашање, пак се договорени ДПМНЕ и СДСМ за целава работа, како ќе биде во случаите каде ќе треба да земе учество и ДУИ и ДПА. Пак имаме тука еден пазар односно премолчен договор, а тоа е да, каде што има мнозинство албанско население, тука ДПМНЕ ќе му препушти на ДПА, СДСМ ќе му препушти на ДУИ. Но, каде го пишува тоа во законот. Не пишува. Значи, пак одиме спротивно од законот и свесно ДПМНЕ и СДСМ го изигруваат и овој амандман 192, затоа што пак се договараат тие дека, значи прават пазар каде се договараат дека и СДСМ ќе му даде на ДУИ во избирачките места каде е мнозинско албанско население, ДПМНЕ ќе му даде на ДПА член на избирачки одбор од политичките партии, во деловите каде што е мнозинско албанско население. Тука немаме ништо против и јас се согласувам со тоа, ако пишува во амандманот. Значи и овој амандман што го поднесовте или дообјаснете го, или кажете, значи и тука е направен пак некој договор помеѓу СДСМ и ДУИ и ДПМНЕ и ДПА, значи сите заедно за во овие места членови на избирачките одбори да бидат членови на ДПА и на ДУИ. Тука немам ништо против, меѓутоа јас сега го поставувам прашањето до македонските партии. Каде е тука интересот за македонските граѓани што се малцинство во тие средини. Значи ги откажувате 100%. ДПМНЕ ги откажува македонските граѓани што ќе гласаат на тие места, затоа што избирачкиот одбор ќе го даде членот на ДПА, а од друга страна СДСМ ги откажува тие македонски гласачи кои се малцинство во избирачките места и го дава тоа на ДУИ. Тука апсолутно и двете партии се откажуваат од македонските гласачи затоа што тука не им се битни. Значи во тие рачуници помеѓу СДСМ и ДПМНЕ, колку што ги имаат направено, апсолутно македонските гласачи во албанските средини каде албанските гласачи се мнозинство, тука македонските гласачи воопшто не играат никаква игра и ги откажуваат и едните и другите. Да не е така, секој ќе се бори во тие средини да има и член, јас сум да има член и од ДУИ и од ДПА во тие средини, меѓутоа да се напише со закон, а не вака сега ако е мнозинството на албанските гласачи во едно избирачко место, тогаш се даваме Македонците, ги даваме и гласачите од СДСМ и гласачите од ДПМНЕ. Зошто? Затоа што тие не се важни во тој пазар што го имаат двете партии на тој дел од изборниот закон. Да не беше така, секој ќе речеше во ред, нека има претставник и од македонска партија, меѓутоа да има претставник и од албанските партии и тие што се во опозиција и тие што се во позиција. Вака треба да биде јасно дека и СДСМ и ДПМНЕ се откажаа од македонските гласачи каде тие се малцинство во поголемиот дел од албанските средини каде албанските гласачи се мнозинство. Тука очекувам одговор, ако имаат одговор и СДСМ и ДПМНЕ. Меѓутоа, нема одговор. Одговорот ќе биде или некој договор сега ДПМНЕ со ДПА, па ајде сега да не речат овие другите, па дајте ни некое место. Ќе бара ДПМНЕ од ДПА да им даде место во некоја средина каде што е мешовита, а СДСМ ќе бара од ДУИ, дајте ни место затоа што Македонците овде можеби ќе ни реагираат. И ние сега одиме во ситуација пак да ги молиме албанските партии за македонските граѓани што се гласачи исто како и сите други гласачи во Република Македонија, во албанските средини. Не е грешка што се македонските гласачи таму. Меѓутоа, и за тоа нема ништо. Затоа јас уште на почетокот кажав, со овој амандман, затоа ние предлагаме и да се брише, со овој амандман всушност се укинуваат сите правила на игра, односно правила на избори и помеѓу професионалното и партиското, значи се договараат две партии па ги менуваат правилата на игра, значи се укинуваат востановените правила на игра за наредните избори. Значи овие избори ние сметаме дека воопшто нема да бидат избори, како што ќе бидат наредните избори. Значи се враќаме 4 години наназад, ајде сега нека функционира така, бидејќи се договорија двете партии, а после тоа ќе функционираме како што треба. Значи, знаеме како треба. Ние да не знаевме, јас се согласував дури тоа да биде во член 38 вака, две партии со три и правиме експеримент како тоа ќе функционира понатаму, па ќе видевме, за 4 години тоа нема да функционира. Меѓутоа сега знаеме како треба да функционира, а од друга страна кажуваме, тоа го знаеме, ама сега бидејќи ние се договоривме и бидејќи сме уценети од една или од друга партија, уценети сме од ДПМНЕ, дали доаѓале или не доаѓале, од друга страна можеби има интерес и СДСМ во целата работа, во однос на нивните

партнери и тука веќе на некој начин знаеме дека тоа нема да биде така, но од наредните избори тоа ќе биде така. Затоа го бараме овој амандман наш, многу краток, меѓутоа многу суштински, а тоа е да се избрише членот 192-а кој го даде Владата, затоа што и во образложението на овој член, неколку пати го прочитав, пак ќе го прочитам, воопшто ништо не пишува, нема никакво образложение. Затоа Министерството за правда не го брани овој закон. За целиот закон претставниците од Министерството за правда ништо не кажаа затоа што тие го донесоа Законот како што треба, професионален, го доставија во Владата, од Владата во Собрание и после пазарот помеѓу СДСМ и ДПМНЕ, се сведува на тоа овој Закон се укинува. Всушност со овој член што го направи Владата, овој закон се укинува сега и продолжува да важи после 4 години, а сега за овие избори ќе немаме правила на игра. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Балковски.

Повелете господине Оровчанец, имате збор.

**Ѓорѓи Оровчанец:** Господине претседателе морав да јавам. Лично чувствувам потреба дека морам да се јавам затоа што со ова решение, со членот 192-а, како е донесен и како е направен, јас како личност, мојот интелект, мојот разум комплетно е навреден. Зошто тоа го зборувам?

Сите овде се колнеа во нашата определба за правиот колосек по кој треба да одиме, тоа е Европската унија, евроатлантските интеграции и т.н. Го добивме кандидатскиот статус и она што континуирано нам ни се наметнуваше, ама буквално континуирано, тоа е дека ние како држава треба да созрееме и овој пат да напавиме избори кои ќе наликуваат на демократски избори во современите демократии. Со други зборови, треба да направиме фер и демократски избори. Со тоа убедување, претпоставувам и Владата, меѓутоа претпоставувам и поголемиот дел од вас пратениците кои во првата фаза по овој закон расправаа, дојдовме до сознание и до текст кој го имаме во законска форма овде доставен. Меѓутоа, надвор од целиот законски текст за кој сите тврдиме и упорно се убедуваме и ја убедуваме јавноста дека е добар закон, меѓутоа надвор од тој текст во преодни и завршни одредби се појавува еден несреќен член 192-а со кој го суспендираме целиот закон и тој закон кој е демократски и кој треба да направи фер и демократски избори го суспендираме на одредено време, а да важи после некое друго време, за навек, како најдемократски закон, а овој пат ќе направиме уште еден експеримент кој видовме дека не успева. Значи после првата фаза се создаде некоја рамка на размислување, се диференцираа размислувањата. Јавната расправа покажа дека сме на правиот пат. Експертите, па до синоќа разговараа исто и сега наеднаш минута до 12, значи законот влезе во процедура внатре во Собрание, се појавуваат плачковци по улиците на град Скопје и со такви солзи дека ќе ги бојкотираат изборите, прават притисок пред кој Владата попушта.

Вие, како пратеници кои практично сте носители на Владата, затоа што вие и го давате мандатот, ве прашувам дали во ваше име оваа Влада го направи тоа? Ако го направи тоа во ваше име и Вас срам да ви е. Затоа што вие овде разговаравте и дискутиравте за сосема други работи. Ако не е така, свестете се и гласајте за нашиот амандман, за да ја исправите состојбата. Па, не гледате што ни се случува во државата? Ќе искористам дел од она што го кажа Чашуле за онаа анкета. Дека институциите, воопшто политичкиот начин на живеење, организираната политика во Македонија ја губи смислата во тие анкети. Институциите ја губат својтата важност. Стануваат ирелевантни фактори во државата. И определбата и према верата и према војската, кажа нешто Чашуле, јас ќе ви кажам нешто друго.

Па, занете ли што значи тоа? Ако веруваат 30% во верата, односно во религијата, па тие сакаат месија, не сакаат Европска унија, бре луѓе. Ако веруваат во војската, ним не им треба демократија, ним им треба диктатор. Зошто не го сватите ова дека вие сами ја поткопувате институцијата на државата и политиката во оваа држава, токму со вакви вонредни мерки што се надвор од институциите на системот, надвор од разговорите во Парламетот, надвор од се, на еден политички договор, подобро да беше овде во близина на Зелено пазарче, можеби ќе имаше некоја цена.

И сега, на сето тоа да се плаче, да се верифицирало кој е најголемата опозиција?! Па,вашиот ментор Бранко Црвенковски нека ви верифицира. Нека ви потпише тој, зошто, како Претседател на државата, ваш ментор, па заедно, избирачките тела на СДС и ДПМНЕ ги дополнуваа кутиите на претседателските избори за да се добие цензус на излезеност за да биде Бранко Црвенковски избран за претседател.

И, уште еден податок. Истиот овој експеримент, СДС и ДПМНЕ, на последните локални избори што направи? Доволно е сугестивен податокот, господо. Од 52.000 гласачки ливчиња што беа обзнанени како неважечки, на некаде 38.000 е инволвирана ВМРО Народна партија. Дали е прецртана, па нешто додадено, па направено ова-она, па кој го прави тоа? Па тие истите, СДС и ДПМНЕ, на лице место, во комисиите, за да ги наштелуваат работите.

И сега сите ние треба да веруваме дека суспендираната демократија, што со законот ја носиме, а со преодните одредби ја враќаме назад, ќе биде правиот начин да доживееме избори што ќе не оквалификуваат како земја што ќе оди по европскиот пат. Тоа сигурно нема да се случи.

Господо пратеници,

Јас, уште еднаш ве замолувам да гласате да се избрише овој амандман за да ја покриете и својата совест за тоа што од тоа зависат многу работи. Ако остане вака, јас ве убедувам дека ние, дефинитивно ќе имаме избори што ќе бидат

недемократски, а за фер воопшто и не станува збор. Според тоа, квалификацијата на државата ќе биде негативна.

И, уште еднаш ве замолувам да се корегирате, да се сетите што дискутиравте. Размисете за бенефициите што требаше тоа да ги донесе. И, напуштете го, евентуално, и партискиот интерес само да се освои власта, а да се уништи државата. Државата е примарна, се друго е секундарно. Благодарам.

(Со седницата продолжи да раководи господин Слободан Најдовски, потпретседател на Собранието на Република Македонија ).

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Оровчанец.

Има збор Макрадули Јани.

Повелете господине Макрадули.

**Јани Макрадули:** Почитуван потпретседателе, колешки и колеги пратеници,

Можам да замислам, да ја користам реториката на господинот Чашуле и Оровчанец, какви реакции ќе доживеам од ВМРО ДПМНЕ и од ЛП што уште еднаш зборува дека апсолутно чувството за политичка дебата во ВМРО ДПМНЕ отсуствува и дека присуството во Парламентот тие го сфаќаат кога некој ќе им признае дека се опозиција.

Јас тука ќе се согласам со господинот Чашуле, да им признаеме и како опозиција, така и да останат. Тука нема дилема. Ако само зборот, менувањето во поимникот за одредена политичка партија што, не само што претендира, туку самата се прогласи за победник на изборите, додуше од вчера има конкуренција, уште еден премиер има во Македонија, па сега не знам кој ќе биде премиер, дали Груевски или Поповски или по пола ќе си се делат? Апсолутно не можам, веројатно и трет ќе се појави, само што овие нашите седнаа кај преведувачите па не слушаат што зборуваме тука во Собранието. Ако само поимникот е придонес на една релевантна политичка партија во носењето на клучниот закон што ова Собрание го носи, во клучниот потез што треба да го направиме како политички паритии во приближувањето кој Еворпката унија тешко на таа Македонија. Тешко на таа Македонија која што мисли дека треба да ја водат партија што своите барања ќе ги прават, еве нека се задржам на тој термин, бидејќи немаше ракции, со плачење. Само се надевам дека дневниците што ги земаа за деновите кога се потпишуваа, а не присуствуваа овде соодветно ќе ги искористат да набават соодветна опрема тоа плачење да го избришат, односно да го прикријат.

За жал, за жал повторно СДС е крив. Еден ден сме во коалиција со ДПМНЕ па не обвинува Народна, па ќе прифатиме еден амандман зошто мислиме дека е доблесно првиот човек на ДИК да биде изгласан овде со две третини, со доверба како ретко која институција овде во Собранието, е тогаш пак сме во коалиција со Народна. Секој ден Социјал демократскиот сојуз се обвинува и парламентарното мнозинство заедно дека сме во различна коалиција со некого. А сите оние кои знаат и разбираат барем малку од изборниот законик или пак учествувале некогаш на избори, јас и минатиот пат кажав кога зборував во првата фаза, јас се кладам дека дел од пратениците на ВМРО ДПМНЕ и на Либерална партија или не го прочителе законот или никогаш не биле на избори па зборуваме за теми што апсолутно во реалноста не соодветствуваат.

Со години партиите од позицијата си ги делеле членовите во избирачкиот одбор, со години партиите од опозицијата си ги распределувале членовите во избирачкиот одбор. Сега сакаме некои 6.000 членови во избирачки одбор да ги пополни како сопствена партија, мисли дека, можеби мисли дека е тоа придонес кон демократијата, што се сомневам дека се случи.

И сега, кога опозицијата тоа не може да го направи, се вложи дел од својот авторитет или да се изгуби дел од својот рејтинг, да се направи распределба во избирачките одбори помеѓу себе, тогаш пак СДС е виновен. СДС, сите амандмани што беа прифатени вчера и претходните денови, сите амандмани што беа прифатени од страна на Владата или со помош на парламентарното мнозинство се во функција на носење на изборен законик што треба да го донесе она што најмногу го сакаат сите граѓани - избори што некој ќе ги оцени позитивно, а тој некој се посматрачите, претставниците од Европската унија, таму каде што сакаме сите да одиме.

СДС ја плаќаше политичката цена на многу реформски закони овде во Собранието во изминатите три ипол години. Често бевме обвинувани со најнавредливи коментари од страна на опозицијата, но после секој законски проект ние, носејќи одреден закон, добивајќи позитивна оценка од Европската комисија или од претставниците на меѓународната заедница знаевме дека патот што сме го одбрале е вистинскиот. И нема потреба господинот Чашуле да се секира, да знае кој го дал придонесот во изборната единица 5 или кој го дал придонесот овде во Собранието. Не може партијата што не гласала за ниту еден реформски закон, што не гласала за уставните измени да претендира дека само со менување во поимникот има европски ставови или пак перспективата нејзина е да биде лидер или власт во Република Македонија.

Ги уверувам пратениците од Народна партија дека граѓаните го ценат тоа и дека знаат дека во клучните, судбоносни моменти треба да се има цврста кичма и треба да се опстои на политичките ставови и долгорочната визија, а не со дневно-политичко пролевање на крокодилски солзи да се обидеме да добиеме нешто друго.

За ВМРО ДПМНЕ не беше доволно ни тоа дека "два" значи партиите, бидејќи "два" за нас е множина, очигледно за нив не важи и сега кога СДС, ЛДП и ДУИ со компромис сакаат сите политички партии да бидат дел од изборниот процес, да се претставиме со своите платформи, да се претставиме со своите програми, да се претставиме со тимовите, она што граѓаните во

последно време го ценат која партија каков тим има и тие треба да знаат кој тим ќе игра и која паритија со каков тим ќе настапи на изборите или евентуално ако победи, секој обид што го направивме за компромисно решение, да ги поканиме сите паритии да бидат дел од изборниот процес, за жал повторно се обвинува СДС дека е во коалиција со некого, повторно се обидуваме, се обидува некој да ја замати работата или да фрли магла кон граѓаните на Република Македонија.

Граѓаните, избирачите треба да знаат дека како еден од најклучните закони, прифаќајќи го амандманот за членување во избирачките одбори на претставниците од партиите, од позицијата или опозицијата, како што е договорено, вистинската одговорност партиите треба да ја демонстрираат со распределбата внатре помеѓу нив, на избирачките одбори. Никој не може да претендира и да каже дека тој е еден единствен и дека треба да има монопол над избирачките одбори. Тоа, СДС, како одговорна партија го знае, тој ќе го распредели тоа, се случувало секогаш, сите нормални политички партии тоа го правеле, се надевам дека и тој проблем ќе се надмине од страна на опозицијата и ќе соберат сили тоа да го направат меѓу себе, да не се караат кој ќе биде иден премиер, туку да излеземе на избори и со своето однесување, без разлика дали сме власт или опозиција, да придонесеме кон она што се вика клучна слика за приближувањето на Република Македонија до Европската унија.

Мене ме радува што судските процеси каде што се третираат неправилностите на изобрниот процес имаат своја завршница. Идеален законик нема. И во првата фаза кажав, за да го зголеми одзивот, во Велика Британија се даде право да може да се гласа и по пошта. Имаше неправилности, некој се обиде тоа таму да го злоупотреби, но веднаш тие беа санкционирани. Во изборното законодавство во Велика Британија има посебен член каде што вели дека луѓе кои правеле неправилности не можат да се најдат на листите или не можат да бидат дел од изборниот процес. Ме радува што и кај нас веќе некои неправилности на изборниот процес имаат судска развршница и тоа треба сите да не радува и треба да е во духот на она што го бара не само меѓународниот фактор, туку пред се граѓаните на Република Македонија.

Мора да стане јасно дека сите политички партии сме одговорни не само на денот на изборите, за четиригодишниот мандат, без разлика дали сме позиција или опозиција. Сите треба да придонесуваме и да градиме еден амбиент што ќе ја врати довербата во институциите. Да не трчаме од една партија во друга само да се најдеме на листи. Да не влегуваме и излегуаме овде, промаја да не утепа од вратата само ако се прочитаме овде дали сме опозиција или не. Да придонесуваме квалитетно и одговорно кон сите законски проекти, а не само ако е меѓуетничка тема па да дискутираме овде по десет дена, а ако има економија да се јават само два или три пратеници од парламентарното мнозинство. Одговрноста ја носиме сите. Граѓаните го ценат тоа кој каков придонес имал и не мислам дека компромисто што го прави парламентарното мнозинство е некое пазарење или кафански договор туку напротив, одговорен обид на СДС да се создаде амбиент во кој што сите политички партии ќе можат, врз база на своите тимови, платформи, програми, да и се претставаат и понудат на граѓаните и така да го избереме оној кој ќе биде најдобар, без разлика што политичката цена, сме свесни, со многу компромиси, може да оди на наша штете, но за нас фер и демократски избори и позитивната оценка е клучна, а не е резултатот што знаеме дека ќе биде позитивен за нас. Благодарам.

**Слобдан Најдовски:** Благодарам господине Макрадули.

За реплика се јави госпоѓа Бонева Силвана.

Повелете госпоѓо Бонева имате три минути.

**Силвана Бонева:** Благодарам почитуван потпретседателе.

Почитуван колега Макрадули,

Барем вам ви е најасно зошто протестираше ВМРО ДПМНЕ и зошто не учествуваше овие два дена, претходните два дена во расправата во Собранието и зошто баравме вашиот премиер да си ги препрочита записите од заедничкит состанок со лидерите на опозициските партии, за да се потсети на јавно искажаните ветувања пред македонската јавност, а не само пред лидерите на опозициските партии. Но, јасно е дека кај вас отсуствуваше доследност и одговорност на јавно искажаните ветувања и токму од таму се случи тоа што се случи.

Тоа е многу јасно, јасно им е на сите граѓани на Република Македонија, бидејќи вие тоа го потврдувате секој ден се повеќе и повеќе. Од 15 септември па наваму ја покажавте вашата недоследност и неодговорност кон дадените ветувања на граѓаните на Република Македонија, а во тој контекст, нормално, во континуитет беше и последново, со изборното законодавство и јано искажаното ветување за дефинирање на опозицијат.

Е сега, да дојдеме и до ова толку важно прашање за сите, не само за ВМРО ДПМНЕ. Воопшто ВМРО ДПМНЕ не се плачковци кои бараат да ги дефинираат како најголема опозициска партија. Тоа никој од вас не го бара, бедејќи вие немате право тоа да го правите. Тоа го прават граѓаните на Република Македонија на избори, бидејќи таму секоја политичка партија го добива сопствениот легитимитет.

А, зошто беше потребно да се дефинира што е тоа опозиција и што значи најголема политичка партија во опозиција? Тоа беше потребно заради тоа што ако не беше дефинирано во поимникот, тоа што самиот премиер го уведел на средбата и самиот премиер дал јавно ветување, тоа беше од една единствена причина, бидејќи онака како што стоеше во законот, претседателот на ДИК да го предлагаат опозициските партии, тогаш немаше

да се знае од кого треба да дојде предлогот. И во рок од 5 дена немаше да може да се договорат опозициските партии, значи сите опозициски партии кој ќе биде предлогот на опозицијата. Во тој случај ќе требаше предлогот да го даде Комисијат за прашања на изобори и именувања.

Тоа беше вашата игра, што беше јасно прочитана, повторно вие да бидете тие кои што ќе го предлагате претседателот на ДИК со еден еднинствен изговор, дека, еве, опозицијата не може да се договори.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓа Бонева.

Пред да му дадам една минута контра реплика на пратеникот Макрадули, госпоѓо Бонева, не сакав да ве прекинувам, бидејќи рековте "вашиот премиер", премиерот не е на никој, туку тој е премиер на Република Македонија, а и вие сте во Република Македонија, тоа значи и ваш премиер, освен ако не мислите поинаку.

Една минута контра реплика за господинот Јани Макрадули.

Повелете господине Макрадули.

**Јани Макрадули:** Јас исто почитуван претседателе ќе реагирам за господинот Владо Бучковски, односно да ја потсетам госпоѓа Бонева дека тој е претседател на Владата и премиер на Република Македонија, но тоа е доказ за отсуството на државност во ВМРО ДПМНЕ и на поистоветување на личностите со институциите или со партиската припадност. Градиме заедничка држава, но мислев кога Чашуле или Оровчанец ќе ви кажат дека сте "плачковци", а не реплицирате, можам и јас да ви кажам. Мислев дека тоа можам да го правам и за тоа не се нервирате.

Има писмо потпишано од господинот Груевски, Андов и Ѕинго, каде што велите дека сите предлози ги повлекувате, вклучувајќи го и предлогот за претседател на Државната изборна комисија, само да бидат двајца претставници од опозицијата. Кога Владата ќе напише "политичките партии", за вас тоа не е два, бидејќи "два" за вас веројатно е еднина. Тоа не можам никако да го сфатам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Макрадули.

Има збор пратеникот Андреј Жерновски.

Повелете господине Жерновски.

**Андреј Жерновски:** Благодарам почитуван потпретседател.

Сосема накратко сакам да ги објаснам причините зошто пратеничката група на ЛДП не може едноставно не е во состојба да го поддржи овој сосема логичен, сосема конструктивен предлог на нашите колеги од ВМРО Народна партија. Имено, да потсетам дека токму ние како пратеници на ЛДП, а потоа сето тоа излезе и во јавност, бевме првата партија во Република Македонија што предложи на овие избори избирачките одбори да бидат составени исклучиво од државна администрација. Зошто? Затоа што побаравме да се изврши едноставно професионализација на тој процес. Зошто да бидат професионалци? Затоа што увидовме дека години, години station наназад или избирачките циклуси, без разлика дали беа на локално или на државно ниво, односно парламентарни и претседателски избори, се увиде дека најголемата несреќа, можам слободно да кажам, дојде токму од претставниците на политичките партии. Во тој момент, иако постоеше расположение сето тоа да се прифати и вашите коалициски партии го прифатија тоа, кои ја сочинуваат Владата, дојде ставот на ВМРО ДПМНЕ. За жал, ова решение кое во овој момент постои како предлог, во вид на предлог од страна на Владата можам да го оценам како несреќно решение, несреќно решение затоа што доаѓа од едно несреќно однесување на најголемата партија, најголемата партија според рејтингот, морам да потенцирам, опозициска партија во Република Македонија, а тоа е партијата ВМРО ДПМНЕ.

Она што до ден денес не можам да го сфатам и разберам и што никако не добив одговор е како тоа ВРМО ДПМНЕ бара департизација на избирачкиот процес а во исто време бара да го дадат предлогот за претседател на Државната изборна комисија, или да бараат департизација на избирачкиот одбор, а во исто време да бараат токму претставници, политичките партии да ги сочинуваат базичните односно избирачките одбори. Затоа што ако вие во принцип како опозиција не се согласувате партиите на власт да го кандидираат претседателот на Државната изборна комисија затоа што е политичко решение, морам да кажам дека сите ние заедно во овој момент како власт во Република Македонија поддржуваме иста работа. Претставник на опозицијата е исто така политичко решение. Зошто мораме сето тоа да го направиме? Затоа што во Република Македонија имаме создадено атмосфера, ВМРО ДПМНЕ успеа во тоа да создаде атмосфера дека власта во Република Македонија сака да организира некаков фалсификат.

Она што морам да се согласам со претходниот дискутант е што мора да побараме од колегите од ВМРО ДПМНЕ да имаат чувство за државност, затоа што уште еднаш ќе го потенцирам ставот на ЛДП, она што досега за нас во однос на европската перспектива претставуваше Охридскиот рамковен договор, сега се токму парламентарните избори во Република Македонија. Ретко, но токму од нив, и од целата опозиција всушност беше напаѓан Охридскиот рамковен договор, подоцна се разбира и глорифициран затоа што не приближи кон Европска унија, а сега се напаѓаат токму Парламентарните избори. Во една атмосфера кога опозицијата, се разбира дека на секаде, кажува дека власта сака да организира фалсификат, вие немате избор освен да направите компромис, да се прифати барањето само за да можете да укажете дека немате никаква намера не само да организирате некој фалсификат, туку напротив, дека сте свесни како

власт во Република Македонија во една држава дека овие избори се од круцијална важност за натамошните чекори односно приближување на Република Македонија  кон Европска унија или уште повеќе на некој начин да го ефектуирате кандидатскиот статус кој што го добивме во декември на самитот на Европска унија.

Тоа што исто така не можам да се изначудам е играњето топло-ладно од страна на ВРМО ДПМНЕ, затоа што ќе си дозволам да го употребам изразот "незрело" однесуање кога како власт се прифатени 85% или 90% од барањата, потоа тие се повлечени за да има едно барање, потоа присуствуваме на парламентарната сесија па не присуствуваме, денес читам од мојата колешка од ВМРО ДПМНЕ која што вели: Бојкотот нема да го прекинеме се додека не заврши амандманската дебата и денес влегоа. Јас го поздравувам, од име на пратеничката група, нивното влегување во Парламентот, меѓутоа, не знам кога повторно ќе се одлучат да застанат од другата страна на вратата. Но, тоа што во овој момент можам да го кажам и слободно сакам да ги уверам најдобро намерно е дека ова не помага, што е за мене помалку важно, за имиџот на опозицијата на ВМРО ДПМНЕ во овој момент. Мислам дека однесувањето почнувајќи од Груевски, и до пратениците дали го поддржуваат, тие мораа тоа да го прават. Мислам дека не придонесоа за рејтингот на ВМРО ДПМНЕ,  но она што мене уште повеќе ме загрижува е што однесувањето не помага во имиџот на Република Македонија  во овој момент, во овој период кога сите се бориме да укажеме дека земјите на западен Балкан, особено нашата држава има европска перспектива и дека и тоа како придонесуваме за стабилност на регионот.

Да завршам, однесувањето на ВМРО ДПМНЕ придонесе да мора да се направи компромис, да мора да се прифати овој амандман, односно не амандман туку предлог од страна на Владата, во овој момент поради согласност од ВМРО ДПМНЕ да излеземе на избори со констатација дека зад сите овие предлози застануваат најголем број партии во Република Македонија .

Мене ме радува тоа што е констатирано во предлогот, кој веројатно на крајот ќе се усвои од изборниот законик дека ова ќе бидат последните избори, ова мора да бидат последните избори каде што ќе има и политички претставници во избирачките одбори, но сосема на крај да упатам јасен повик до колегите на ВМРО ДПМНЕ.После прифаќањето на овој став вие мора да бидете свесни дека станувате одговорни за целиот избирачки процес во Република Македонија , дека не можете и не смеете да излезете со било какви пресуди и да кажете дека власта организирала вакви или такви избори. Вие сте заедно во овој момент одговорни за сето тоа што ќе се случува во избирачкиот процес, затоа што бевме сведоци кога во 17,00 часот кажувавте дека има фалсификат, за да потоа на локалните избори, кога видовте дека резултатите и не се толку лоши за вас, да кажете дека тие биле одлично организирани избори. Значи доколку ова го изгласаме и го прифатиме, од тој момент сите политички партии во Република Македонија станувaат одговорни, тие кои што ќе го поддржат.

Уште еднаш да кажам, штета што не може да се прифати овој амандман и уште однапред барањето на ЛДП, уште на овие избори, да ги увериме сите наши партнери, овие 25 земји кои што не поддржаа во нашиот од кон Брисел, дека ние сакаме професионална државна администрација и дека сакаме професионалци кои ќе ги водат изборите, а не пак да кажуваме и да предлагаме политички претставници кои се знае за што служат на овие избори и на сите оние кои што ги гледавме во изминатиот период.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Жерновски.

Три минути реплика за пратеникот Силвана Бонева.

Повелете госпоѓо Бонева.

**Силвана Бонева:** Благодарам потпретседателе,

Господине Жерновски, не заради вас бидејќи вие многу добро знаете, меѓутоа, за да не биде заблудена јавноста од вашето кажување, морам да појаснам дека не е вистина тоа што велите дека ВМРО ДПМНЕ барало департизација на избирачките органи. Многу е јасен нашиот став уште од самиот почеток дека решението кое што беше по претходниот изборен закон, значи на присуство на претставниц ина политичките партии во избирачките органи, за нас беше целосно прифатливо заради тоа што на тој начин сеуште сме убедени дека ќе се воспостави една вистинска контрола едни на други, политичките партии во опозиција и политичките парти од власта, за да не бидат правени разни изборни манипулации. Тоа се покажа како добар концепт 1998 година, 2002 година и токму од тие причини, бидејќи тие беа едни од најдемократските избори и за вас како партии кои што изгубивте избори и за нас како ВМРО ДПМНЕ, кои исто така со вакво изборно законодавство изгубивме избори, па ги признавме изборите дека се фер и демократски. Значи апсолутно тоа е лага што го кажавте.

Велите незело однесување има ВМРО ДПМНЕ бидејќи му прифативте девет од 12 поднесени барања. Тоа е чиста лага. Бидејќи од 12 барања кои што беа дадени од страна на ВМРО ДПМНЕ, за претседател на Државната изборна комисија не беше прифатено барањето, за составот на Државната изборна комисија  и предлогот за избирачките одбори не беше прифатен, за избирачки списоци не беше прифатен, за гласање на лице кое се наоѓа во странство не беше прифатен, мнозински изборен модел во два круга не беше прифатен, пропорционален модел со примена на формула "империјал" исто така не беше прифатен и да не редам што се од 12-те предлози, единствено нешто кое што беше внесено во новиот изборен законик што беше прифатено, беше ставањето на печат на гласачкото ливче, значи од 12 барања само едно,

а не од 12, девет барања дека имате прифатено. Значи повторно лага.

Понатаму, тоа може само да значи само дека незрело и неодговорно не се однесува опозицијата туку власта, притоа користејќи лаги на сметка на опозицијата, дека е исполнето сето тоа што е ветено, а можеше многу добро да се види од последната средба што беше ветил премиерот, бидејќи беше дадено на една од националните телевизии јасно што кажал премиерот, а што беше исполнето. Оттаму, кога премиерот виде дека не може повеќе да не ги оддржува јавно дадените ветувања, беше принуден да го достави амандманот кој што беше доставен синоќа во 18,00 часот пред пратениците на Република Македонија . Ние не можеме да бидеме одговорни каков ќе биде изборниот процес бидејќи вие сте власт и вие сте тие кои што. . .

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Бонева. Исклучете ја.

Ќе ве молам колеги пратеници, и покрај тоа што имате три минути за реплика или минута за контрареплика, барем малку дозволувам подолго да се зборува, но кога ќе кажам дека е времето завршено, ве молам, да престанете со натамошна дискусија, за да не бидам принуден да барам да се исклучи микрофонот.

Една минута контрареплика господине Жерновски, а после тоа процедурално за господинот Краљевски Чедомир.

Повелете господине Жерновски.

**Андреј Жерновски:** За жал, госпоѓо Бонева, ова не ви е прв пат да го спуштате нивото на дискусија во Парламентот и да употребите збор, термин дека јас лажам овде, и тоа три пати, што зборува повеќе за вас, за вашето воспитување, а не за моето.

Да искористам да ви реплицирам додека сте овде во салата, бидејќи претпоставувам дека повторно ќе излезете и ќе бојкотирате, да ви објаснам на крај дека вашата забелешка дека повторно нема да носите никаква одговорност на овие избори е незрело, затоа што ако имате и добивте, најверојатно ќе добиете претседател на Државната изборна комисија, и да кажете никаква одговорност не сносите едноставно е толку незрело што прашање е кој воопшто треба да ви верува во Република Македонија. Пак ќе кажам, јас не сум загрижен за вашето однесување и јас многу би сакал да има зрела опозиција во Република Македонија, мојата загриженост доаѓа од таму што вие со овие напади го загрозувате имиџот односно иднината на Република Македонија. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Жерновски.

Процедурално за пратеникот односно координаторот на Пратеничката група на ВМРО Народна партија, господинот Чедомир Краљевски.

Повелете господине Краљевски.

**Чедомир Краљевски:** Благодарам потпретседателе.

Јас би ги замолил сите колеги од оваа собраниска сала кога настапуваат, во своите говори да употребуваат прецизни термини и да зборуваат пред се во свое име, а кога го употребуваат терминот "опозиција", тие не можат да зборуваат за опозицијата во целина, туку можат да зборуваат само за себе. Ние сме опозиција и работиме овде веќе 10-тина дена конструктивно и целисходно во однос на поставените точки на дневен ред.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Краљевски, но јас не ја повредувам процедурата.

Од пратениците секој се смета во опозиција. Може некој сака да остане подолго во опозиција.

Да продолжиме понатаму.

Има збор пратеникот Ѓорѓи Трендафилов.

Повелете господине Трендафилов.

**Ѓорѓи Трендафилов:** Може кој сака да се вброи во опозиција, но има една разлика, една опозиција е платена, друга опозиција не е платена. Значи она што јас го сфатив од господинот Макрадули, СДСМ како предводник на владеачката коалиција и ВМРО ДПМНЕ како предводник на дел од блокот опозициони партии, треба да си поделат од овие избори по 300 илјади евра, 6 илјади луѓе, три илјади ангажирани од СДСМ, две илјади ангажирани од коалицијата на ДПМНЕ, вие треба да земете од Буџетот на Република Македонија, доколку по илјада денари е од член во избирачките одбори, 600 илјади денари или половина, практично еден дел од 2 милиони и 500 илјади денари кои ги дадовме во Буџетот на Република Македонија, за субвенции во земјоделството, значи субвенции во лозарството, сточарството, тутунот, раноградинарските производи и вино. Значи едните ќе излегуваат и ќе бараат интерпелација за еден министер, вие ќе го браните другиот министер, бидејќи согласно член 19 став 2, вие и вчера не сакавте да интервенирате како Влада амандмански, а гледам добро ви оди дружењево во Клубот на пратениците, па би ви предложил во духот на таа конструктивност да ги подарите во Министерството за здравство, на пример, да се санираат објектите, улиците, да му помогнете на министерот да купи нови медицински возила, затоа што расправата ја сведовте на пари. Соглсно она што не се согласувате дека членовите во избирачките одбори кои доаѓаат од редовите на политичките партии, без оглед што член 19 вели дека тие имаат право на професионален ангажман, вие всушност таму сте се договориле да си делите 600 илјади евра, почитувани.

Јас госпоѓице Грковска, се согласувам со вас и со вашето ццкање, вие ќе инкасирате 300 илјади евра.

**Слободан Најдовски:** Молам, без дофрлување.

**Ѓорѓи Трендафилов:** 600 илјади евра ќе го чините Буџетот, согласно вашиот договор од Клубот на пратениците. Доколку имате храброст и доколку навистина едните ја критикуваат власта

за ненаменско трошење на Буџетот, министерот за финансии тврди дека тој многу штеди, отидете на паузата во 14,00 часот во Клубот на пратениците и јавно рака под рака, како што се договоривте кажете, 600 илјади евра ВМРО ДПМНЕ и СДСМ ќе му ги дадат на министерот за здравство да купи возила. Или интервенирајте амандмански и изменете го членот 19 ставо0т 2 каде што вели дека партиските, ама од привилегираните партии, значи од власта и од опозицијата која е на платен список на истата таа власт. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Трендафилов.

Господинот Јани Макрадули три минути реплика, време е за математика.

**Јани Макрадули:** Не, нема да влезам во математика, ќе реплицирам во делот на тоа што постојано го повторуваме, секој обид на СДСМ да се најде компромисно решение кое активните политички партии на оваа политичка сцена во Македонија ќе излезат и ќе се претставуваат со своите тимови, личности, програми, и платформи, е мета на напади, само зависи кој ден, се менуваат во докажувањето кој е опозиција во Република Македонија. Јас реков, доколку не можат да се договорат, нека останат во опозиција уште четири години и мислам дека четиригодишен мандат ќе биде доволен мегдан и доволен простор да можат да се договорат кој е поголема опозиција во Република Македонија.

Потоа, се извртува мојот дел од распределбата на членовите во избирачките одбори. Реков СДСМ и сите политички партии до сега тоа го правеа, ги распределуваа членовите на избирачките одбори доколку е така во законот, политичките партии да предлагаат меѓу себе и секоја одговорна партија тоа ќе го направи. Не е проблем на СДСМ што опозицијата во овој момент не може да се договори и не може да ги распредели членовите на избирачките одбори, а јас апелирам, доколку е тоа можно, да се прифати предлогот што вчера ВМРО Народна партија го даде и мислев ќе биде доблесно, мислев дека прво денес ќе се јават ВМРО ДПМНЕ со дискусија, каде што ќе го поздрават компромисот и како одговорна партија која е заинтересирана за фер избори не само што ќе го поздрави компромисот туку ќе даде и свој придонес со јавно повикување на другите партии од политичката опозиција да ги поделат заедно членовите на избирачките одбори.

Што се однесува до плаќањето, не може на ВМРО-ДПМНЕ никој да му префрли пари, бидејќи немаат сметка на која работат и трошат 267 денари годишно, ама тоа е оти поранешниот министер за финансии сега им е претседател на партијата, веројатно.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Една минута контра реплика за пратеникот Ѓорѓи Трендафилов.

**Ѓорѓи Трендафилов:** Господине Макрадули, јас сватив од вашето претходно излагање дека тоа што вие го нарекувате политички компромис со дел од опозицијата буџетот ќе го чини 600.000 евра.

Јас ви предложив и вчера и денеска, партиските членови во избирачките одбори ги задржуваат своите обврски како членови на избирачките одбори, но партиите не повлекуваат пари од Буџетот на Република Македонија. Инаку, јас не можам да сватам, вие не сте неук човек да тврдите дека политичкиот компромис меѓу СДСМ и ВМРО-ДПМНЕ е компромис затоа што ќе си поделите по 300.000 евра. Ако е тоа за вас политички компромис, секоја чест на компромисот.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Трендарилов.

Има збор пратеникот Марија Којзеклиска.

**Марија Којзеклиска:** Благодарам потпретседателе,

Едноставно човек не може да не се вклучи во расправа по овој амандман предложен од страна на колегата Блаже Стојаноски со кој бараме амандманот на Владата за додавање на нов член 192-а да се брише.

Сега, почитувани колеги, едно мое размислување и она што можам да го кажам како прво по однос на овој амандман предложен од Владата кој ние бараме да се брише е дека тој амандман претставува упад во целокупниот концепт на изборниот законик.

Еве ќе ви кажам зошто.

Малку да го вратиме времето назад, хронолошки. На 8 март 2006 година во Собранието на Република Македонија е доставен Предлогот на изборниот законик. Тоа се случува во четвртокот. Во саботата премиерот ги собира сите политички партии во државата, значи тоа е два дена по доставувањето на изборниот законик во институцијата која треба да го разгледува и врз основа на притисоците кои ги имаше од господинот Груевски, Владата на 11 март 2006 година ни го поднесува овој амандман со кој тотално се напушта концептот за професионализација и за вклучување на јавната и државната администрација во изборните органи, па имаме, некој од експертите го нарече, налудничаво решение, јас се согласувам во целост дека е така, со оглед на тоа ако го погледнете самиот амандман имаме претседател од редот на државната, општинската и администрацијата на град Скопје, па имаме двајца членови и нивни заменици од јавната администрација, па еден член од опозиција која на последните избори за пратеници освоила најголем број на гласови, па позиција и бројот и членовите на избирачкиот одбор предложен од страна на Владата го има ваквото решение. И тоа, внимавајте, само за овие избори. Значи, за првите избори. Јас се прашувам кои ќе ни бидат први, први избори од кои ќе почне да функционира изборниот законик. А, бараме да биде вклучена, колку што се сеќавам и министерката рече дека има разлика во концептот меѓу првата и втората фаза, а со овој амандман на Владата го

дотепавме и тој концепт кој постоеше, таков каков што беше.

ВМРО-Народна партија со право смета дека овој член од страна на колегите пратеници треба да биде избришан со поддржувањето на овој амандман.

Ако, почитувани колеги, она што се случуваше овие денови во расправата излезе една нова кратенка ФДИ, тоа се фер и демократски избори, да не ги повторуваме постојано, покрај сите други кои постојат во Република Македонија. Ако од овие фер и демократски избори ни зависи европската иднина на Република Македонија се прашувам дали со ваков состав на избирачки одбор амандманот предложен од Владата ќе можеме да го постигнеме она за кое ни укажуваат, секој ден е многу, по десет пати во денот Европската унија ни укажува дека фер и демократски избори се услов за побрз влез во Европска унија. Сега се прашувам, а треба и вие да се прашате, дали со амандманот на Владата на членот 192-а за составот на избирачките одбори ќе биде постигнат ефектот кој треба да биде постигнат прво заради нас самите, а потоа за Европската унија.

Она што претходните денови се случуваше ние како ВМРО-Народна партија за разлика од ДПМНЕ и од парламентарното мнозинство, со исклучок на некои колеги од СДСМ кои имаат поднесено амандмани на текстот на изборниот законик, ние како ВМРО-Народна партија поднесовме амандмани на тој начин сакавме и настојувавме да се прифатат или да укажеме на одредени решенија кои беа предложени од страна на Владата за кои сметавме дека треба да бидат изменети, значи учествувавме во дискусиите во делот на подобрување на текстот и постигнување на крајниот ефект, а тоа се фер и демократски избори, а за таа цел е поднесениот амандман со кој бараме амандманот на Владата 192 да се брише.

Владата во одреден дел свати дека заради тежината која ја имаат првите наредни парламентарни избори за кои го правиме овој упад со ваквиот амандман, прифати дека одредени решенија предложени од страна на ВМРО-Народна партија се во ред како што е за избор на претседател на Државната изборна комисија да биде со двотретинско мнозинство гласови и оние амандмани кои беа вчера прифатени се во согласност со прифатениот амандман и амандманот дека Државната изборна комисија треба да одлучува во прв степен по приговорите кои ќе бидат доставени од страна на изборните органи.

Да ви кажам искрено сметам дека најголемиот товар на целата дебата ќе го понесе, за жал, министерот за правда, иако амандманите и преговарањата ги врши премиерот односно претседателот на Владата, а Министерството за правда е само еден експонент или ќе го понесе целиот товар на оние преговори и уцени, можам да кажам со право уцени од страна на господинот Груевски за фер и демократски избори.

Со ваквиот амандман предложен од Владата а за кој ВМРО-Народна партија бара истиот да се брише, СДСМ и ВМРО-ДПМНЕ ќе останат одговорни или ќе си го понесат товарот на одговорноста без оглед на тоа дали сакаат или не сакаат за обезбедување на фер и демократски избори.

Никој од овие двајца чинители кои се ставени како членови на избирачките одбори да бидат амнестирани од одговорноста дека некои поединци членови во некој избирачки одбор во некое помало населено место едноставно не ги слушал партиските директиви, постапувал спротивно од укажувањата на партиите, па тоа биле поединечни инциденти. Е, не господа, тука одговорноста си паѓа на вас и дека вие ќе бидете носители на целиот изборен процес колку да го тргате од грбот, не, јас не сум одговорен. Не, ќе си бидете одговорни согласно амандманот на Владата доколку не го разубедиме парламентарното мнозинство да го поддржи нашиот амандман и да се избрише амандманот предложен од страна на Владата.

Постои една основна разлика, почитувани колеги, помеѓу она што го кажа и за кое реагираше процедурално координаторот Чедомир Краљевски помеѓу ВМРО-Народна партија и ДПМНЕ. Ние, за разлика од нив, знаеме кога се државни интереси, кога се партиски интереси, кога државните интереси треба да ги ставиме над партиските интереси.

Јас се согласувам со укажувањето на координаторот дека опозиција не е се така како што некој од колегите од парламентарното мнозинство сакаат да ги стават во ист кош. Има разлика и вие сте свесни дека постои разлика во тој дел, впрочем и некој од колегите дискутираа токму за постоењето на таа разлика.

Она што го кажав конкретно за амандманот, за некој од претходните, а кој се однесуваше токму на овој амандман, значи покрај политичката димензија и упадот кој беше направен во концептот на изборниот законик, под притисок и уцена на господинот Груевски за да дојде до овој амандман, фактичката состојба за мандатот на овие членови, затоа што ќе важи само за првите наредни избори, а се од општинската, а се од државната, јавната администрација, значи оперативната реализација на амандманот дали ќе биде спроведена? Политичката димензија и одговорност на чинителите наведени во амандманот ама на некоја опозициона партија не и беше јасно што е опозиција, што е позиција, па мораше Владата повторно да интервенира и да каже опозиција се тоа и тоа, а позиција е тоа и тоа, еве сега им е полесно, разјаснето е што е позиција, што е опозиција и можат слободно да учествуваат на избори, ама да не бидат амнестирани. И не смеат да си дозволат да бидат амнестирани за доброто на иднината на Република Македонија.

Сите овие дискусии, почитувани колеги, и во однос на амандманот и во однос на политичката тежина која ја дава амандманот не би било толку смешно да не е трагично и за нас останатите пратеници и за граѓаните на Република Македонија и за иднината на Република Македонија и уште еднаш се покажува дека со ваквиот амандман и со ваквите подлегнувања на притисоци, ова не е компромис, да се разбереме, колку и да премиерот Бучковски вели дека е компромис, најверојатно не разликува што е притисок, уцена, а што е компромис или конзензус, значи ниту здружената опозиција ниту здружената позиција едноставно сметам дека немаат ниту желба ниту намера ниту цел да се гради Република Македонија така како што ја зацртавме, значи европската индина на Република Македонија со вакво несериозно однесување, со вакво подлегнување на притисоци и уцени, верувајте ставена е на сериозен тест.

Од тие причини барам од колегите од парламентарното мнозинство, тука не ги издвојувам колегите од опозицијата ВМРО-ДПМНЕ, Либералната партија, ДОМ, господинот Љубисав Иванов - Ѕинго, претставниците на новата Социјалдемократска партија да го поддржат амандманот и овој концепт кој беше предложен од страна на премиерот за таков каков што го предложи составот, да биде избришан.

Уште еднаш повикувам да го поддржат амандманот и да ја покажат волјата за сериозна изградба на Република Македонија како европска држава. Ви благодарам.

(Во 12,57 часот со седницата продолжи да раководи Љупчо Јордановски, претседтел на Собранието).

**Љупчо Јордановски:** Три минути реплика за госпоѓа Ивановска.

**Лилјана Ивановска:** Благодарам претседателе,

Многу почитувана колешке Којзеклиска, јас сакам да ви реплицирам во делот на одговорноста на политичките партии во изборните процеси.

Слободната волја на избирачите треба да ја издигнеме на ниво на светост, затоа што во демократијата слободното изразување на волјата на гласачите е најважната работа во едно демократско општество.

Дека власта е најодговорна во делот на спроведувањето на изборите тоа е точно и не е точно дека парламентарното мнозинство бега од одговорноста за овие избори. Напротив, залагајќи се за решенија во изборниот законик не бегаме од одговорноста за спроведувањето на овој изборен процес, а дека сите политички партии се одговорни за изборниот процес на овие парламентарни избори исто така е голема вистина, затоа што од однесувањето на поединци во политичката кампања, по спуштањето на нивото на кампањата, во однесувањето на поединечните членови на претставници на политичките партии во многу зависи атмосферата во која ќе се изведуваат овие избори. За тоа беше дискусијата дека сите ја сносиме одговорноста во сите избори не само во овие, меѓутоа, овие избори се значајни од аспект на преговорите за членство на Македонија во Европската унија која е приоритетна цел на сите политички партии, меѓутоа во трката за победа е заборавена таа приоритетна цел за сите политички партии, а тоа е полноправно членство на Република Македонија.

За отпочнувањето на преговорите, чистите избори се важни за сите политички партии и затоа велиме дека одговорноста е заедничка на политичките партии, а не само на партиите на власт. Точно дека е поголема во делот на организирањето на изборите, во делот на подготвувањето на изборниот законик и секако атмосферата во која го носиме овој изборен законик е важен за градењето на политичката култура во Република Македонија, а дека предлогот на Владата е компромис, тоа е политички компромис кој е направен за да никој не ја обвинува Република Македонија дека власта ќе прави фалсификат. Визија ви даде ВМРО-ДПМНЕ дека власта се подготвува за фалсификат. Дали тоа и носи добро на имиџот на Република Македонија и на демократските власти од било која политичка партија во Република Македонија. Затоа вакви изјави треба понатаму во Република Македонија да нема затоа што секоја власт е одговорна власт пред се за интересите на Република Македонија и затоа овој предлог е политички компромис во интерес на спроведување на избори на кои нема да се стават под сомнеж исправноста на изборите. Затоа е политички компромис постигнат на преговорите во Владата. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Една минута госпоѓо Којзеклиска.

**Марија Којзеклиска:** Благодарам претседателе,

Почитувана колешке, јас апсолутно се согласувам со вас дека овие избори спроведени фер и демократски се, можам да речам, единствен услов за побрз влез на Република Македонија во Европската унија и затоа се прашувам и се чудам кога велите компромис за овој изборен законик и само за овие избори.
Јас уште еднаш ќе повторам, не беше компромис тоа, тоа беше уцена од страна на Груевски кон Бучковски дека ако не му се ставаат членови во избирачките одбори, ги повлече сите останати барања и се задржа само на ова. Е, тоа не е компромис, тоа е уцена. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Госпоѓо Поповска, имате збор.

**Лилјана Поповска:** Почитуван господине претседателе, почитуван заменик министре, почитувани колеги пратеници.

Јас сакам да се изјаснам и во мое лично име и во име на Демократската обнова на Македонија во врска со предложениот амандман. Независно од тоа што колешката ме спомна, ме прозва, меѓутоа, бев пријавена, мислам дека е редно како политички партии да се произнесеме по ова важно прашање, бидејќи околу ова прашање се кршеа многу копја долг период пред изборите и мислам

дека е навистина важно секој од нас да го каже својот став.

(Пратеникот Александар Флоровски дофрлува од место).

**Љупчо Јордановски:** Продолжете.

**Лилјана Поповска:** Извинете колеги, не знам што се случуваше, изгледа имаше некои знаци за кои што јас не бев свесна. Во ред колега.

Значи, сакам да се изјаснам во врска со ова прашање за учество, или неучество на претставници на политичките партии во избирачките одбори. Нашиот став е доследен и понатаму сметаме дека треба да има претставници и од позицијата и од опозицијата во избирачките одбори заради поголема регуларност на изборите, заради отфрлање на можноста некој да ги прогласи изборите за нерегуларни. А со самото инволвирање внатре на самото место на изборите, на избирачкиот процес такво нешто би било спречено. Значи, од тие причини јас сакам да го кажам нашиот став во случајов негативен за амандманот на колегите. А од друга страна уште еднаш во подршка на амандманот на Владата со кој се постигна компромис помеѓу она што го бараа повеќето опозициони партии.

Инаку, јас морам да кажам колеги, не ми е јасно зошто една опозициона партија не прифаќа претставници од опозицијата да бидат во избирачките одбори. Еве и ние како ДОМ нема да имаме веројатно онака како што е дефинирано, нема да имаме наши претставници во избирачките одбори. Меѓутоа, сепак ми е поголема веројатноста дека ќе има подобра контрола ако меѓу себе се контролираат претставници и на позицијата и на опозицијата. Затоа што сепак, имаме лошо искуство. Да потсетам уште еднаш, во 1994 година на парламентарните избори исклучиво администрација имаше во избирачките одбори и го имавме вероватно најголемиот фалсификат што Македонија го помни. Во 1996 година беше слична состојбата тогаш и на локалните избори имавме исто такви пробелми со администрацијата во избирачките одбори. А од друга страна и 1998 година и 2002 година ког аимаше претставници од политичките партии и тоа исклучиво од политичките партии во избирачките одбори се одржаа избори кои што беа оквалификувани и од домашната и од странската јавност како демократски и фер и поминаа со најмалку нерегуларности од сите други години. Затоа тргнувајки од тоа искуство и тргнувајки од некоја логика која што еве, мене ми држи, јас се произнесувам на ваков начин. Инаку , сите ние сакаме да се приближиме кон европските стандарди. Се спомнува дека во голем број европски земји има исклучиво администрација во избирачките одбори. Да, меѓутоа, постојат и европски земји каде што има и мешан состав, или каде што има политички партии во избирачките одбори. Значи, не се спорни сите решенија. Прашање е на избор на нас како политичари да процениме кое е она решение кое што ќе биде најдобро во нашата македонска ситуација, во нашата македонска реалност. А претпоставувам сите ќе се согласиме дека во нашата македонска реалност администрацијата сеуште не можеме за жал, да ја третираме како потполно департизирана и деполитизирана. И од тие причини ние најголемите забелешки всушност ги имаме и од наши експерти и од надворешни експерти токму на тој процес на департизација и деполитизација на администрацијата кој што треба силно да се забрза. Затоа мислам дека не е реално да се очекува на овие избори дека преку ноќ за месец, два, или три одеднаш целата администрација ќе ги извршува максимално професионално своите обврски во избирачките одбори, а ќе одбие да биде употребена како партиска војска. Се разбира, притоа јас сакам да им се извинам на сите оние претставници на администрацијата кои што си ја вршат максимално професионално својата работа и навистина се деполитизирани и професионално и на изборите веројатно ќе си ја извршат својата обврска. Меѓутоа, сепак, нема гаранција дека тоа ќе биде 100% токму така. Затоа мислам дека ова компромисно решение навистина беше добро, беше логично и добро е што Владата имаше разбирање за барањето на поголемиот дел од опозицијата и што излезе со ваков компромисен предлог. Затоа што искрено наша заложба на ДОМ е овие избори да бидат максимално коректни, максимално транспарентни и на крајот сите заедно да оцениме дека биле фер и демократски и сите заедно да ги признаеме резултатите, независно колку на некои од нас ќе му се допаѓаат, или нема да му се допаѓаат.

**Љупчо Јордановски:** Три минути реплика пратеникот Спиро Мавровски.

**Спиро Мавровски:** Благодарам господине претседателе, почитувана колешке Поповска, вие не носите во една ситуација како опозициона партија во она што вие не верувате, ние треба да веруваме. Зошто го размислувате тоа така, јас не сум сигурен. Но, ќе се обидам да ви објаснам. Ако некој не верува во изборните органи во кои што ќе биде комплетна државна, или јавна администрација, зошто ние би верувале во некој што би вршел контрола од опозицијата, а е член на ВМРО-ДПМНЕ каде што гледаме дека ВМРО-ДПМНЕ во овој момент единствениот противник го гледа во ВМРО-Народна. Мислам дека тоа чувство ако вие верувате, ние на сите вас треба да ви веруваме, или пак треба да го прифатиме мислењето на господинот Груевски дека ВМРО-ДПМНЕ претставува всушност 96%, или 99% од опозицијата и тогаш не знам во чие име вие говорите како ДОМ, или ние ќе говориме како опозиција ВМРО-Народна и тука приказната завршува. Тогаш можеме сите слободно да се тргнеме од овие избори, да го прогласиме победникот пред да почнат изборите и сите да бидеме задоволни дека тоа е регулирано.

Во однос на државната и јавната администрација, јас сега јавно ќе ве прашам, а се надевам дека и оние членови кои што ќе бидат во избирачките одбори предложени од опозицијата и од

позицијата воедно се членови, или вработени во државната и во јавната администрација. Дали тоа значи дека после тоа тие членови апсолутно никогаш повеќе не ќе можат да бидат бирани во избирачките одбори. Дајте да проговориме и за тоа. И ако сите заедно во вашите дискусии во првиот дел во она каде што сите се сложивме дека ќе најдеме најдобар закон, а јас во мојот говор понатаму ќе ве потсетам што вие всушност баравте за овој втор дел и конечниот изборен законик и со што сега сте задоволни. Мислам дека апсолутно не е никакво правило, затоа што тука имаше многу амандмани за кои што и вие се залагавте во првата фаза, но воопшто не учествувавте и не дадовте придонес тие да станат составен дел на изборниот законик. Се задоволивте само со избирачкиот список и тоа говорам во мое лично име, кај мене прави еден сомнеж дека намерите не се чисти и дека тоа што вие некому не верувате, не терате сите ние останати да ви веруваме. Дали е тоа така, ќе покажат изборите.

**Љупчо Јордановски:** Една минута госпоѓа Поповска.

**Лилјана Поповска:** Почитуван колега Мавровски, јас не можам да тврдам дека во некого верувам апсолутно, а ниту имам намера вас да ве уверувам во некого да верувате. Меѓутоа, јас верувам во логиката која што ми кажува дека подобро ќе се контролираат двајца противници и главни конкуренти на изборите и дека на тој начин сите ние учесници во изборите ќе имаме поголема гаранција за фер и демократски избори. Еве вака на еден едноставен начин би одговорила без да навлегувам во детали.

**Љупчо Јордановски:** Три минути реплика господинот Краљевски.

**Чедомир Краљевски:** Почитувана колешке Лилјана, проблемот е тоа што вие веќе во старт ги определивте кои се двајцата противници и најголеми конкуренти. Јас не би се сложил со вашето мислење. Според мене, во денешни услови какви што владеат во Собранието во распоредот на силите во Собранието помеѓу пратеничките групи, а особено по донесувањето на Одлуката на Уставниот суд со која се дозволува пратениците ако припаѓале на одредена политичка партија во меѓувреме да ја сменат политичката партија, или да бидат независни. Значи, се создадоа услови во Република Македонија да не постојат, или во овој момент да не може да се создадат критериуми за да се определи која политичка партија е најголема опозициона политичка партија. Значи,нема критериуми. Во овој момент не можат да се создадат критериуми заради претходните причини што ги наведов. И изборите не би биле фер и демократски ако однапред се фаворизира, значи априори се определува одредена политичка партија да и се даде квалитетот најголема, или најзначајна политичка партија на страната на опозицијата. Отука го извлекувам заклучокот дека не се во право. Бидејки кога викате, зошто да не и се даде шанса, еве конкретно на ВМРО-ДПМНЕ да биде таа најголемата опозициона политичка партија што ќе учествува со свој член во избирачките органи. Тоа не може да биде затоа што однапред се фаворизира таа политичка партија. И од тука изборите не можат да бидат фер и демократски. Ако навистина на последните парламентарни избори брендот, или опаковкатаво која е сместена некаква суштина, остане иста, или се земе како релевантна, а во таа опаковка не постои веќе таа суштина. Значи, во таа опаковка се наоѓа некаков "нов" квалитет, а тој квалитет што бил спакуван во таа опаковка претходно во 2002 година на парламентарните избори ја сменил сопствената опаковка и поминал во некоја друга политичка партија, тогаш каде е суштината, каде е реалноста? По кој критериум ќе го одбереме најголемиот опозиционен блок, односно најголемата опозициона политичка партија?

**Љупчо Јордановски:** Една минута госпоѓа Поповска.

**Лилјана Поповска:** Почитуван колега Краљевски моето првично залагање беше во избирачките одбори да има исклучиво претставници на политичките партии, без администрација. И на тоа инсистиравме како ДОМ и со прес конференции и со образложенија, дебатиравме долго време. Меѓутоа, за жал, Владата даде еден сосема спротивен предлог. И затоа ова решение,овој компромис што сега е предложен од страна на Владата е токму тоа, компромис. Тоа е помало зло од она претходното да има исклучиво администрација во избирачките одбори каде што нема да имаме буквално никаква гаранција дека некој со некого ќе се контролира. Тоа е тоа. Мислам дека е сосема логично ова што го тврдиме и затоа има логика апсолутно.

**Љупчо Јордановски:** Јас имам реплика.

Ценета колешке Поповска, денеска го искористивте зборот компромис. Ќе ве потсетам пред неколку месеци што рековте во една реплика. "Блазе си ви" некогаш тоа се нарекуваше партиска директива, а сега тоа се нарекува: лидерски договор. Она што е направено со предлогот на Владата со амандманот е лидерски договор. Разликата е во тоа што госпоѓо Поповска вие сега сте лидер на некоја партија и учествувавте во еден таков договор. И затоа сега тоа го велите компромис, а не лидерски договор, кој што го напаѓавте, а не го третиравте тоа пред неколку месеци како еден компромис. Јас се надевам дека дел од вашиот сон е остварен да учествувате во рамките на такви лидерски договори и да носите одлуки за граѓаните на Република Македонија. Она што лесно се заборава што е кажано пред неколку месеци на овој начин ви дава за право дека вие ќе успеете во политиката, а кога ќе дојдете до врвот на политиката, јас се надевам дека нема да бидам учесник во политиката.

Една минута контра реплика госпоѓо Поповска.

**Лилјана Поповска:** Почитуван господине претседателе, јас само сакам да правиме сите разлика помеѓу компромис и прифаќање на

одредена директива која што може да биде на штета на народот и на државата. И мојата реакција тогаш се однесуваше на ова второво.

**Љупчо Јордановски:** Има збор пратеникот Александар Флоровски.

**Александар Флоровски:** Почитувани пратеници, колеги од опозицијата, добродојдовте. Мислам дека претседателот направи еден превид. Гостите кога доаѓаат по македонските обичаи се пречекуваат со леб и сол. Многу ми е жал што не ве пречекавме со леб и сол, за добродојде и учество во разговорите по изборниот законик. Но, што да правиме, состојбата е таква каква што е и тука за жал не можеме да направиме буквално ништо, говорам за политичката партија на која и припаѓам ВМРО-Народна партија. Но, политиката е валкана работа, прљава работа и човек ако не се снајде во таа работа може да се надева само на една работа, а тоа е на можен крах.

Сведоци сме дека,не само деновиве, туку и во изминатиот период кој датира после Новата Година 2006 се случија многу работи, многу валкани работи, многу задкулисни игри, многу договарања, преговарања, надмудрувања, да не кажам и уценувања. И во таа игра јас колку што сум информиран ВМРО-Народна партија немала некое посебно учество, или ако имала, тоа било толку маргинално и небитно што не може ништо да измени во политичкиот договор, или дил кој настана меѓу позицијата и пред се најголемата опозициона партија, затоа што премиерот вчера така се изјасни. И тоа е факт кој не можеме да го избегнеме, сите ние влеговме како пратеници на ВМРО-ДПМНЕ, но настана онаа поделба меѓу нас чиј антагонизам го гледате и тука исто така не може ништо да се направи. Работите стигнаа толку далеку што едноставно јазот не може да се премости.

Јас сум 16 години во политичките води и да ви кажам после 16 години не можам да сватам буквално што се случува . А се сметам себе си за доволно интелегентен за да ги почувствувам работите. Денеска верувајте не можам да сватам што е тоа што се случи и што ќе се случува. Можеби тоа се должи на некои други работи, може тоа е личен проблем, може менталниот склоп ми е толку. Но, верувајте чувствувам дека се игра толку прљаво и толку валкано, а тоа денеска во Европа не верувам дека ќе го сретнете освен во Белорусија, такви работи можете да најдете во Јужна Америка и во некои Афрички земји. За жал, тоа е рангот, тоа е политичката клима, тоа е состојбата со политичките партии во Република Македонија.

Значи, се се сведе на обичен пазарлук, ако може така да го крстиме, а јас имам еден друг израз кој е соодветен на настаните кои денес ни се случуваат таканаречениот политички дил и договор, го прекрстив во политичка проституција. Но, бидејќи во политиката нема вечни пријателства, туку има само вени интереси, сватлива ми е и оваа категорија која денес ни се случува во Република Македонија. И, при една таква политичка клима, ние господа, сакаме да одиме на едни фер и демократски избори, кои пак е кажам дека не сум оптимист дека ќе можете да ги спроведете. Но, цехот ќе го плаќаме сите ние како чинители, како жители, како граѓани на Република Македонија, со тоа што ќе добиеме црвен картон за она што значи наш македонски стремеж, за она што значи стремеж на идните македонски генерации, чиј товар и бреме го носиме денес ние, утре некоја друга политичка гарнитура, некоја друга политичка влада и се плашам дека си ги сечеме гранките на кои седиме.

Штом работите дојдоа да диламе меѓу себе, не да продаваме опојни средства, туку да продаваме нешто друго за друго, да не бидам прегрубо сфатен. Работите не ни се одвиваат во добар правец и после седум или осум дена на дискусии и мачни атмосфери и меѓусебни навредувања и викање едни по други, денес некој ни дојде на готово и ни продава памет колку се умни, колку се паметни и тн. Но, јас пак ќе кажам битно е да се стигне до одредената цел. По втор пат од оваа говорница ќе го спомнам Макијавели дека целта не ги бира средствата. Значи, не се бира ништо да се стигне до одредената цел, дали се работи за трка на 100 метри, дали се работи за добивање на власт не е битно, туку битно е да се седне на одредена фотелја за да може утре не толку да се спроведе одредена политичка програма која ќе понуди благодет на овој напатен народ, да не бидам патетично сфатен, туку да се извлече нешто за себе. Тоа е една страшна ситуација и во една таква работа лично јас никогаш не би сакал да уествувам. Сметам дека образот кој треба да го ставиме на сопствените деца е многу голем залаг за да влеземе во валкани работи, за да утре некој покажува на нашите деца, да тој е синот, тој и тој што направи, тоа и тоа. Значи, образот е многу битна работа, честа е многу битна работа. Тоа, за жал, беше тредиција на македонскиот народ, но веќе не постои таква работа, од едноставна причина што настанаа огромни турбуленции, дојде повеќепартискиот систем. Прво, се оутуѓивме од своите, па се отуѓуваме и како народ со самата политичка припадност. Политиката не ја сфативме како борба на мислења, туку ја сфативме политиката како борба на лични интереси. И додека тоа не се промени, јас познавајќи го менталитетот барем на сопствениот народ не сум баш убеден дека во следните две или три декади ќе настане таква работа. Но, што е тука, тука е, не сме моќни да направиме нешто, освен да имаме моќ да се промени тој ментален склоп кој живее во сите нас. Зошто овој амандман од Владата е понуден само пет дена после добивањето на законот за изборниот законик. Тоа е, господа, прашање кое директно ви го упатувам до вас, затоа што имаме член 192, а вие ни нудите по членот 192 да се додаде нов член 192-а кој гласи и да не ви го цитирам. Се состои од седум точки, па би сакал доколку сте расположени и имате добра волја, да ми одговорите зошто во основниот текст го немате инкорпоирано, вградено, запишано и понудено на нашите маси, туку ни го

давате после пет дена. Што се случи во тие пет дена? Што е тоа фамозното што се случувало? Тогаш се договараа сите работи кои требаше да се договорат, притоа неводејќи сметка дека постојат и други опозициони партии. Можеби е наш проблем што наседнавме на одредени блефови, но јас реков цехот некој ќе мора да го плати. Кој ќе биде тоа, ќе видиме на изборите или на 5 јули или кога ќе ги закаже владеачката каста, а веќе тоа не е ни толку битно и гледам дека атмосферата веќе не е таа која што беше. Но, доследен на своите принципи до последниот момент ќе зборувам онаму каде што сметам дека треба да говорам и од тоа нема да отстапам. Значи, нешто се случи меѓу тие пет дена, некој договор кој јас лично не го знам, а и моите колеги од ВМРО-Народна партија кога разговараме, не знаеме што се случуваше. Секако, мислам надвор од овој Парламент. Дали на некој ручек, на некоја вечера, на некои тајни средби. Кој кумуваше на сето тоа, неможам да кажам, не сум видел, но дека нешто е договарано и договорено, говори и самиот амандман кој го давате со пет дена задоцнување. Затоа, политичкиот дил го нареков политичка проституција или македонски кажувам да ме разбере целиот македонски народ, ќе ме извините на изразот политички курвалук. Штом паднавме на толку ниски гранки да се пазариме за се и сешто. Овој законик ми личи како за еднократна употреба. Можеби при некој иден парламент ќе носи некој нов законик за следните избори и јас многу пати кажувам од оваа говорница дека изборниот законик мора да има век на траење барем 20 до 30 години. Ние секогаш носиме закони кои секогаш траат за една употреба, а не се за еднократна употреба. Зошто е тоа така, не знам, но се се сведува повторно на она што јас го говорам, како да се стигне до целта. Се е во таа функција. Се е во функција да се брцне раката во теглата со медот и да се лизне. Сите што се шлепуваат се надеваат дека ќе брцнат макар со малиот прст, па ќе лизнат од медот. Тоа е вистината. Мора еднаш јавно да проговориме дека таа е вистината и друга вистина не постои. Да престанеме да го маткаме народот, да го замајуваме, ред е еднаш чесно и отворено да се проговори за работите.

Ќе се вратам на овој амандман за кој можам да ви говорам најмалку три саати, но не сакам толку да ве замарам. Правев една математика моја, а можеби и претседателот ќе ме исправи некаде, затоа што е дефинитивно од мене подобар математичар и од многу овде присутни од нас, бидејќи тоа му е струка, занает му е.

**Љупчо Јордановски:** Имам јас и други занаети, само не ме слушате, тоа е проблемт.

**Александар Флоровски:** Говорам за она за што сте експерт, претпоставувам, дека и за друго сте експерт, но еве како факт секогаш го истакнувате дека сте експерт по математика и верувам дека е така. Нема причина да не ви верувам. Јас секогаш на луѓето сакам да им верувам. Ако ме излажат, значи има проблеми.

**Љупчо Јордановски:** Да ги чуеме бројките, па ќе ве испитам, ќе ве тестирам.

**Александар Флоровски:** Договорено. Јас секогаш сум бил слаб математичар и тоа можам јавно да го признам и никогаш не ме интересирало. Ме интересирале општествените науки, не природните науки. Еве, јас сум отворен. Значи, во точката 3 од членот 192-а вели вака "Еден член во избирачкиот одбор и неговиот заменик се именува на предлог на политичките партии во опозиција, кој на последните избори за пратеници остварил најмногу гласови". Тоа е во случајот политичката партија ВМРО-ДПМНЕ. Зашто, ние како пратеници влеговме во ВМРО-ДПМНЕ, а потоа настана таа политичка делба. Секој си се определи онаму каде што смета дека постои некоја идеологија, постои некое национално размислување. Јас се определив за ВМРО-Народна партија, сметајќи дека во таа партија живее и македонската кауза. Тоа е тоа што ме влече, ништо друго, ништо посебно, ниту сум ја уценувал сопствената партија утре да бидам нешто, ниту имам намера да уценувам, а можам и без политиката да живеам. Но, тоа не е ваш проблем, тоа е мој личен проблем. И, направив една проста математика. Ако на 2935 гласачки места, не знам колку се, ако меѓувремено не се отворени некои нови, партиципираат по двајца претставници од опозицијата, тоа ќе биде ВМРО-ДПМНЕ и партиите со кои ќе се договара. Не говорам за парите, во евра нема да претворам ништо, а тоа не е предмет на дискусија, парите, туку говорам за една проста математичка прогресија. Ќе имаме член и заменик, значи ако имате 2930 гласачки места по двајца луѓе, тоа се 5860. И, по една проста математика проста математичка прогресија, ако ги помножиме по 3, во старт тие политички партии ќе имаат 17.580 гласови, тоа е во старт. Затоа што, по логика на нештата ако јас учествувам во избирачкиот одбор ја влечам и сопствената фамилија. А, тука ќе имате 5860 партиципиенти, член и заменик. Ако нив ги помножиме по тројца ја даваат бројката од 17.580. Нека не бидат тројца, да ги помножиме по двајца, па една голема стартна позиција која се дава на опозицијата претставена од ВМРО-ДПМНЕ и партиите кои се со нејзе, притоа ние сме тргнати на страна и нас кој не есапи, не е ни битно.Истото ќе се случува и кај вас. СДСМ во договор со политичката коалиција која ја има, ќе ја има истата бројка која ќе ја има и опозицијата. Значи, веднаш во старт ни бегате со две скалила. Работите веќе се доведуваат под знак на прашање, колку се фер овие избори кои ќе се случуваат. Значи, во случајот 13 пратеници, кои макотрпно се борат овдде шест или седум дена, за да утре идејата на оваа политичка партија која ќе биде промовирана пред македонската јавност донесе поголем број на пратеници, ние во стартот сме хендикепирани со бројот на гласови кои се факт, кои опстојуваат. Парите не се во прашање, во прашање се гласовите, кои ако ги помножите со парите кои ќе ги добиете како гласачи, не знам на колку доаѓа на 15 или на 30 денари по бројот на

гласови. Значи, покрај тие пари што ќе ги добијат како членови на избирачки одбор, а и гласовите кои ќе ги собереме вкупно овде, кои во старт веќе ги имаат, а за нив се плаќа по 15 денари беше на времето, сега не знам колку се. Дали е тоа исто? Ајде направете една проста математика колку ќе се зголеми контото на политичката партија. И, сега, ние како политичка партија, како ВМРО-Народна партија каде сме во целата оваа игра. Значи, ништо не говорам напамет, говорам аргументирано, во старт ни се кине една нога. Со една нога не можеме да одиме во трка, не можеме да трчаме со вас ниту со најголемата опозициона партија, еве како што стигна и дописот, нека биде и така, а времето ќе каже дали е така, не можеме да се тркаме и не ни даваат еднакви шанси. Стартните позиции не ни се исти, ја немаме таа експлозивност од почеток. Значи, се случуваат две работи и зголемување на партиското конто и по една и по друга основа и како членови на избирачките одбори и како добиени пари од гласовите. Притоа, овие луѓе ќе бидат директни учесници во изборниот процес, а ние е имаме посматрачи кои права ги имаат, да не ви ги објаснувам, ја знаете која е улогата на посматрачи. Улогата на посматрачот се сведува да пишува цртички и да ги пречкртува како на табланет. Тоа е улогата на посматрачот. Не доведовте во една таква ситуација, но можеби не сте биле доволно мудри, не ја сфативте цела игра навреме и после Цацко ни е крив. Сигурно тој ни е крив, па пиел виски, а некој друг ќе пие обична вода од чешма. Тоа е животот, не извлековме поука и тука нема лутење. Политиката е бескурпулозна работа, гази преку жртви, гази преку мртви, преку се што стигне, за да се стигне до целта наречена добивање на политичка власт и сите привелегии што идат заедно со политичката власт.

Овде се говореше на широко и на долго дека сите ја сносиме одговорноста. Еве и јас да бидам самокритичен и јас некаде ја спомнав таа работа можеби во два три наврати, што значи јас сум и самокритичен, а тоа е големината на човекот. Но, гледајќи ги сите овие работи кои што се случуваат треба да се преиспитаме сите ние и целата одговорност не да се лоцира на сите политички чинители, туку на лидерите на политичките партии кои се договарале или политички се проституирале или правеле политички пазар, да не кажам политички курвалук. Некој ќе каже дека во политиката се е компромис, но овој политички компромис кој денес се случува т.е. деновиве се случувал, ми мириса,  да ви кажам, има некој чуден вкус, вкус на горчина во сопствената уста или смрдеа, реа од кочина. Да, господа, такви се работите. За жал, така стојат работите. Очигледно дека нашето говорење во овие шест седум дена овде никој не го сфаќаше сериозно, а ние укажувавме на многу работи, зошто некој не ја сфати сериозно работата мене не ми е јасно, па вчера ни стигнаа два нови дописа од Владата, кои исто така се интересни како предмет за анализа. Зошто се подметнува кукавичко јајце во последен момент, некои работи ми се јасни, а некои допрва ми се разјаснуваат. Очигледно прегледувам како мачињата кога ќе се родат и покрај 16 години некои работи не научив, но тоа е мој проблем. Еве, веќе ги гледам и ги учам тие проблеми. Значи, политичкиот компромис кој го правевте, т.е. кој го правеа, вие претпоставувам дека не учествувате, вас ви е само наредено што да направите, политички компромис една работа, а политички договор е терминолошки збор  од компромис до договор се две различни работи. Компромис значи отстапки на некои работи, а договор е она што сите заеднички ќе се договориме. Сите партиципиенти овде во македонскиот Парламент на јавна сцена, она што значи матични комисии, па и експертски мислења, па и јавни мислења од јавни личности, а тоа значи и седнување на маса, ставање хартиите и тефтерите на маса и дајте браќа да се договориме, затоа што цената и залогот е премногу крупен, треба да го лапнеме, а притоа да не се  задавиме.

Цената е Европската унија, барем предворието, есеко мостот е голем, денска е уште поголем тој мост, дури крајот не можеме да му го видиме. Се намаше слух, се немаше сенс, се немаше чувства и работите ќе се одвиваат претпоставувам онака како се договориле, онака како што ќе одлучи мнозинството во овој Парламент. Јас работите ги прифаќам такви какви што се, тоа е волјата на македонскиот бирач во 2002 година, прераспоредот на силите. Тука  апсолутно нема лутење затоа што изиграна е една обична покер варијанта, а покерот го играм добро и ако на маса имате пет мина или шест мина колку вообичаено играат, и ако се двајца договорени тајно тие двајца останати кои се останати или тројца немаат теоретски шанси да добијат затоа што картите секогаш ќе им бидат наместени. Во најмала рака маркирани или наместени и нема теоретски шанси ниедна паритја да добие. Значи, се наоѓаме во една таква ситуација и пак ќе кажам, не можеме ништо да промениме. Врзивното ткиво меѓу СДСМ и ВМРО-ДПМНЕ е дефинитивно направено. Што ќе се случува после јулските или септемвриските избори ќе видиме, времето ќе каже, живи и здрави да бидеме сите.

Но реално да ви кажам. Само за една работа ми е жал. Оние денеска кои што се нарекуваат најголема опозициона партија олицетворена во ликот на ВМРО-ДПМНЕ, во таа партија од денот на основањето 17.06.1990 година, деветти член на таа партија, да не кажам основач, а многу малку има такви кои останале во политиката. Сите се лево-десно рашутkани. Го наследија луѓе апсолутно немаат врска со ВМРО, со каузата на ВМРО, со она што значи македонски генетски код олицетворен во ликот на ВМРО-ДПМНЕ како наследник на старото ВМРО. Имате една нова варијанта или нов тип на ВМРО-овци кои се нарекуваат со името ВМРО-ДПМНЕ, но се работи за луѓе кои далеку се од идејата на ВМРО старото, а да не кажам уште подалеку од она што значи идеја ВМРО-ДПМНЕ.

Собрани и претворена во група на технократи кои чекаат само да лизнат од медот, но времето ќе каже, изборите ќе кажат дали тоа ќе биде така.

Тука би завршил, благодарам што ме сослушавте, што имавте трпение 27,35 минути, претседателе благодарам за отстапеното време. Толку би имал да кажам по овој член, а ако има потреба по она што го нудиме како замена на членот 192-а, 192-б можеби ќе земам збор, можеби немам да земам збор, но тоа не е битно. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Флоровски, бидејќи ветив дека ќе ја проверам вашата математика, ја проверив додека ја излагавте и можам да кажам дека вашата математика е точна бидејќи е ваша, не е моја. Но несвесно вашата математика некако дава сомнеж дека не сте демократи, затоа што на пример ако сте вие член на избирачки одбор дали тоа значи дека вашата сопруга и вашите деца треба да гласаат исто како вие. Затоа мојата математика множена со 2 и со 3 не е токму таква и математичарите тоа им е единствено цела област каде што различните интерпретации на математики или сфаќања на математика, ја дефинира како квази логика.

Повелете, имате право една минута реплика.

**Александар Флоровски:** Што се однесува до математиката претпоставувам дека барем во овој сегмент на простата математика положив, а што се однесува до мојата демократичност кај мене во фамилијата владее еден дух кој го гаиме не од сега, не од постоењето на ВМРО-ДПМНЕ повеќепартискиот систем. Тоа е генетски код на мојата фамилија и секој оној кој што влегува во мојата фамилија по сила на нештата и по сила на аргументите размислува онака како што размислува целата фамилија. Јас немам намера мојата сопруга да ја земам под рака и пред мене да гласа, гласај за ВМРО Народна партија. Она го прави тоа со сопствена волја како член на истата таа партија, а и мојата ќерка и мојот син кои исто така се членови на ВМРО Народна партија и имаат право да гласат бидејќи се полнолетни.

**Љупчо Јордановски:** Ве молам, доволен ми е зборот "по сила на нештата".

Господине Мавровски повелете имате збор.

**Спиро Мавровски:** Благодарам господине претседателе.

Почитувана министерке, почитувани колеги,

Еве, ќе се обидам да го искоментирам ова што е Предлог на амандман од господинот Блаже Стојаноски, бришење на членот 192-а кој го добивме од Владата на 13.03.2006 и со кој што се ова што досега го работевме падна во вода. Значи, сите оние наши дискусии, сите наши договори и приближувања кон Европската унија наеднаш некој го стави под сомнеж и ни објасни што од сето тоа ние треба да прифатиме и на тој начин да стигнеме, како што почитуваната колешка Поповска кажа до компромис и тука се ќе биде во ред. Сега, како што кажува претседателот можеби не е тоа компромис, можеби е директива, но јас ќе прашам нешто. Што со наредните избори, затоа што претпоставувам дека тогаш нема да има компромис, затоа што овој закон што сега го носиме ќе биде дел од она општествено живеење во Република Македонија и тогаш можеби истите тие што денеска, да не кажам "плачат", но сепак плачат ќе кажат дека сето ова е во ред дека имаме ситуација во која што ние ќе бидеме задоволни со овој изборен законик кој го донесе еден Парламент за кој што ние цело време бевме против. Станавме за во оној момент кога се прифати еден единствен услов.

Еве, денеска многу од колегите ги поздравија пратениците од ВМРО-ДПМНЕ, јас имав можност да го поздравам господонот Ѓорѓи Паљошковски кој е тука во собраниската сала и му благодарам за неговото присуство и вниманието со кое што ќе ја следи дискусијата. Останатите господа сигурно се некаде низ зградата на Парламентот и ја слушаат оваа дискусија. Јас сега ќе поставам неколку прашања и дилеми, се разбира дека во понатамошната дискусија очекувам одговор на истите и се надевам дека ќе ги добијам.

Значи, ако ВМРО-ДПМНЕ и тоа со помош на уцена доби контрола во избирачките одбори, а таа контрола не знам како ќе биде кога од пет членови на избирачкиот одбор еден е од ВМРО-ДПМНЕ, значи тоа претставува една ситуација во која што се е во ред, се е регуларно и тука апсолутно никој од нас не треба да искаже некаков сомнеж.

Но, никој не си поставува прашање што со другите партии или сите тие треба да веруваат на ВМРО-ДПМНЕ. Вие не верувате на никого, а на вас треба да ви верува секој. Тука е таа дилема што ни се јавува цело време, но премногу добро се познаваме и знаеме за да ова ни изгледа многу сериозно, во старт целата оваа ситуација е премногу сериозна и вашиот проблем што стана и наш проблем, значи вие можете сериозно да разговарате и со СДСМ и со ДУИ и со нови партии од албанските субјекти, и со секого во Република Македонија, само не можете да разговарате со ВМРО Народна партија.

Се ова што го предлагате и се ова што го правите е токму да се елиминира ВМРО Народна партија и од избирачките одбори и ако е можно и од Република Македонија. Што е целта не можам да знам, се надевам дека ќе имате можност тоа да ни го објасните, но јас сега ќе прашам, тука е министерката, очекував ВМРО-ДПМНЕ во многуте амандмани кои што ВМРО Народна ги предложи да ни се приклучи барем со дискусија, ако не и со поддршка, или да ги демантира. Се надевам дека не може да ги демантира затоа што голем дел од нив беа содржани во првобитната дискусија и она што ви го предлагавме на вас госпоѓо министерке во првата фаза и тие се дел од овие забелешки што беа прифатени. Она што не беше прифатено на ВМРО Народна си зеде за право овие 60 амандмани кои ги предложивме да продискутираме. Се покажа дека ВМРО Народна партија и вашето прифаќање на еден дел од тие амандмани донесе еден подобар текст на законот. Се надевавме дека доколку се прифатеа уште

неколку клучни амандмани ќе имавме ситуација со која што ќе стигневме сите до она што го сакаме. Но, еве тоа не се случи и сега мене ми е чудно, затоа што во првата фаза тука слушавме дискусии од колегите на ВМРО-ДПМНЕ дека најважната работа е како ќе се обезбеди гласањето за странците, како тоа ќе го оставиме во закон, како тие ќе треба да гласаат по нашите претставништва, дали се амбасади, конзулати или други места и дека тоа е најклучната работа која што треба да се обезбеди за да добиеме фер и демократски избори. Но денеска не слушнав ниеден збор, тие едноставно се задоволни со ова решение каде што нив ги нема никаде.

Понатаму, втората нивна забелешка беше изборниот законик. Изборниот законик за кој што толку се креваше врева и кој што на нивни предлог, значи се побара да се формира една комисија која што комисија ќе го прегледа и ќе го прочисти избирачкиот список. И, за жал и вие сте сведоци како Министерство за правда на тој прв состанок нивниот претставник имал толку многу обврски и работа така што не стигнал ни да стигне на тој состанок, имало многу снег. И, тоа ме потсеќа многу на она наше делегатите кога требаше да стигнуваат на Конгресот на АВНОЈ, но еве ги завеа некаде меќава и не стигнаа ни да кажат што се случи. Сега во Скопје мислам дека градоначалникот ако ништо повеќе барем ги чистел улиците до Клубот на пратеници и тие можеле да стигнат, но за жал не стигнале и таа Комисијата според моите сознанија апсолутно не проработи затоа што денеска немаме прочистен избирачки список. И, повторно некој ќе си земе за право и ќе си дозволи, се разбира од успехот или неуспехот на овие избори повторно да го коментира тој избирачки список, повторно да се бараат тие 200 илјади луѓе кои што се евидентирани или не се евидентирани, тие се причината за победата или пак за неуспехот на изборите.

Значи, можеме да кажуваме се и сешто, но кога треба да направиме нешто не правиме ништо. Тука е основната поента во она што јас како парламентарец, како претставник на народот ја гледав цело време и цело време укажувам на тоа. Не е битно кој каков закон ќе донесе. Тие закони во основа се добри затоа што се преземени од некаде, затоа што тоа функционира во Европската унија, но ние имаме еден проблем во тоа што значи после тоа спроведување на законите и тоа ни оди многу тешко. Тоа ни оди многу тешко, дефинитивно со добивање и претставување на подзаконски акти, со добивање и претставување на ситуација во која што и после една година ги немаме донесено тие подзаконски акти, па сега ќе бараме повлекување на некои закони, затоа што тоа не сме го направиле, а ние сме на прагот на избори и ова не сме го направиле.

За мене тоа е круцијална работа.

Понатаму, тука се слушна дека господата од Државната изборна комисија не можат да прифатат апсолутно ако во ДИК не бидат судии. Еве, во ова решение нема судии, па не слушнав ниеден коментар дека сето тоа сега ќе направи една паника, ќе направи нерегуларност во изборите, дека судиите исто како државните службеници се тие кои што се поллитички опструирани, дека имаат можност за политичко влијание. Тоа сега никој не го кажува, битно е дека имаме еден член во избирачкиот одбор. Со тоа треба да почнеме и да завршиме. Со тоа сите наши барања се завршени. Господинот Трендафилов спомена добро, значи од сите овие избори ние имаме милион евра кои треба да ги поделат две политички партии. За разлика од опозицијата, за која што апсолутно немам намера да плачам, ниту да му објаснувам на некого што и како, само ќе кажам една работа. Позицијата најде доблест и едноставно избирачките одбори ќе бидат претставени од претставници на сите политички партии кои учествуваат во позицијата. Кај нив апсолутно нема дилема, но ние како опозиција, јас кажав, може да учествуваат сите, оние што сега формирале партии, ама не се ВМРО Народна партија. Тука е основниот проблем.

Мислам дека ќе најдеме доблест и преку тоа да преминеме затоа што, како што кажа господинот Чедомир Краљевски ние сме она што е суштината, сето друго е друго.

Значи, ние сме тука, суштината е тука, она што значи ВМРО-ДПМНЕ е ВМРО Народна партија и тоа веќе на секого му станува јасно, не треба да се објаснуваме, но имаме една ситуација.

Со членот 192 вие всушност менувате два члена од овој изборен законик, членот 34 во кој што се наведува за општинската изборна комисија како е составена, претседател и четири члена и вие аминувате со тоа што кажувате дека еден ќе биде од позиција, друг од опозиција и сега имаме една ситуација во која што говорите за членот 39.

Но членот 39 ќе важи само за оние избрани членови во изборната комисија кои што се од државната и од јавната администрација, затоа што во членот 39 многу експлицитно се наведува дека начинот и постапката за утврдување на одговорноста, за незаконито работење на претседателот, неговиот заменик, членовите и нивните заменици во избирачките одбори се уредуваат со Законот за државни службеници и Законот за работни односи. Тука апсолутно за мене нема дилема.

Но, сега има уште два члена кои што не можат да одговараат ниту по едниот закон, ниту по другиот закон. Кој закон ќе важи за тие членови. Кривичниот закон ли, директно затворање, затоа што тука имаме една дилема која што се јави кај мене, затоа што апсолутно ништо не значи дали овие два члена ќе бидат повторно од државната или од јавната администрација, но сега предложени од сите политички партии. Дали тоа некој го видел, дали тоа значи дека тие членови ние ќе ги елиминираме за било кои избори понатаму. Тоа е првото.

Второто е, дали овие членови апсолутно ќе бидат невработени, или пак да дадеме некоја одредба

во која што сите овие што ќе бидат на избирачките места да бидат невработени. Значи, имаме две ситуации кои што треба тука да ги разгледаме и да разговараме. Затоа мислам дека останува многу нејасно во членот 192-а кој го предложи Владата, можеби е компромис, можеби е добра волја на некого, но исто така тој компромис не секогаш завршува добро за сите оние што се засегнати од овој компромис што се постигна, затоа што мислам дека компромисите се постигнуваат токму тука во Парламентот каде што се сите политички партии и каде што очекуваме поддршка од секого за она што е добро и каде очекуваме борба на аргументи и факти.

Ние нашите аргументи и факти ги образложивме, ги образложуваме и сега и моето прашање е дирекно до министерката дали и кој е начинот на кој што овие луѓе ќе се санкционираат. Дали изборот на некој од државна, јавна администрација од страна на политичките партии значи негово елиминирање за било кога да после тоа биде во некој изборен одбор.

Тука би престанал со она што значи моја дилема и ќе кажам уште две работи.

Значи, имаше за надлежноста на Советот за радиодифузија, за кој што толку многу ВМРО-ДПМНЕ тука говореше и

последната работа е рикаунтот кој повеќе никој не го спомнува. Со тој рикаунт и тоа барање кое што беше побарано за време на претседателските избори ни дава за едно право нас како ВМРО Народна партија апсолутно да не веруваме во ништо, затоа што сознанијата кои доаѓаат од терен, сознанијата кои што ги добивме од раководството на ВМРО-ДПМНЕ во тој момент што, како и до каде се стигнати изборите ни потврдија дека таков рикаунд е само барање за маска колку некој пред некого да испадне чист. Јас мислам дека таква ситуација нема. Уште еднаш ќе повторам, како и во моето прво обраќање ќе кажам дека вербата и довербата треба да ја градиме меѓу политичките субјекти тука во Парламентот заедно со Владата на Република Македонија. Она што е добро да го прифатиме, а не секогаш да бараме Европската заедница да биде таа што ќе го каже последниот збор. Ние сме тие кои дефинираме нешто за нашите деца, за нашите внуци и јас ве убедувам дека нашата состојба не е апсолутно иста ниту со состојбата во Германија, уште помалку со Англија или некои други демократии кои што се векови station наназад се држат на она што е нивни устав и на она што тие би го направиле е сеуште се горди дека функционира во нивните држави. Ние од ден во ден си земаме за право да го променуваме Уставот, да променуваме закони кои што се веќе донесени и после два дена да ги промениме. Тоа верувајте ми кај секого носи една ситуација дека со такви луѓе во секој момент може да не принуди да промениме било што што имаме донесено. Тоа е таа ситуација што јас никогаш нема да ја посакам.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Објавувам пауза до 15,00 часот.

(Пауза од 14,05 часот).

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,00 часот)

**Љупчо Јордановски:** Ги молам пратениците да влезат во салата .

Продолжуваме со расправа . Господинот Краљевски не е тука, исклучете го.

Бидејќи нема пријавени за збор го заклучувам претресот по амандманот.

Ги молам пратениците да влезат во салата, да гласаме по амандманот.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Службите нека го утврдат бројот на присутите пратеници во салата.

Благодарам, сега имаме 61 пратеник.

Амандманот го ставам на гласање и ве повикувам на гласаме.

Од 62 присутни пратеници, 56 гласале, 12 за, еден воздржан, 43 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 192-а, поднесен од пратениците Љупчо Балковски, Чедоммир Краљевски, Спиро Мавровски, Жарко Караџоски, Марија Којзеклиска, Ѓорѓи Оровчанец, Ристо Пејоски, Блаже Стојаноски, Ѓорѓи Трендафилов, Драго Шајноски, Слободан Чашуле и Александар Флоровски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда.

**Мери Младеновска-Ѓеорѓиевска:**

Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Господине Стојановски повелете имате збор.

**Блаже Стојаноски:** Почитуван претседателе на Собранието, почитувана министерке, почитувани колеги пратеници,

Навистина, жалам што Собранието заедно со Владата на Република Македонија не го прифати амандманот за бришење на членот 192-а, односно на амандманот кој што го поднесе Владата, со кој што во целост се нарушува концептот на професионализација или департизација на изборните органи во Република Македонија за спроведување на сите наредни избори и се направи отстапка за наредните парламентарни избори на начин, кој што е целосно непринципиелен и без прифаќање на другиот концепт, кој што значеше ако веќе се напушташе концептот за непартиски изборни органи, тогаш требаше да се прифати што е сосема нормално концептот на партиски изборни органи.

Бидејќи се направи нешто што не е функционално и што создава основи за големи изборни неправилности, нашата пратеничка група на ВМРО-

Народна партија поднесе два амандмана, кои што се однесуваат на изградба и прифаќање на еден концепт, кој би се применил само за наредните парламентарни избори. Тој концепт значи градење на доверба во изборните органи преку учество на партиите со свои претставници во изборните органи, односно во ДИК и во изборните органи. Притоа, ВМРО-Народна партија внимаваше составот да ја одразува моменталната состојба во однос на мандатот кој што го имаат дадено граѓаните на Република Македонија и застапеноста на сите останати политички парти, вклучувајќи ги оние кои што претставуваат дел од некакви коалиции, кои што треба да бидат претставени во изборните органи. Затоа, за ДИК ние предлагаме состав кој што би се избрал на следниот начин: Значи, за првите наредни избори на пратеници во Собранието на Република Македонија ДИК да биде составена од претседател и 4 члена. Претседателот на ДИК да се избира со 2/3 мнозинство гласови од вкупниот број пратеници во Собранието на Република Македонија на предлог на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија. Еден член на ДИК да се избира со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници во Собранието на Република Македонија на предлог на политичката партија на власт со најголем број пратеници во моментот на распишување на изборите. Еден член на ДИК да ссе избира со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници во Собранието на Република Македонија на предлог на политичката партија на власт со најголем број пратеници кои припаѓаат на етничките заедници кои не се мнозинство во Република Македонија и сето тоа во моментот на распишување на изборите.

Потоа, еден член на ДИК да се избира со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници во Собранието на Република Македонија на предлог на политичката партија во опозиција со најголем број пратеници во моментот на распишување на изборите . И еден член на ДИК да се избира со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници во Собранието на Република Македонија на предлог на политичката партија во опозиција со најголем број пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија со број на пратеници утврден во моментот на распишување на изборите.

ДИК да може да избере заменик претседател од редот на нејзините членови. И рокот за формирањето на ДИК да биде 10 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Што се постигнува со овој наш предлог? Во контекст на овој наш предлог е и наредниот амандман кој што се однесува на составот на избирачките одбори и каде што предлагаме да има застапеност и од страна на ВМРО-ДПМНЕ и неговата коалиција и од страна на ВМРО-Народна партија и од страна на СДСМ и од страна на останатите политички партии кои што се дел од власта, односно кои што ја делат власта заедно со СДСМ, со тоа што претседател на избирачкиот одбор би било лице вработено во државната администрација, кое што би се избрало врз основа на случаен избор.

Ова е концептот кој што го предлагаме , а кој што не значи напуштање на нашиот основен концепт, кој што предлагаме да важи за сите наредни избори. Отстапувањето за првите наредни парламентарни избори може да биде само замена со еден друг концепт, доколку се напушти основниот концепт за департизација на изборните органи.

Кои се мотивите за овој наш предлог?

Прво, на овој начин се овозможува договорните странки или страни во конципирањето на овој законик, во создавањето на решенијата кои што значат нарушување на сите видови на изборни концепти да можат да се седнат уште еднаш, не мора во Парламентот, како што имаат навика може и во Клубот на пратениците, и да се договорат кој ќе биде претседател на ДИК.

Значи, нашиот предлог е ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ да си изберат претседател на ДИК.

Понатаму, се разбира, бидејќи СДСМ така лесно ги прфаќа предлозите на ВМРО-ДПМНЕ и така лесно се разбираат, тоа нема да биде проблем да биде лице кое ќе биде предложено од ВМРО-ДПМНЕ. Со тоа би се задоволила суетата за утврдувањето дека, како што сами се нарекуваат најголемата опозициона партија, да може да предложи претседател на ДИК, кој ќе биде избран во овој Парламент.

Довербата во Државната изборна комисија и самата нејзина поставеност како врховен изборен орган кој што може да разрешува органи, кој што може да разрешува членови на изборни органи, зборувам за општински изборни комисии, членови на избирачки одбори, може да укинува акти на пониски изборни органи, да може во целост да ја врши оваа функција со целосна доверба од страна на сите учесници на изборниот процес. За да се оствари таа цел неопходно е еден член на Државната изборна комисија да биде предложен од политичката партија со најголем број пратеници кои што ги претставуваат граѓаните на Република Македонија, затоа што граѓаните на Република Македонија се тие кои што им дадоа мандат на овие пратеници, и согласно мандатите кои што ги имаат,односно бројот на гласачите кои што ги претставуваат преку нивните мандати да можат да учествуваат како партија на власт. Впрочем, и од тие мандати произлегува и поддршката која што ја има и Владата на Република Македонија, затоа што Владата на Република Македонија политичката поддршка ја добива преку мандатите кои што ги добива од граѓаните на Република Македонија во лицето на пратениците застапени во овој Парламент, а не ја добива од страна на политичките партии кои што влегуваат во коалиција, затоа што политичките партии кои што можат да учествуваат во Владата, не мора да бидат застапени во Парламентот, меѓутоа, мора да ја имаат политичката поддршка во овој Парламент преку мандатите на

пратениците кои што ги избрале и ги претставуваат граѓаните на Република Македонија.

Се друго, прифаќањето на друг начин на определување на начинот на претставување на граѓаните на Република Македонија, значи, завршување . . .

**Љупчо Јордановски:** Ги молам пратениците да седнат на своите места.

**Блаже Стојаноски:** Значи, напуштањето на овој концепт, дефинитивно значи напуштање на уставната позиција на македонскиот Парламент како претставнички дом на граѓаните на Република Македонија и лоцирање на политичките партии како политички претставници на граѓаните на Република Македонија што не е точно, затоа што тие можат да бидат политички претставници само доколку излезат на избори на кои што би се знаело името на партијата и би се гласало за партија, а потоа тие политички партии да можат да именуваат свои членови во Парламентот, оние кои што тие ги сакаат и тоа да биде по нивна сопствена волја. Она што го имаме сега во Република Македонија а што е потврдено и со одлуката на Уставниот суд, дефинитивно значи дека пратениците се тие кои што се претставници на граѓаните и тоа значи дека граѓаните го остваруваат суверенитетот преку нивни претставници застапени во Парламентот на Република Македонија. Ништо друго не може да биде согласно Уставот. Се што е поинаку поставено од ова за кое говорам, значи напуштање на уставните начела за Република Македонија како демократска држава заснована на суверенитетот на граѓаните кои што се претставени во Законодавниот дом, кој што преку Устав, закони и други акти ги регулира прашањата кои што се однесуваат на уставниот поредок на Република Македонија. Затоа, ние предлагаме овој Парламент да ја добие својата верификација преку членството или членовите во Државната изборна комисија со тоа што најголемата парламентарна политичка опозициона партија, ВМРО-Народна партија, би имала свој член во Државната изборна комисија. Коалицијата предводена од ДПМНЕ која што исто така е застапена со одреден број на пратеници во овој Парламент, би имала свој член во Државната изборна комисија, СДСМ како најголема партија на власт со најголем број на пратеници во овој Парламент би имала свој член како партија на власт и останатите политички партии кои што се дел од власта исто така би имале свој член во Државната изборна комисија. Со цел, да се обезбеди соодветната застапеност, ние го дадовме овој предлог во кој што како членови во Државната изборна комисија би биле претставници на политичката партија ДУИ, како партија на албанците од власта и политичката партија ДПА, како партија на албанците во опозиција. На ВМРО-Народна, како најголема македонска политичка партија застапена со најголем број пратеници во овој Парламент, од страна на опозицијата и СДСМ како најголема позициона политичка партија од македонскиот, условно кажано македонски блок, која е партија на власт.

Со цел да се задоволи барањето за соодветна застапеност и на ДПМНЕ и на останатите коалициони партнери, предлагаме претседателот на Државната изборна комисија да биде предложен од нивна страна. Со ова би се изградила целосна доверба во Државната изборна комисија и би се изградил концепт кој ќе значи учество на партиите во изборните органи, меѓутоа, не само нивно учество, туку и носење на одговорноста за спроведувањето на изборните правила, за изборните процедури, за носењето на одлуки од кои ќе зависи дали првите наредни, како што се наведува во овој закон, парламентарни избори ќе бидат фер, демократски и без проблеми. Затоа ќе го истакнам уште ова, несакајќи да елаборирам повеќе.

За да може нормално да функционира Државната изборна комисија предлагаме 5-те члена, значи претседателот и 4-те членови, од редот на членовите да изберат заменик претседател на Државната изборна комисија, кој би ги водел седниците во отуство на претседателот. И за да се скрати рокот кој, согласно овој закон трае некаде околу 20-тина дена, за формирање на Државната изборна комисија, а знаеме колку многу обврски треба да реализира Државната изборна комисија и кои и се дадени како нејзини надлежности, со овој закон, ние предлагаме во рок од 10 дена, значи по влегувањето во сила на овој закон, да се формира Државната изборна комисија и на тој начин дупло, значи на половина би се скратил рокот за формирање на Државната изборна комисија и би се овозможило на време отпочнување со сите оние дејствија кои подразбираат обука на членовите на изборните органи, кои подразбираат донесување на правилник за жребување и кои ги доенсуваат сите оние други обврски кои се наведени во членот 31, како надлежности на Државната изборна комисија. Ако сакаме да имаме доверба во изборните органи, овој и наредниот амандман се вистинското решение за реализација на фер и демократски парламентарни избори во 2006 година. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Краљевски, имате збор.

**Чедомир Краљевски:** Благодарам претседателе, почитувани колеги.

Овој амандман поднесен од пратеничката група на ВМРО-Народна партија е само корекција, или би рекол резервна варијанта поради неприфаќањето и негласањето на претходниот амандман со кој се постигнуваше бришење, со кој претходен амандман би се постигнало бришење на членот 192-а од Законот. Токму тој, односно претходниот амандман беше најлогичниот амандман поднесен на текстот на овој закон. Епитетот најлогичен го добива поради тоа што со него се бараше дерогација, односно бришење на најлошата и најнелогичната норма, понудена со

дополнителниот амандман што Владата го поднесе на текстот на овој закон. Со тој фамозен член 192-а, што го вгради и Владата амандмански, како составен дел на текстот на овој закон, се отстапи од концептот за департизирање на изборните органи. Напуштањето на овој концепт односно напуштањето на концептот за департизирањето на изборните органи, ја врати и ја враќа Република Македонија, дејуре и дефакто во времето и во атмосферата на ниво на една балканска касаба.

Отстапката од европскиот концепт е благодарение на договорот постигнат помеѓу премиерот, односно претседателот на СДСМ, господинот Владо Бучковски и претседателот на ВМРО-ДПМНЕ, господинот Никола Груевски.

Би сакал да ги потсетам нив двајцата за начинот на постигнувањето и на ефектите од постигнатиот договор.

Едниот вршеше поплаки и притисоци до ниво на ултиматум, дека нема да учествува на претходните парламентарни избори доколку не бидат прифатени неговите барања, во избирачките одбори да бидат вклучени партиски членови на ВМРО-ДПМНЕ. Значи со ултиматум и со притисоци, на еден инфантилен, за мене би рекол начин, се изврши притисок врз премиерот односно врз претседателот на СДСМ, истиот да го прифати тој притисок.

Забелешката, на господинот Владо Бучковски е по тоа што подлегна на таквиот притисок. Ќе ги потсетам и двајцата , особено премиерот Владо Бучковски, бидејќи тој е доктор по правни науки дека секаков договор што е постигнат благодарение на сила, закана, уцена, а во уцена го вбројувам и ултиматумот што беше поднесен од страна на господинот Никола Груевски дека нема да се учествува на овие парламентарни избори доколку не биде прифатена неговата заложба, изборните органи да бидат партизирани. Секаков таков договор во правната теорија и пракса е ништовен и дека имаше простор господинот Владо Бучковски, како втора договорна страна, да отстапи, да не го прифати таквиот притисок и да не го склучи таквиот договор што е штетен за Република Македонија, на прво место. Меѓутоа, очигледно прифаќањето на таквиот договор повлекува и одговорност изборите да добијат квалитет на фер и демократски избори и на двете страни, притоа мислам и на страната на СДСМ и на страната на ВМРО-ДПМНЕ и нека им е Господ на помош, бидејќи тие тоа што го постигнаа како договор, тоа и го сакаат, на крајот на краиштата. Мислам дека секаква понатамошна дискусија од моја страна, по овој сега амандман што е резервна варијанта, е излична, бидејќи главниот амандман за кој реков дека е апсолутно најквалитетниот амандман и најлогичниот, не се прифати. Јас тука ќе прекинам и нема повеќе да дискутирам. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Господине Чашуле, бидејќи овој амандман е ист како и претходниот, се надевам дека нема да ја повторите вашата дискусија.

Повелете имате збор.

**Слободан Чашуле:** Нема да ги повторам истите аргументи.

Пред малку се обидував да ве убедам на политички разум и да се вратиме назад кон вистинските решенија. За жал, не ми успеа. Меѓутоа сега сакам да ве предупредам дека, ако не ги прифатите измените што ги нудиме со овој амандман, ќе го прекршите Уставот заради тоа што со еден дополнителен увид во тоа како Владата гледа на тоа која е најголема опозициона партија, практично се крши Уставот и ќе се промовира една не уставна ситуација која подоцна, со приговор пред Уставниот суд, а кај нас може секој граѓанин да даде приговор, ќе падне и тогаш ќе имаме проблеми со овие избори за кои сите знаеме дека мора да бидат успешни, транспарентни, фер, демократски и неоспорени.

Не сакавте да го избришеме членот 192-а. Дајте сега барем прифатете компромис во овој член да се прецизира со уставни категории, кој кого како опозиција во државата, претставува. Ако не помине и тоа, ми остана уште да ве повикам да донесеме декларација и да го прогласиме ВМРО-ДПМНЕ, со декларација за најголема опозициона партија и оваа агонија еднаш веќе да заврши.

Сега дозволете ми да кажам зошто мислам да ве убедувам да го прифатите овој амандман.

Во алинеја 5 од нашиот предлог стои - еден член на Државната изборна комисија се избира со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници во Собранието на Република Македонија, на предлог на политичка партија во опозиција, со најголем број пратеници во моментот на распишувањето на изборите. Тоа по мене е единствениот уставно дозволен параметар со кој може да се определи кој е во тој момент, во Парламентот, а тоа е единствено релевантно, а не улицата, најголема политичка партија.

Според член 2 од Уставот на нашата држава, ние доброволно ја дефиниравме неа како граѓанска и во него стои дека суверенитетот на Република Македонија произлегува од граѓаните и им припаѓа на граѓаните. Тука нема никаде име на партија, особено на една опозициона партија на која не сакам повеќе да и го спомнувам името, како корисник на делот на тој суверенитет.

Нашиот Устав вели дека пратениците се бираат како претставници на граѓаните, со референдум или со општи избори, во случајот, општи избори. Би сакал по тој повод, за да не сфатите дека земам збор колку да земам збор, бидејќи најмалку ни е стало да ги опструираме изборите и нивното одржување, туку да направиме последен напор, да направиме квалитетни избори, ќе ве потсетам на неодамнешната одлука на Уставниот суд. Еве ја овде, објавена е во Службен весник и таа е најмериторното толкување на Уставот. Таму се вели: "Од членот 62 став 2 од Уставот на Република Македонија , произлегува дека односот меѓу граѓаните како суверени носители на власта

и Собранието на Република Македонија како нивни претставнички орган е непосреден, односно се остварува без какво и да е посредување". Каде гледате тука име на партија, особено на партијата на која не сакам да и го спомнувам името. Дајте, луѓе, немојте да го кршиме Уставот со закон со кој сакаме да ја вратиме довербата во нашиот изборен систем и Европската унија потоа да ни даде зелено светло да преговараме со избори направени со насилство врз Уставот на Република Македонија. Нема посредници меѓу нас и граѓаните што не избраа.

Второ, според членот 62 став 3 од Уставот, во врска со член 61 став 1 од Уставот се вели: "Пратеникот ги претставува сите граѓани на Република Македонија". Значи и тие што не гласале за него. Каде стои тука име на партија, а особено на таа што претендира да биде се и сешто во оваа држава и нема да и го спомнувам името.

Трето, пропишувајќи дека пратеникот во Собранието на Република Македонија одлучува по свое уверување, тој има право, како претставник на сите граѓани, а не на партиски лидери, како диљуси, фирерчиња и номенклатури, брендови, супа од букви, туку на сите граѓани, тој има право, ако не е задоволен од начинот како тие што претендираат да му бидат АОР-и административно оперативни раководители, да истапи самостојно, да направи дружба со други и да продолжи да ги претставува граѓаните кои гласале и тие кои не гласале.

Според тоа, ова што ви го предлагаме е во тесна корелација со одлуката на Уставниот суд објавена во Службен весник на оваа држава на 17 јануари 2005 година. Кога побрзо заборавивте на тоа?

Меѓу другото, во политичкиот спектар во Република Македонија, благодарејќи на ваков слободарски Устав и на ваков извонредно исправен став, што покажува државнички односно Уставниот суд кон неговата задача, е овозможена оваа слобода. И ние сега, повторно ја ограничуваме и, верувајте ми, првата работа што ќе се случи ако оваа накарадна работа, овој неуставен третман помине, јас ќе бидам првиот кој ќе се жали на Уставен суд. Не за мојот мандат, не за да имам јас некаков си претставник во избирачките одбори, туку врз основа на гласовите, значи на сопствениот мандат граѓаните да имаат претставници во избирачките одбори и да имаат, навистина, самостојна изборана власт.

Како очекувате да добиеме позитивно светло за да може Република Македонија да ја доведеме во услови на стабилност, на политичка сигурност, на регионална безбедност и целовитост на нејзината територија и граници и, што е најважно, она што најретко го правиме, а е најважно и сите можни оспоривани и неоспорувани анкети ни го поставуваат како прашање, а ние на него не одговараме, да им дадеме на луѓево трошка надеж и призрак на просперитет за да можат да одлетат од оваа ситуација во која се трошат последните центи на еврото заработени во оние матни времиња кога на Балканот царуваше сива економија, па во неа луѓето најдоа некаква можност да создадат резерва и на неа сега да живеат.

Што сакам да ви кажам господа? Ако ваквото толкување на Уставот, искажано во овој закон, помине, ние паднавме на испитот. А денеска го минав денот, во неговиот поголем дел, на нивно барање, тесни консултации со претставниците на институциите што не држат под мониторинг. Тие јавно говорат, а јас уште појавно, бидејќи нема потранспарентно место од оваа говорница во Република Македонија за разлика од некои луѓе кои веруваат на улицата, на кафеаните, на нагодбите во четири очи, ќе кажам дека се згрозени од можноста некој во оваа држава да ги бојкотира изборите. Не само да го напише во писмо, туку тоа и да го каже и дека бараат од сите нас да најдеме решение што ќе ги спасе изборите. Инаку, не сонувајте дека со овие вакви избори, на кои што од сега им ја срушивме вербата, кредибилитетот и квалитетот, дека некој ќе не есапи да ни даде било каква шанса да почнеме преговори. Кандидатурата ни се даде да се видат нашите перформанси и да се види колку сме решени да бидеме европска држава. Ние, на првата задача минавме делумно, не сме ја доршиле, уставните реформи, а на оваа, уште непојдени, паднавме.

Господо, покажете како мнозинство, заедно со нашите 12-13 гласови дека имате сили додека е уште време да го фрлиме последниот појас на спасување и да го спасиме овој наш брод од жабокречината во која, непромислени гестови на амбициозни луѓе, не втурнаа. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Бидејќи нема пријавени за зброр, го заклучувам претресот по амандманот.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Службите нека го утврдат бројот на присутни пратеници.

(Службите го утврдуваат бројот на присутните).

Ги молам пратениците да влезат во Собранието, прво во Собранието па после во салата.

На молба од Либерално демократската партија, морам да ги пофалам дека се комплетно тука.

Бедејќи се сега 62 пратеници присутни, го ставам амандманот на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

63 присутни, 56 гласале, 11 за, 1 воздржан, 44 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Во меѓувреме Владата на Република Македонија поднесе амандман на член 2 за додавање две нови точки 8-а и 8-б по точката 8 и тој е составен дел од текстот на Предлогот на законот.

Исто така, амандманот под архивски број 07-11064/34 Владата го повлече, што синојка ги

поделивме. Морам да констатирам, записнички да влезе во текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 192-а став 2, поднесен од пратениците Абдулади Вејсели и Исмет Рамадани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда.

**Мери Младеновска-Ѓорѓиевска:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресто по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 64 присутни, 46 гласале, нема за амандманот, 4 воздржани и 42 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 192-а став 2, поднесен од пратениците Жарко Караџоски и Марија Којзеклиска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда.

**Мери Младеновска-Ѓорѓиевска:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

Господине Караџоски повелете имате збор.

**Жарко Караџоски:** Благодарам претседателе.

И понатаму сме на 192-а, сега сме на ставот 5, не прифативте да се брише тој член, не прифативте решение што го понудивме, еве сега на трета мајка прифатете го. Мислам дека ова е компромисно решение, мислам дека ова не е страшно да се прифати.

Што предлагаме? Предлагаме еден член на избирачкиот одбор и неговиот заменик да се именува на предлог на политичка партија во опозиција која ги претставуваа граѓаните преку најголемиот број пратеници во Собранието на Република Македонија. Значи, еве колку сме конструктивни, да може секој слободно да притисне копче и да гласа за овој амандман.

Во овој амандман, ако читате, не вели дека сме најголема опозициона партија, иако сме, туку велиме дека сме партија со најголем број пратеници, иако сме, како опозиција зборувам. Значи, не сме многу суетни, за разлика од некои. Тука го задоволуваме апетитот на другата опозициона партија која е најголема според бројот на гласови на последните парламентарни избори во 2002 година. Но, таму бевме и ние. Значи, сосе нас. Без нас не се такви. Но, еве го прифаќаме така. И тоа го удоволуваме.

Не мораше, почитувани колеги премиерот Бучковски да ве дефинира. И ние ве дефинираме, не е страшно, со тоа што нудиме навистина едно компромисно решение во кое што има место за сите од овој дом, од оваа заедничка држава, итн.

Фалиме само уште ние. Верувајте дека фалиме таму во избирачките одбори. Затоа што математиката кажува вака: тројца се од јавната администрација, значи еден претседател плус двајца, еден од СДСМ, еден од ДПМНЕ и толку. ЛДП го нема. ДПА го нема. Ќе си правите пазарлак меѓу вас. А и ДУИ го нема, за жал.

Но, со оглед да никој од вас и не се буни, значи вие сте задоволни, има некој таму кој ќе работи за вас, но за жал нема никој кој ќе работи за нас. ДПМНЕ вели - немаме доверба во јанвата, место државната администрација. Таа е сета на СДСМ. Ако тргнеме по таа логика тогаш 4 претставници има СДСМ и еден условно ДПМНЕ. Тоа е голем прашалник.

Ако тргнеме по таа теза, повторно ќе ја образложам таа теза, според претставниците на ДПМНЕ, во сите овие години, со исклучок на периодот од 1998 до 15 септември 2002 година кога власта во Република Македонија беше на ВМРО ДПМНЕ, занчи во целиот овој период колку години сте, минус 4, факт е дека најмногу вработувала политичката гарнитура што и сега е на власт, без ЛДП и ДУИ. Беше ЛП, па во момент се трансформираа и тие. Но, во целиот тој период вработувале во јавната администрација, да не речам СДС. Според нивната теза, нема доверба во јавната администрација. Заради тоа ние комплетниот концепт го нарушивме и воведовме, со амандман на Владата, едно вакво решение.

Ако е така, не го гледам задоволството сега на моите колети од опозицијата. Не ја гледам причината зошто се задоволни. Јас да бев на нивно место немаше ич да бидам задоволен. Ако не верувам во јавната администрација, немаше да се задоволам со еден член. Ќе барам да се врати старото решение како што и беше. Двајца претставници од опозицијата, двајца претставници од позицијата и еден претседател. А, согласно нивните тези, не гледам на однова на што се задоволија?

Повторно ќе повторам, тројца од јавната администрација, кои ги вработил СДСМ, според нивната теза и еден политички претставник од СДСМ, 3+1 претседателе е 4.

**Љупчо Јордановски:** Од денеска се прогласувам дека не сум математичар, туку сум информатичар, бидејќи премногу се повикувате на мене.

**Жарко Караџоски:** Кога е математика во прашање, стално се повикувам на вас, затоа што јас правник стално правам утки во тој дел.

Тоа е 4:1. Овој амандман, што ние го предлагаме, сакаме да олесниме на ДПМНЕ. Сакаме да му олесниме. Ќе ви кажам и како. Имаме и заеднички работи. Буквите ВМРО ни се исти. Потекнуваме од иста мајка. Додуше таткото го избркавме, односно

го избркавте. Е сега, ако тргнеме по принцип на патријарх, значи сите ние презимето си го носиме по татко, вистинска ВМРО е Народна, затоа што таткото е кај нас.

Каде е логиката да не нема во избирачките одбори.

(дофрлање од место)

Не, немам намера да плачам. Тоа на друг го препуштам. Апсолутно и страв ми е ако се расплачам дека некој ќе ми го уважи амандманот. Затоа нема ние да плачеме, ние ќе аргументираме.

Што правиме? Со тоа што, почитувани колеги од ДПМНЕ, со тоа што опозицијата преку нас ќе добијат уште еден член во избирачките одбори ќе има вкупно двајца, наспроти репер тројца од позицијата. Еве, се согласуваме да биде 3:2, ама ајде де на некој начин можеме да се бориме. Но, 4:1 е голем резултат. На 4:1 се капитулира. Немате шанса во реваншот. Тоа е голема разлика. А, кај 3:2 можеме да претпоставиме дека претседателот е независна институција па барем да бидеме репер. Тоа е еден аргумент.

Втор аргумент, сакале вие или не, а и вие пред мене, мислам позиција итн, сакале респектирајте го, сакате не респектирајте го, факт е дека ВМРО Народна партија има најголем број на пратеници. Тука не можеме да се убедуваме и верувајте дека и Бучковски не може да помогне, дури да ве дефинира дека сте и најголема пратеничка група, затоа што тука законот на математикат ќе ве побие.

Дури и Одлуката на Уставниот суд, ако сме најголем опозициона партија во Парламетот, зошто тој факт да се игнорира? Зошто партија во Парламентот, ако се репер дека партиите својот потенцијал или својата сила ја мерат токму во Собранието, преку бројот на пратеници, а тоа значи број на избирачи во 2002 година кога биле последните избори, ако пратениците значат можност или право да се формира влада, јас не знам зошто бројот 13 пратеници на страна на ВМРО Народна да биде игнориран?

Тогаш, да ве прашам сите, зошто сите ги правите математиките сега, во очи на избори, кој колку пратеници ќе освои? Зошто не правите математика кој колкав процент има на излезеност или гласови ќе добие, затоа што бројот на пратениците го дава просторот, можноста и се друго што значи Влада. Затоа овде на почитуваните колеги до СДСМ, ЛДП и ДУИ многу пати им е речено - вие сте бројка, 61, ништо повеќе, седете, гласајте, правете кворум. Оти битно е да сте 61. Се друго е споредно. И сите овие 4 години така и се однесуваме. Токму заради тоа што ние сега го зборуваме.

Оттука се сите оние реакции што дојдоа во меѓувреме, оттука се сите оние забелешки што ги имаме. Јас тврдам дека сето тоа е логично, последица на сето она што некој друг го направил.

Да бидам искрен, денеска ми импонира во овој контекст кога сега зборувам, ми импонира дискусијат на господинот Жерновски. Јавно, отворено призна, кажа човекот, дека нашиот амандман претходен, па и овој е логичен и дека треба да биде прифатен. Ама, заради таму некои плачковци и тие се доведени во ситуација да се против своите убедувања. Внимавајте најтешката одлука еден пратеник ја носи кога треба против сопственото убедување да гласа само да му удоволи на некој таму кој нон-стоп плаче.

Да се разбереме, таквата политика нема да вроди со плод. Ако денес попуштате на плачење, жалење или на уцени со разни опструкции, излегувања од парламент и др., тоа е каток век. Така не се постигнува ништо. Мора да дојде време кога мора да се разговара со аргументи, мора да дојде. Утре на господинот Жерновски ќе му кажат гласачите кои гласале за него: ние господине Жерновски не ти дадовме овластување да застапуваш таму некој плачко, туку ти дадовме овластување да не застапуваш нас како граѓани што сме ти ја дале довербата. Па каде е нашиот интерес, не праша ли ти нас како да гласаме? Туку, само еден. И токму тука е главниот проблем.

Значи, со оглед што не најдовме, односно не се најде сила, искрено признавте, да се брише членот 192, еве, нека остане, со оглед дека претходниот 192-а, понуден од ваша страна со таков еден распоред на сили внатре исто е неприфатлив, еве и тоа да го прифатиме. Мислам дека овој амандман можете со многу лесно притискање на копчето "за" да го прифатите и нема ништо да добие, односно ниту вие да изгубите - вие ќе изгубите додуше, ама господинот Груевски и ВМРО-ДПМНЕ ќе добијат уште еден опозиционен член во избирачките одбори, а тоа ја зајакнува улогата на опозицијата, освен ако не се плаши од ВМРО Народна партија и ако не им е целта, како што се сомневам дека им е целта, да ја елиминираат ВМРО Народна, па дури нека имаат и четири претставници СДСМ. Не гледам причина зошто тоа би било неприфатливо. Ако ништо друго, со оглед дека вие и немате каде да одите, изборот да не ви е утре повторно некој да плаче, јас ги повикувам моите колеги од ВРМО ДПМНЕ барем тие да го поддржат овој амандман и баш ме интересира како ќе гласа.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Госпогице Грковска, повелете три минути реплика.

**Славица Грковска:** Благодарам претседателе.

За жал, морам да констатирам дека како поминува амандманската расправа, изгледа така добива на несериозност во аргументите како што се изнесуваат за одредени амандмани.

Не м ожам да се согласам со аргументацијата, меѓутоа очигледно дека некои колеги играат на картата "сто пати повторена лага станува вистина", дека тројцата членови на избирачки одбор од јавната администрација ќе бидат од СДСМ, така што ако се вратиме назад, ако некој во времето на нивното владеење се обиде да ја етикетира јавната администрација, тогаш тоа е сигурно претходната влада, која што вршеше

масовни вработувања, масовни отпуштања и масовни вработувања исклучиво по партиски клуч и ова ќе го аргументира со следниов факт. 1998 година имаше 90 илјади вработени во јавната администрација, 2002 година и покрај обврските за намалување на вработените во јавната администрација, бројот на вработени во јавната администрација изнесуваше 120 илјади, значи 30 илјади повеќе. И во првата фаза ги повикав претставниците на опозицијата да кажат, дали ќе бидат задоволни, имајќи предвид дека тогаш вработуваа со име и презиме, дури и согласностите што ги даваше министерот за финансии беа со име и презиме за одреден дел, дали ќе бидат задволни токму тие да ги ставиме во избирачките одбори и дали тогаш ќе бидат сигурни дека ќе бидат фер и демократски избори, а што ќе се случи доколку и тогаш ги изгубат изборите? Кој тогаш ќе им биде виновен? Точно, се согласувам дека дури ни Бучковски не може да помогне, затоа што тоа не е прашање кое може да го реши некој друг освен опозиционите партии внатре меѓу себе со интерен договор. Не знам зошто ве чуди, зошто нема реакции од партиите во позиција - заради тоа што има договор меѓу нас и има доверба меѓу нас. Проблемот е што вие не можете да го надминете анимозитетот што постои меѓу вас и во интерес на Македонија да седнете на маса и да се договорите за она што секаде во светот е нормално. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Една минута контра реплика, господине Караџоски.

**Жарко Караџоски:** Благодарам.

Почитувана колешке, кога ќе се обраќате сега кон мене или кон ВМРО Народна партија, јас би ве замолил да дефинирате што е опозиција и што била власт 1998 година, кој бил на власт во периодот 1998 - 2002 година, заради тоа што верувајте дека ни е јасно. Сето ова што го зборувате јас не се препознавам, ниту ВМРО Народна партија се препознава. Значи цело време зборувате за ВМРО ДПМНЕ, не зборувате за нас. Затоа ви велам со оглед дека веќе почнавте со дефиниции, терајте до крај со дефиниции, дајте да видиме кој бил, што бил, кој го укинал законот како што го укинал итн. Затоа што ако веќе еднаш почнавте да дефинирате, дефинирајте и која Влада била, чија била таа влада, колку Нардона партија учествувала, колку  не учествувала и да ги расчистиме тие работи.

**Љупчо Јордановски:** Господине Оровчанец, имате збор.

**Ѓорѓи Оровчанец:** Господине претседател, денес кога зборував по жленот 192-а, во почетокот кажав дека сум навреден. Сега веќе се чувствувам бедно од сознанието дека оваа гласачка маса, а не пратеници туку гласачка маса, ама не сфатила ни трунка од поентата да сите дискусии кои што беа водени. Ваков истап и вакво зборување само укажува на фактот дека едноставно не ја сфаќаат димензијата на проблемот кој е исправен пред нас. Нам овие амандмани немаше да ни бидат ни потребни доколку се задржеше основниот концепт и верзијата онака како што требаше да дојде и како што дојде во Собранието пред политичкиот пазар, да не кажам и две други работи погрдни околу таа работа. И да добиеме, и да изгласате, јас ќе прпедложам да не бидат членови наши луѓе туку да одат луѓето од државната и јавната администрација. Мислам дека уште пет илјади пати тоа да го повторувам не можете да го сватите. Мене ми е криво што овде разумот дефинитивно ги напушти овие простории. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Не ги воопштувајте работите господине Оровчанец, правило број 1.

Господине Чашуле, имате збор.

**Слободан Чашуле:** Кога ќе ја доведете работата да се нагодуваме, а не да го спроведуваме законот, ќе настане беззаконие. На секој наш обид преку вас и преку Владата да вградиме во Заиконот амандман кој ќе го подобри и од кој ќе биде ослободена емоцијата, надавањето, уцената, какгата, партијата што не сакам да ја спомнам повеќе излегува, пишува писма и бојкотира. Јас со вас наполно се согласувам и цело време од овде плидирам овде да направиме закон кој потоа нема да бара повеќе договори. А ние на секој наш договор даден во јавноста, даден прекуј вас, даден овде наидуваме со негативност, наидуваме со отпор, наидуваме едноставно со закана и веднаш потоа трчамандманот до Владата и бараат вие да се држите на нивниот договор со нив, и да нудите амандмани, од кои некои се смешни, па потоа морате, да ги повлекувате.

**Љупчо Јордановски:** Нема пријавени за збор по амандманот.

Го заклучувам претресот по амандманот.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата. Благодарам.

Сега сме 61 пратеник.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 61 присутен пратеник, гласале 54 пратеници, 6 пратеници гласале за амандманот, нема воздржани и 48 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 192-а, за менување на став 5, поднесен од пратениците Жарко Караџоски и Марија Којзеклиска.

Го молам пртставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда, повелете.

**Мери Младеновска - Ѓорѓиевска:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Госпоѓо Којзеклиска, повелете, имате збор.

**Марија Којзеклиска:** Претпоставувам можев и јас да кажам, ама министерката беше зафатена, во

ред е, знам дека нема да го прифатат амандманот.

Ние како пратеничка група ќе издржиме уште три амандмани на членот 192 од вкупно петте, кои ги имаме поднесено и ќе ви зборуваме и за штетноста на постоењето на членот 192 или амандманот кој го предложи Владата, а еден од начините е токму поднесувањето на овој амандман со кој бараме ставот 5 од Постојниот закон, од постојниот амандман на Владата кој вели дека начинот и постапката за избор на членови од ставот 2 на овој член се врши во согласност со членот 39 од овој законик.

Сега, ние бараме. Се она што го зборуваше Ѓорѓи Оровчанец, Чедомир Краљевски, Љупчо Балковски, Драго Шајноски, Жарко Караџоски, Спире Мвровски, Марија Којзеклиска, Блаже Стојаноски, Ристо Пејоски и Слободан Чашуле да гласи вака: Еден член на избирачкиот одбор и неговиот заменик се именува на предлог на политичката партија во опозиција која ги претставува граѓаните  преку најголем број пратеници во Собранието на Република Македонија. Јас се извинувам ако не спомнав некои од колегите, Ѓорѓи Трендафилов и Александар Флоровски, еве, веќе се корегирам. Значи со самото спомнување на бројот, на имињата треба да ви биде јасно која е најголемата опозициона партија во Парламентот во овој состав на Собранието на Република Македонија.

Сакаме да направиме, целта ни е да направиме фер и демократски избори и во име на тоа, кога зборував по амандманот со кој баравме да се брише членот 192 Б, вонинституционално, 100 илјади пати јас ќе повторам и нема да станам здодевна, премиерот на Владата под притисок или под уцена подлегна на барањето на господинот Груевски, и го даде амандманот 192. Значи господинот Бучковски имаше една изјава во која велеше: еве, ви прифатив 9 од 11 барања и ако ви ги прифатам сите ќе излезе дека изборниот законик го прави ВМРО ДПМНЕ, а не Владата. Мене така ми личи на крајот. Вака како што е дадено со сите амандмани и притисоци на кои подлегна претседателот на Владата, наспроти концептот кој беше укажуван и од Венецијанската комисија и од ОБСЕ и од ОДХР, а во име, наводно, на консензус и компромис за спроведување на демократски избори. Ако ние почитувани колеги правиме одстапка само за овие парламентарни избори или да бидам  малку погруба, ако си игрима избори, Парламентарни избори 2006 и ако сме во преоден период или на македонски многу користениот транзиционен период за избори 2006 година, за Парламентарните избори, не ја гледам причината и најголемата опозициона партија во Парламентот, застапена со најголем број пратеници да не учествува во избирачките одбори. И после сето она што го кажавме во досегашната расправа по членот 192, другите амандмани не ги спомнува, значи исклучиво од овој упаден амандман на Владата, значи се она што беше кажано укажува само на еден факт - треба да се елиминира ВМРО Народна партија. Можеби некому тоа ќе му причини посебно задоволство или ќе сака да поентира со размислата дека ВМРО - Народна партија е маргинализирана, нема членови во избирачките одбори и нема да има пратеници во наредниот парламентарен состав, ќе го разочарам, многу ми е жал, ќе биде разочаран, а резултатите на изборите не зависат од анкетите кои се прават, ќе си го кажат своето. Ама пак да не плачеме тогаш, и да не викаме дека се нефер и недемократски избори итн. Јас не сум виновен, виновна е ВМРО Народна партија. Тогаш, брат, нема друг виновник, ти се сам виновен.

Од тие причин, јас предлагам до парламентарното мнозинство да го поддржи амандманот предложен од ВМРО Народна партија, со кој бараме еден член од избирачкиот одбор заради консензус и компромис, а не заради уцена, класична уцена од страна на определени личности. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам,

Има збор пратеникот Силвана Бонева.

**Силвана Бонева:** Благодарам почитуван потпретседателе,

Сакам да укажам на македонската јавност токму по овој и по претходниот амандман што ни се случува кон филмот што сеуште го снима СДСМ со наслов "Доследни на недоследноста", сега гледаме се приклучува и ВМРО Народна партија. Три ипол години слушавме во овој Парламент како државната администрација е партизирана, како постојано се вметнуваат партиски активисти во неа, за да кога дојде изборниот законик да слушнеме дијаметрално спротивен став од ВМРО Народна партија дека државната администрација е департизирана и дека единствено со нејзиното учество во избирачките органи ќе имаме европски избори, бидејќи тоа е европска пракса. Мора да потсетам дека европската пракса покажува нешто друго, бидејќи има многу европски земји членки на Европска унија во кои во изибрачките одбори учествуваат партиски пртставници. Значи тоа воопшто не држи.

Бидејќи толку време, четири дена во овој Парламент се зборува за тоа дека треба државна адмистрација да имаме во избирачките одбори за консензусот кој што беше постигнат и учеството на партиските претставници, сега навистина се чудам како ваква трансформација има и одеднаш се бара - дајте веќе што ќе дадете, сега ние немаме таков став против партиските претставници, аман, дозволете и ние да бидеме дел од избирачките одбори. До сега, ваквиот став беше антидемократски, антиевропски, ја носеше Република Македонија  во пропаст, имавме најразновидни кажувања од сабајле дека учеството на партиските претставници се гарант дека нема да имаме фер и демократски избори и сега веднаш имаме ваква трансформација, и ние бараме да бидеме дел од избирачките одбори. Навистина сум изненадена ако еднаш стоиме на еден став, белки треба барем до крајот на

расправата по овој зазкон да го држиме тој став, а не сега да бараме нешто сосема дијаметрално спротивно од тоа што плукаме четири дена во овој парламент.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Бонева.

Три минути реплика за пратеникот Спиро Мавровски.

Повелете господине Мавровски.

**Спиро Мавроски:** Благодарам потпретседателе, Колешке Бонева, еве конечно ве слушнавме, но не да се обраќате на јавноста туку директно на ВМРО-Народна партија. Мислам дека дискусијата ја водиме ние, а она за што ве повикувавме и за што говоревте тука со денови дека вие сте за гласање на нашите во странство дека сте судиите да мора да бидат во Државната изборна комисија дека сте за рикаунтинг, дека сте за избирачки списоци и нивно прочистување, но, за жал, ве засипи снегот и не стигнавте ни да стигнете до таа комисија што ќе требаше да почне да го чисти списокот, па понатаму говоревте за надлежностите на Советот за радиодифузија и сега вие нам ни говорите дека ние не сме доследни. За што говорите госпоѓо Бонева? За која доследност? Ако имаше малку доследност во овие работи кои до сега ви ги кажав ВМРО-Народна партија поднесе амандмани. Вие на таа расправа излеговте препалени затоа што министерката за правда усвои еден амандман од ВМРО-Народна партија каде што ќе се бира со двотретинско мнозинство. Вие го имате договорот дали ви е двотретинско, дали ви е 61 пратеник, апсолутно не ви е проблем. Што добива ВМРО-Народна партија со тоа, апсолутно ништо. Што толку се запаливте и што се препаливте. Сега ни кажувате дека ние сме недоследни. Ако вие сте доследни кон гласачите кон кои се обраќате, вие треба да им го објасните сето тоа што јас ве прашав.

Тоа што кажува господинот Трендафилов каде се парите. Триста илјади евра и уште двеста илјади евра, петстотини илјади евра ќе го оштетите Буџетот на Република Македонија. Ако се тие илјада денари парите што треба да ги добиете, тогаш дајте да кажеме дека таа е борбата и да ја завршиме приказната, да не ја замајуваме јавноста, да им кажете на вашите членови дека токму за тоа сте се бореле. Сите овие работи за кои што како опозиција говориме сите заедно три ипол години, а не вие, говориме ние и остануваме на тоа да бидеме опозиција и сега не носите во ситуација дали овој бил во избирачки одбор, дали овој не бил, дали ќе имало еден наш член и ние не сме биле доследни. Па, срамота е да се користат вакви дисквалификации во Парламентот затоа што ова е парламентарна борба, излезете со факти и аргументи, јас ќе си дозволам во мојата наредна дискусија да ве цитирам од вашите стенографски белешки за што всушност вие говоревте во првата фаза и со што всушност сега сте задоволни од ова што го направивте дилот со госопдинот Бучковски.

Од тоа со ова второто апсолутно нема никаква врска. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Мавровски.

Една минута контра реплика за пратеникот Силвана Бонева.

**Силвана Бонева:** Благодарам почитуван потпретседателе,

За тоа кој е доследен, кој е недоследен јасно зборуваат фактите, ние останавме доследни на постигнатиот компромис, а за нас компромисот значеше учество на опозициската партија ВМРО-ДПМНЕ и ДПА во избирачките одбори заедно со коалиционите партнери, а право е на договор на овие политички партии кои учествувале на последните парламентарни избори кои добиле најголем број на гласови да кажат кој ќе учествува, кои нивни претставници ќе бидат во избирачките одбори. Тоа е во функција на одбрана на интересот на граѓаните и гаранција дека нивниот глас нема да биде злоупотребуван од државната администрација која ќе биде во избирачките одбори. Значи, единствена контрола...

**Слободан Најдовски:** Благодрам госпоѓо Бонева.

Има збор пратеникот Блаже Стојаноски.

**Блаже Стојаноски:** Јас нема да зборувам за доследност затоа што некој вчера кој велеше дека до крајот на амандманската расправа нема да присуствува во Парламентот, денеска го гледаме во Парламентот. Тука се денешните весници можете да ги прочитате и да ги видите тие изјави.

Значи, ако зборуваме за доследност барем од вчера до денеска треба да се остане доследен. Меѓутоа, прашањето е зошто се сака да се маргинализира ВМРО-Народна партија? Зошто и пречи на ВМРО-ДПМНЕ присуството на член во избирачките одбори на ВМРО-Народна партија, зошто тоа му одговара на СДСМ и зошто заедно ДПМНЕ и СДСМ сакаат да ја маргинализираат ВМРО-Народна партија од политичката иднина во Македонија. Тоа е главното прашање. Сакате да ви одговорам?

Оној кој се чувствува сигурен за својата позиција не му се потребни барања од премиерот да каже дека е најголема опозициона политичка партија. Тоа не е важно. Големината, како што кажав вчера, се гледа преку визијата за иднината на Македонија. Ајде да зборуваме за тие работи. Кажете која е вашата визија за иднината на Македонија, дека ќе го укинете Законот за пратеници? Укинете го слободно, нема проблем, ако е тоа иднината на Македонија која ја очекуваат граѓаните на Македонија. Меѓутоа, јас би ве поздравил ако зборувате за укинување на сиромаштијата, невработеноста, за економски развој на државата, а не за тоа дали ВМРО-Народна партија ќе има или нема да има член во избирачките одбори и тоа да го ставате на ниво на главно политичко прашање во државата.

Главното прашање...

**Слободан Најдовски:** Господине Стојаноски момент, госпоѓо Бонева ќе ве молам без

дофрлувања од место додека се дискутира. Ве молам оставете го господинот Стојаноски да дискутира. Секој има право да се јави за дискусија, за реплика, ве молам. Седнете си на своите места и да продолжиме.

Продолжете господине Стојановски.

**Блаже Стојаноски:** Главното прашање е што претставува ова што го имаме денеска. Јас ќе кажам континуитет. Континуитет на претседателските избори, на полнењето на гласачките кутии заради обезбедување на цензусот за избор на Бранко Црвенковски за претседател на Република Македонија, континуитет за локалните избори на Охрид, Битола каде требаше да бидат поразени кандидатите за градоначалници на ВМРО-Народна партија и тоа се заедно се правеше помеѓу истите оние кои се договараат и денеска.

Ова е само логично продолжение на тие работи. Логично продолжение во кое сега ВМРО-Народна партија треба да се отстрани од учеството во изборните органи и да се овозможи продолжување на таа традиција на нарушување на волјата на оние кои треба да избираат во Република Македонија со полнење на гласачки кутии, со броење на гласачки ливчиња на начин како што одговара некому.

Затоа јас ќе кажам само едно, ако граѓаните на Република Македонија ни го дале мандатот нам, на пратениците од ова Собрание, кое е правото со кое и Владата и ДПМНЕ или кое право си го земаат да го одземаат мандатот кој ни го дале граѓаните на Република Македонија и тој мандат да го пренасочуваат во политички партии, во политички субјекти кои треба да бидат подеднакви на овие избори и со оние листи кои ќе бидат листи на избирачи, листи на граѓани кои собрале потписи и се кандидирале преку свои претставници, независно од политичките партии, да бидат претставени во овој Парламент.

Правото на глас и пасивното и активното е право на глас на граѓанинот, не е ниту на политичките партии, не е ниту на Владата, не е на ниту било какви други организации. Вие со ова решение дефинитивно го одземате тоа право и го нарушувате основниот уставен принцип во Република Македонија власта да извира од граѓаните и да работи во интерес на граѓаните и Република Македонија. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Стојаноски.

Има збор пратеникот Жарко Караџоски.

**Жарко Караџоски:** Благодарам потпретседателе,

Јас се извинувам што уште еднаш земав збор по истиот амандман, со оглед на тоа што претходно направив лапсус, но очигледно некој амандман заслужува елаборација за да некому објасниме што е поентата со овој амандман.

Навистина не можам да се изначудам опозицијата да се буни на едно вакво предложено решение од нас. Нашето предложено решение со овој амандман е да се зголеми бројот на членовите на опозицијата во рамките на избирачките одбори. Наместо да има еден, зборувам комплетно како опозиција, да има два. Едниот да биде од редот на онаа партија која има најголем број освоено гласови на последните парламентарни избори, а другиот да биде онаа политичка партија која во Парламентот има најголем број пратеници. И не е битно. Која е едната, која е другата, битно е два члена да добие опозицијата во избирачките одбори наспроти позицијата која ќе остане со еден и наспроти тоа што државната администрација ќе биде застапена со двајца, еден претседател и еден член.

Значи, ако сме опозиција интерес е на сите што поголемо присуство на опозицијата во рамките на (Галама во салата).

**Слободан Најдовски:** Молам за тишина, да продолжиме.

Продолжете господине Караџоски.

**Жарко Караџоски:** Интерес на сите како опозиција е да имаме што поголемо присуство на членови во рамките на избирачките одбори ако веќе сме се одлучиле односно се одлучил предлагачот да се врати на оној концепт кој, според нас, е надминат.

Сега, во однос на доследност и недоследност не би сакал да ги полемизирам тие два поими, меѓутоа, ќе кажам една работа. Самиот договор помеѓу СДСМ и ДПМНЕ е пример за недоследност. Да ставите решение во завршните одредби во членот 192-а кој важи само за овие избори, а главниот концепт државната администрација да биде и понатаму на сите други наредни, јас не знам дали е тоа доследно или недоследно. Да се како партија која се прокламира за идна власт во ликот и делото на ДПМНЕ, говорите за едно преодно решение како да е судбинско решение сега или никогаш е пример на недоследност. Ако сте доследни и зрели како партија која претендира да биде власт, борете се тоа решение да биде трајно, а не да биде само на овие избори.

Сега, сите ќе го поставиме прашањето зошто е клучно овие парламентарни избори да бидат во принцип ваков каков што е деклариран со овој амандман, поточно да имаме половично решение на државна администрација, половично решение на партиски претставници. Зошто е тоа толку клучно прашање за овие избори? Зошто? Зошто не би било клучно прашање за наредните избори после четири години? Дали мислиме или мислат дека после 4 години ќе созреат фазла, дека демократијата во Република Македонија ќе напредне фазла за овие 4 години или можеби толку време сами си признаваме дека не сме зрели да одиме во Европска унија, барем минимум уште 4 години.

Тие се крупни прашања, не е проблемот во ВМРО-Народна партија, ние не сме коментирале чија е државната администрација, јасно е, ние велиме можеме да се сомневаме во секој и секого, меѓутоа, еднаш мора да пресечеме, еднаш мора да тргнеме таму каде сите посакуваме, а тоа е

Европска унија. Ако не денеска, ако некој денеска се прокламира лидер на опозиција или иден премиер па му одговара вакво какво што е сега предложено решение, утре ќе се прокламира господинот Бучковвски како лидер на опозиција, па тој ќе побара господинот Груевски, ако стане премиер, да му го врати истото ова и пазар до крај нема да има. Стално ќе имаме некакви преодни решенија и никогаш нема да дојдеме до главниот и клучен проблем.

Што требаше да направиме? 15 години сите овде зборуваме во Собранието дека ни е потребна реформа во судство и еве министерке да ви предложам дајте и тоа да го направиме наредните четири години да ставиме амандман сега за сега нека стои Парламентот да го бира затоа што не сме созреани уште четири години. Баквите решенија водат во тој правец. Мора да пресечеме, мора да кажеме дека судството треба да го ослободиме од Собранието, донесовме уставни амандмани, така треба изборниот процес, така треба и сите други закони да ги имплементираме како што е секаде во Европската унија. Само така ќе се приближиме до тие фактори, само така ќе дадеме јасен сигнал дека ние сме зрели и дека можеме да спроведеме фер и демократски избори.

Со самото пазарење помеѓу Груевски и Бучковски уште од сега даваме знак на меѓународната заедница дека ние очигледно не сме способни да спроведеме регуларни избори затоа што можеме уште на старт, доколку ни биде државната администрација присутна во избирачките органи да обвинуваме за разни фалсификати. Тоа еднаш мора да го премостиме. Од тука се нашите решенија, ова не е најсреќното решение кое го нудиме. Нашето најсреќно решение би било да се задржиме на основниот концепт. Она што овој закон предлага да биде по четири години, зошто по четири, нека биде и сега. Ништо ВМРО-Народна партија со тоа не добива. Апсолутно ништо. Ни вака ни така. Ама добива едно, добива со тоа што пред граѓаните на Република Македонија се прокламираме како зрела партија која знаеме што е приоритет на оваа држава, поточно ги знаеме државните интереси над партиските и таа разлика знаеме да ја направиме затоа што некој овде очигледно не знае. Се додека не ја свати, се додека таквите прокламирани лидери не ја сватат разликата помеѓу државен и партиски интерес Македонија нема да оди далеку. Тешко на Македонија ако такви личности ни бидат премиери. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Караџоски.

Има збор пратеникот Спиро Мавровски.

**Спиро Мавровски:** Благодарам потпретседателе,

За жал јас мислев ќе ја продолжиме дискусијата, пошто не можам да гледам зад мене, гледам дека таму е само господинот Зоран Крстевски, а со него немам што да полемизирам, госпоѓата Силвана Бонева ја нема, не знам дали ги навредивме можеби пак се на прес конференција, но очекував дека ќе бидеме малку сериозни, барем да ја издржиме оваа седница да можеме да расчистиме факти и аргументи кој, каде и зошто говорел. Сега не би сакал вас да ве замарам останатите пратеници, но само сегменти од она што некој го говорел во првата фаза и што сега прифатил

Што се однесува до составот на Државната изборна комисија до членовите, до регионалните изборни комисии, до општинските изборни комисии лично сметам дека до овој момент не е можно едноставно судиите да се иземат од изборниот процес, затоа што сепак од сите категории на граѓани во смисла на нивна професионална ориентација дали се тоа припадници на државната администрација, на јавна администрација, судии, сепак се категорија на професија која е помалку подложна на дневно-политички влијанија и повеќе резистентна на политички отпори и посебно ако тоа решение биде со ждрепка да не бидат предлагани од политичките партии за да не им се создава хипотека дали се предложени од позициона или опозициона партија.

Како што кажав членот 34 апсолутно повеќе не говори за судии. Денеска не слушнав ни еден збор во однос на судиите и тие беа корумпирани и тие беа дел од државната и јавната администрација, но сега ги нема и никој повеќе ништо не говори.

Понатаму, многу битен момент е да се дефинира термин на изборите и тоа во ни еден амандман освен она што го предложи ВМРО-Народна партија, го нема никаде. Дали тоа ќе биде, не говорам за овие избори, говорев општо за избори во Република Македонија како што дефиниравме за локалните избори дека ќе бидат крајот на март било која година после 4 години како ќе се одржуваат локалните, мислам дека сега требаше и мораше да се договориме кога ќе бидат тие избори. Таква работа нема.

Понатаму почитуваната госпоѓа Бонева, за две работи, исто така би го кажале нашето мислење за контролното пребројување таканаречен рикаунд. Во изборниот законик предлагаме да се воведе овој институт контролно пребројување. Со воведувњето на институтот контролно пребројување се овозможува политичката партија или коалиција која во изборната единица има добиено 10 или 15% помалку гласови од првопласираната политичка партија или коалиција да има можност да побара од Државната изборна комисија да се изврши проверка на целокупниот изборен материјал за спорните гласачки места.

Исто така, сакам да напоменам дека е неопходно потребно во изборниот законик д се внесат одредби со кои ќе им се овозможи на државјаните на Република Македонија кои се наоѓаат на работа во странство, односно иселеници кои го остваруваат своето уставно право да можат да гласаат во ДКП и сега што од ова? Од ова нема ништо, никој ништо не говори, колегите ги нема.

Понатаму, изборите и референдумот се нераскинливо врзани за избирачкиот список и пред секои избори се отвора прашање за мртви

души на избирачкиот список. Неусогласеност на податоците во избирачкиот список со податоците од потписот и понатаму тоа да не се провлекува, да се направи сериозно прочистување на избирачкиот список пред одржување на изборите. Предлагаме тоа да биде од страна на комисија која е составена од партиите на власт и партиите во опозиција, меѓутоа, и од експерти од меѓународни организации.

Исто така, избирачкиот список треба да се препушти на државен орган кој единствено би бил надлежен. Значи, еве го повторно избирачкиот список, избирачката комисија која што ова треба да го прочисти и како што кажав, тие не стигнаа ни до Министерството за правда за да можат да се вклучат во она што требаше да го прават. Но, тоа не се случи. Понатаму, уште неколку ситуации.

Исто така, во ставот 2 треба да се внесе дека треба да се печати посебен список за лицата кои се наоѓаат во странство за да не бидат злоупотребувани нивните гласови и да не бидат правени фалсификати како што имаше во минатото. Многу полесно ќе биде за увид до колку бидат оделени на еден посебен избирачки список. И сето ова и уште многу работи господата од ВМРО-ДПМНЕ за кои што се залагаа во првата фаза од ова нема ништо во сегашниот изборен законик, но нема ништо ни од нивна страна и тие се задоволни со една единствена солуција, еден човек во избирачкиот список. Сега веруваат и во државната и во јавната администрација. Не знам кој ќе го поставува тој еден човек во избирачките одбори, дали тој ќе биде некој од внатрешни со големо искуство што може да ги следи сите овие 4, или пак договорот е како што беше за претседателските и за локалните избори, секој каде што треба, колку треба да постави ливчиња и на крајот да броиме сите заедно и тука да бидеме среќни и весели на крајот, дека некој ќе го нема. Но, уште еднаш ќе ги разочарам, ние сме тука, ние ќе бидеме пак тука за жал на некои и за среќа на народот, затоа што ова е совеста на овој Парламент и тука остануваме до крај, со тоа што нудиме решенија со факти и аргументи. И мислам дека многу од пратениците од позицијата тоа го сватија, за некои многу касно, некои многу порано, но во секој случај сеуште има време да донесеме закони во интерес на граѓаните на Република Македонија.

**Слободан Најдовски:** Има збор пратеникот Љупчо Балковски.

**Љупчо Балковски:** Благодарам потпретседателе. Почитувани пратеници, јас денеска говорев еднаш за амандманот 192-а. Кажав дека ако тоа не се усвои, не се усвои, се нарушува целокупниот концепт, односно немаме правила на игра. Еве, се доведовме сега до ваква ситуација. Ниту имаме концепт на законот, значи немаме веќе закон. Ние ќе имаме закон после 4 години. Сега овие избори ние ќе ги правиме без закон, само со едно образложение на Владата дека тој амандман, односно сега веќе член 192-а се донесува, затоа што Владата така сакаше, односно затоа што ДПМНЕ и СДСМ така се договорија. Значи, ќе имаме избори без образложение од Владата зошто само овие избори ќе бидат одржани на ваков начин. Кога веќе тоа не се направи, се изгуби веќе концептот на целиот закон и немаме правила на игра и затоа сега се случуваат овие работи. Поготово што сега како пратеничка група даваме амандман каде што викаме, нека има двајца претставници на парламентарните партии од тие 5, нека се два плус три. Зошто да нема претставник на најголемата опозициона партија и во Парламентот и надвор од Парламентот, тоа е ВМРО-Народна партија. И пак немаме одговор од Владата, ниту од СДСМ, ниту од ДПМНЕ. Се молчи, а концептот е уништен, правилата за игра не постојат сега. Значи, се доведовме во ситуација навистина тој договор помеѓу СДСМ и ДПМНЕ за учество во избирачките одбори само на тие две партии всушност се докажува и со ова. Инаку, кога немаме концепт, требаше да се прифати и член од ВМРО-Народна партија да биде во избирачките одбори. Сега и да го прифатите, како што кажавме, ние ќе го одбиеме тоа. Се виде договорот помеѓу СДСМ и ДПМНЕ. Меѓутоа, која е одговорноста? Ако веќе, ви кажав според два закона ние ќе имаме одговорност кон членовите на јавната администрација што ќе бидат членови во избирачките одбори. Одговорност ќе нема во членовите од партиите што ќе учествуваат во тие избирачки одбори и затоа јас ги нареков тогаш два избирачки одбори, еден партиски избирачки одбор, другиот експериментален, па после 4 години ќе видиме како тоа ќе функционира за наредните 4 години, бидејќи овие избори веќе се видоа на каков начин ќе функционираат, без концепт и без правила на игра, туку само со договор едноставно од ДПМНЕ и од СДСМ. Одговорот од ДПМНЕ воопшто не го добивме затоа што и тие немаат одговор. Нивната цел се виде сега со овој амандман поднесен од наша страна. Тоа е само да нема член од ВМРО-Народна. Значи, се согласија господинот Мавровски што рече, со сите свои забелешки ДПМНЕ се согласи дека не треба да се прифатат, само ДПМНЕ да има член во избирачките одбори, а ВМРО-Народна партија да ги нема. Значи, што е, ако не е договор? Бидејќи концептот го немаме, правила за игра нема, два плус три се правилата за игра. Зошто во тие два да не влезе уште еден член од ВМРО-Народна партија? Затоа што не им одговара на ДПМНЕ, не на СДСМ. И на СДСМ им одговара ВМРО-Народна партија да не влезе, затоа што го одбраа полесниот и послабиот противник во таа игра и тоа многу добро функционираше за време на локалните избори. СДСМ се надева дека сега пак така ќе функционира и СДСМ е во право во оваа игра. Меѓутоа, ДПМНЕ на целата работа отиде со варијанта што не ја докажа овде, не ја докажа на овој амандман што ние го поднесовме. Овој амандман е поднесен само да се види дека ДПМНЕ не сака ВМРО-Народна да има член во избирачките одбори, а не дали ќе биде прифатен, или не. Ние бевме за професионални избирачки одбори, што не се усвоија, а што беше што Владата и Министерството за правда преку

Владата го достави во Собрание официјален текст на законот дека избирачките одбори ќе бидат составени од јавната администрација, 5 члена, претседател и 4 членови. А сега ни се случи после тоа, после договорот помеѓу ДПМНЕ и СДСМ, ајде сега ќе правиме два члена нека бидат партиски, три члена нека бидат експериментални во целата ситуација. Тоа кога се усвои, да речам, како составен дел на законот и кога ние поднесовме пак да бидат професионални, тој член да се избрише. Не помина тој член, сега го даваме овој амандман, да видиме дали ДПМНЕ и СДСМ имале договор, или не. Се потврдува дека имале договор, затоа што ако се прекрши веќе принципот, ако има два члена, зошто да нема три. Кој е одговорот? Зошто да нема три? Или пак поделбата во однос на целокупната ситуација во однос на средствата на ДПМНЕ им се важни за да нивните членови наместо набљудувачи како што сите партии ќе требаше да имаат набљудувачи на сите избирачки места во сите избирачки одбори да бидат набљудувачи. Набљудувачите не се платени, меѓутоа членовите ќе бидат платени. Ајде сега да имаме член во избирачки одбори и тоа на некој начин со добро промислено сценарио на СДСМ како што реков, затоа што секогаш треба да се бира послабиот противник. Го одбраа тоа и СДСМ доби во друга смисла, а ДПМНЕ го доби тоа што секогаш се залагаше, меѓутоа сега и го потврди ВМРО-Народна партија да нема член во избирачките одбори. Инаку, овој амандман ќе поминеше и ДПМНЕ требаше да гласа за овој амандман. Затоа што овој амандман од два, всушност е доказ и во тој избирачки одбор ако во некој случај кажуваше дека избирачките одбори се целосно партизирани од страна на СДСМ, сега ДПМНЕ се согласил четворица членови од тој избирачки одбор, значи еден е директно од СДСМ, тројцата кажуваат дека се партизирани од СДСМ. И сега се согласи од 5 члена само еден да имаат тие, 4 да имаат од СДСМ, само ВМРО-Народна партија да нема член. И тоа не се прифаќа сега. Така што без разлика што се сите овие искажувања во овој период, ве прашувам уште еднаш, одговорноста ќе ја немаат партиските членови во избирачките одбори Тука е проблемот, одговорноста и тешкотијата и маката ќе ја имаат членовите на јавната администрација. Тие воопшто, ви реков и пред малку, ќе гледаме и ќе се направи анализа колку забелешки ќе имаат членовите од јавната админситрација во избирачките одбори. Многу малку забелешки ќе имаат или членовите на СДСМ, или членовите на ДПМНЕ во тие избирачки одбори. Не може член од јавната администрација да се впушти во целата таа игра и да даде некоја забелешка. Тие ќе бидат исклучоци. И тоа всушност ќе го добиеме со овие парламентарни избори каде што изборите всушност ќе ги водат двете партии ДПМНЕ и СДСМ со избирачки одбори составени од по двајца членови. Друго е тројца партиски членови да бидат во избирачки одбори и нека бидат во овој случај сега, бидејќи веќе концептот го немаме и ги немаме и правилата, нека бидат и двајца членови од јавната администрација. Меѓутоа, сега со целосен помешан концепт, без никакви правила на игра не се согласувате ВМРО-Народна партија да има член во избирачките одбори. Затоа реков, ние го поднесовме овој амандман само да докажеме дека имало договор помеѓу СДСМ и ДПМНЕ, за да се истисне ВМРО-Народна партија, СДСМ да го направи и да го придобие послабиот противник, сигурно од страна на ДПМНЕ условот се покажа и сега, се прочитаа сите забелешки што ги имаше ДПМНЕ, се откажа од сите само ВМРО-Народна да го нема тој член во избирачките одбори. ДПМНЕ дури ја критикуваше и Владата и нас како Парламент, зошто се прифати амандманот со двотретиснко мнозинство да се бира претседателот на ДИК. Наместо да се зајакне опозицијата, тие и за тоа беа спремни зошто се прифати тој амандман од ВМРО-Народна партија. И сега еве го одговорот сега го добивме со овој амандман со неприфаќањето на овој амандман и неизгласувањето,очигледно нема да се изгласа овој амандман, меѓутоа се виде на дело дека договорот помеѓу СДСМ и ДПМНЕ за овие избори во избирачките одбори постои.

**Слободан Најдовски:** Има збор пратеникот Александар Флоровски.

**Александар Флоровски:** Јас навистина ќе се трудам да бидам што пократок во интерес на времето. Единствено што ме разочараа гостиве многу брзо дојдоа и многу брзо си отидоа дијагонално лево од мене. На што се должи тоа, не е битно и нема да коментирам, тој дел апсолутно не ме интересира.

Министерке, еве еден амандман кој сметам дека е круцијален, битен, да не кажам од животна важност од едноставна причина што со прифаќањето на овој амандман ќе покажете добра волја, ќе покажете дух на соработка, ќе покажете и позитивна енергија овој амандман да се инкорпорира онаму каде што му е местото, а местото му е во членот 192 ставот 5 кој треба да се менува и да гласи. Не ви го читам, го имате пред себе. Мислам дека вградувањето на ваквиот амандман ќе биде исклучиво во духот на добрата волја и меѓусебната доверба кои никако не можеме да си ја наметнеме едни и други. А што е пак најчудно оние кои требаа фактички нас да не подржат, настрана позицијата, реакцијата на позицијата е млитава, да не кажам,скоро никаква и не кажаа ниту збор точен, ги напуштија и столиците каде што седат. Значи, она што значи нивен партиски интерес, тоа е исполнето и преточено во избирачкиот законик. За жал, беседата, ако можеме да ја наречеме папазјанија, или ујдурма, не можам да се отргнам од впечатокот дека имате како Влада и учество и договор со "релевантна" опозициона партија со сите кои како омнибус се движат зад таа релевантна опозициона партија. Амандманот е толку прост и толку едноставен што било кој лаик да го соберете од улица ќе го прочита и ќе ви каже дека најголем број на пратеници сега во моментот и во овој состав има пратеничката група на ВМРО-

Народна партија. И тоа ако го преточиме, значи ако бројот на нашите пратеници се преточи во бројка, како сакате вртете ја, ние сме најголемата опозициона партија во Парламентот.На терен, здравје боже, ќе видиме . Според тоа, мојата заложба е, но овој е многу битен амандман во функција да ги смирите духовите овде меѓу сите нас за да имаме доверба дека изборниот процес ќе тече максимално коректно. Треба да го прифатите овој амандман предложен од Караџоски и од Којзеклсика. Тоа ви го велам од едноставна причина и волкот да е сит и овците на број, за да не бидете обвинувани дека правите дилови, си се договарате и се усогласувате таму каде што има потреба со релевантната политичка опозициона партија, во случајов ВМРО-ДПМНЕ чиј генетски код го нема во таа партија, но тоа не е ваш проблем и за да кажете дека изборите барем вие од ваш аспект со прифаќање на овој амандман изборите треба да бидат не само фер, треба да бидат коректни и треба да се спроведат без насилие во духот на добрата волја која не постои ниту овде, ниту на терен. И поради наша партиципација за да ние не се сомневаме утре дека нешто ни се работи зад грб, за да не ве обвинуваме од овие места дека сте се договориле со господинот претседател, бидејки претседател и лидер не е исто. Значи, за да ја стекнете нашата доверба за да можеме да го убедиме и членството наше да се однесува коректно на изборите, бидејки ова ние ќе мора да го преточиме меѓу обичниот народ и ќе им кажеме: да, господа, се прифатија овие амандмани, или не се прифатија. Ако не се прифаќаат јас имам право со полн глас да им кажам: да, господа, СДСМ спрема заедно со дотичната опозициона партија дебел фалсификат и однапред ќе кажам дека изборите ги местите. Значи, во таа функција да не се случи она што се случуваше на последните претседателски избори, има еден турски збор, сана, бана, тебе, мене, а тоа значи и ќе уфрлуваш гласачки ливчиња за мене на едикојси гласачко место, а јас тоа ќе го надополнам за тебе на друго гласачко место се со една цел да стигнеме до процентот 51 кој е валиден за изборот на претседател на држава, во случајов и за избор на пратеници. Значи, нашата интенција е таа. Тука ќе завршам. Сметам дека ќе имаме и други битни работи да кажеме, министерке, се во духот на добрата волја. Сметам дека овој амандман не само што е издржан. Не гледам дека ќе го смени многу концептот, туку ќе стекнеме доверба дека оваа Влада има искрени и чесни намери спрема опозиционата партија коај во моментот има најголем број на опозициони пратеници. Тука завршувам. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Флоровски.

Констатирам дека нема повеќе пријавени за збор.

Го заклучувам претресот по амандманот.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата за да преминеме на гласање.

Во салата сега имаме 62 пратеници.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од присутни 62 пратеници во моментот на гласање, гласале 58 пратеници, од нив 10 за амандманот, нема воздржани, 48 против.

Констатирам дека  Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 192-а за менување  на став 6 поднесен од пратениците Жарко Караџоски и Марија Којзеклиска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда, госпоѓа Мери Младеновска-Ѓорѓиевска.

**Мери Младеновска-Ѓорѓиевска:** Амандманот не се прифаќа.

**Слободан Најдовски:** Амандманот не е прифатен.

Констатирам дека нема други пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеници, 9 за амандманот, нема воздржани и 53 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 192-б по членот 192-а, поднесен од пратениците Љупчо Балковски, Чедомир Краљевски, Спиро Мавровски, Жарко Караџоски, Марија Којзеклиска, Ѓорѓи Оровчанец, Ристо Пејоски, Блаже Стојаноски, Ѓорѓи Трендафилов, Драго Шајноски, Слободан Чашуле и Александар Флоровски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда госпоѓа Мери Младеновска Ѓорѓиевска.

Повелете госпоѓо Министер.

**Мери Младеновска-Ѓорѓиевска:** Амандманот не се прифаќа.

**Слободан Најдовски:** Амадманот не е прифатен.

Има збор пратеникот Ристо Пејоски.

**Ристо Пејоски:** Благодарам потпретседателе.

Амандманот 192-б ќе го поддржам од следните причини.

Прво, Владата односно владеачките партии, тргнувајќи од принципите на демократскиот елитизам, се состанаа надвор од парламентарната арена со елитите на опозицијата за да произведат договор и да формираат согласност за кодифицирање на новиот изборен закон. После долго политичко лигавење на дел од опозицијата претставена од ДПМНЕ, која уценувајќи ја власта и меѓународните претставници успеа да произведе концептуален хермафродит и од изборниот законик, вметнувајќи само два члена, еден до СДСМ и еден од ДПМНЕ. Власта сигурно се раководеше од приципот попушти за да победи. Но, изговорот беше дека

оваа партизација на избирачките одбори е заради партизираноста на јавната администрација и таквиот избирачки одбор ќе не штити од нејзе. Значи, имаме партизираност на избирачките одбори заради партизација на државната и јавната администрација. Смешен изговор за да се сокрие ситуацијата како тесните партиски интереси се над интересите за фер и демократски избори.

Наравоучение од првата причина заради која го поддржувам овој амандман е, не ја избегнувајте арената на аргументи наречена Парламент, оти тие кои имаат повеќе солзи од аргументи се плачковци, а не достојни политички противници.

Втора причина заради која го поддржувам овој амандман е, оваа наводно демократска елитистичка двоглава ламја составена од претставнците на СДСМ и ДПМНЕ, но со иста утроба е поставена во избирачките одбори со една цел. Имено, ја застапува тезата дека договорот меѓу СДСМ и ДПМНЕ да имаат по еден претставник во избирачките одбори е само да се контролираат меѓу себе во договореното. А, што е договорено? Договорено е да се елиминираат останатите политички субјекти, особено ВМРО-Народна партија по налог на нивниот заеднички работодавач и да постапат од прилика како во последните претседателски избори.

Наравоучение од оваа втора поддршка на овој амандман. Договорот меѓу двајца на штета на трети е штета за сите.

Трета причина заради која го поддржувам овој амандман е, бидејќи овој тип на избирачки одбори е типична манифестација на привремените парцијални партиски односно егоистички интерес на СДСМ и ДПМНЕ само на овие избори, а потоа наредните ќе продожлат во потполна професионализација. Се прашувам зошто оваа генерација има помалку право да ја ужива привелегијата на приватизацијата во изборната постапка. Би бил смешен изговорот заради намалување на тензиите предизвикани од стравот на изборен фалсификат, кој беше особено присутен во ДПМНЕ, што всушност е потсвесна проекција на нивниот страв од неуспех. Но, СДСМ, морам да признам, попуштајќи им бравурозно ги претвори од беспомошно уплашени во учесници на изборните манипулации. Повторно се прашувам кој има право, заради егоистични парцијални привремени партиски интереси да ја загрози или полошо да ја одземе иднината на идните поколенија.

Друга причина оти сум за овој амандман е да и се даде за право на една политичка изрека која гласи: "Народот заслужува онаква власт каква што ќе ја избере". Во кои услови важи оваа политичка изрека. Само во услови кога постојат фер и деморкатски избори. Но, со избирачки одбори со само двајца претставници на двете партии е оставена подотворена вратата на изборните манипулации. Народната волја може да се изигра преку послушноста на овие членови и така народот нема да ја добие власта за која гласал. Значи, не онаа која ја заслужил. Овој амандман апсорбира повеќе политички субјекти и произведува повеќе доверба.

Друга приина заради која треба да се прифати овој амандман и кој ами дава право да инсистирам на тоа е, сигурно забележавте еден необичен молк, дури и кога зборуваа кај позицијата во овие денови. Овој необичен молк, покрај другите објаснувања е извонреден знак дека функцијата совест постои и е почитувана. Соочена со хермафродитскиот компромис во избирачките одбори и знаејќи колку е тоа концепциска недоследност, одлучија да го послушаат говорот на совеста. Но, другите побегнаа надвор од Парламентот како изневерени љубовници, неможејќи да се соочат со доследноста и со исправноста на фактите кои обвинуваат, затоа што согласноста за избирачките одбори, како што се предложени од нив се само една рак рана, која може брзо да метастазира низ сиот изборен процес и да настапи смрт од изборен фалсификат.

Во таква констелација кога едните помалку зборуваат но имаат совест, а другите побегнаа, предлагам прифаќање на овој амандман како последна можна корекција за да се зголеми довербата и да се намали можноста за изборна измама. Зашто, во едно сум сигурен, себе и меѓународната јавност не можеме да ги излажеме. Изгласувајќи го овој амандман овозможуваме барем предуслови да го смалиме растојанието меѓу стварноста, она што ќе се случи на изборите со идеалниот изборен законик, кој популарно е наречен скадинавски. Вистинските избори се срцето на демократијата, а таа е ограничена само со вистината и човечките капацитети, а всушност се работи како да се сочува достоинството на човекот, на македонскиот граѓани. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Инаку, постои уште една народна поговорка, ако двајца се договараат и се расправаат, третиот користи.

Повелете господине Стојаноски.

**Блаже Стојаноски:** Ако се однесува на народот македонски, тешко дека ќе искористи од овој договор. Меѓутоа, многу повеќе ми личи на една друга изрека, не поговорка, туку изрека која што во едно време ја зборуваше еден комунистички диктатор кој што велеше дека не се важни гласачите, туку се важни бројачите.

**Љупчо Јордановски:** Кој беше тој, се извинувам, навистина не знам.

**Блаже Стојаноски:** Јосип Висерионович-Сталин.

Значи, за да не се случи ова ние го предложивме овој амандман со цел, една и единствена цел, да се изгради доверба во избирачките одбори. Зошто не се сака сите да имаат доверба во изборните органи. Ајде така да ја сфатиме дискусијата. Оставете ги сите други причини. Главната поента е зошто да се нема доверба во избирачките одбори од страна на ВМРО-Народна партија. Оваа партија ќе ја земам како пример, вклучувајќи

ги тука и сите други политички субјекти, па и граѓаните на Република Македонија, за кои што впрочем и треба да се спроведуваат овие избори. Ако целта е доверба во изборните органи, ако целта е почитување на правилата во изборниот законик, кои што се внесени, ако целта е воздржување на учесниците во изборите од дејствија кои што ќе значат нарушување на изборните правила и правење проблеми во однос на спроведувањето на изборниот процес, тогаш уште еднаш се прашувам што е прииината што не се прифаќа ВМРО-Народна партија и останатите политички субјекти, вклучувајќи ги и оние кои што учествуваат во власта, а не се СДСМ, да имаат свој претставник во избирачките одбори. Јас не гледам ниту еден разумен одговор кој што го дава Владата при предлагањето на овој амандман односно при предлагањето на она решение кое што го има за наредните парламентарни избори, ниту пак гледам аргумент од страна на таканаречената најголема опозиција, која што се согласува со тоа. А, целта е, верувајте, сите препораки и од ОБСЕ, ЕУ и од САД велат вака, да се изгради доверба во изборниот процес. Прв чекор е градењето доверба во изборните органи, санкционирање на прекршителите и воздржување на учесниците во изборите од дејствија кои што ќе значат насилство и други начини на прекршување на изборните правила. Со две реченици целата Меѓународна заедница ни кажа што треба да сториме. Ние даваме предлог, вие велите вашиот предлог не важи, не може да се реализира, затоа што ние од ДПМНЕ и со ние од СДСМ се договоривме тоа да не биде така. Кажете аргумент, кој ви е аргументот? Дали со она што го предлагате во законот изградивте доверба од страна на ДПМНЕ во изборните органи, во избирачките одбори. Дали сте сигурни дека е тоа така или од друга страна што направивте. Уништивте еден концепт кој што е важечки во сите европски држави, во најголем дел од нив и каде што нови ленки на ЕУ направија избори согласно тие критериуми, тие стандарди и тие избори беа навистина успешни. Значи, не ги земаме туѓите искуства во поглед на спроведувањето на изборите, не ги прифаќаме препораките кои што ни ги даваат претставниците на Меѓународната заедница, не ги прифаќаме аргументите кои што произлегуваат од ВМРО-Народна партија во овој Парламент, не ги прифаќаме изјавите на јавните расправи од страна на лицата кои што се занимаваат со изборното законодавство. Тука не сакам да ги кажувам нивните имиња, сите ги знаете и сите беа во иста насока, во насока на она што е прифатено од страна на Венецијанската комисија. Отстапувњето од тој принцип нема логичен разумен одговор или резон, освен дека зад ова се крие политички договор кој што треба да ја наруши волјата на гласачите за време на парламентарните избори. Уверете не дека не е така. Дајте еден аргумент со кој што ќе поврдите дека на овој начин градите доверба во изборните органи.

Нашиот предлог е следниот, претседателот на избирачките одбори да биде од државната администрација по случаен избор. Вие не прифативте целосно да бидат членовите од јавната администрација со компромисите кои што ги правите со дел од опозицијата. Меѓутоа, ако веќе го напуштате изворниот концепт на изградена доверба врз основа на законски претпоставки кои што ќе значат санкционирање на неправилностите на сите оние членови на избирачките одбори, вклучувајќи го тука и за Република Македонија една од најголемите санкции, а тоа е губењето на работното место во услови на 400 илјади невработени во државата, дефинитивно вие не можете да дадете аргумент дека со прифаќањето на двајца членови од јавната администрација и двајца членови претставници на политичките парти сте го решиле прашањето околу довербата, околу градењето на доверба во изборните органи. Ако веќе се напуши основниот концепт, направете нов концепт, кој што ќе значи повторно градење на доверба на поинаков начин, со партиски членови во изборните органи. Партиски членови во изборните органи треба да имаат сите оние кои што меѓу себе можат да се контролираат како што претставуваат релевантни политички чинители. Кои се тие? Зошто единствено оставате двата претставници на јавната администрација да и бидат проблематични при конципирањето на избирачките одбори. Наместо нив, еден од нив, од тие членови може да биде претставник на најголемата парламентарна опозициона партија ВМРО-Народна партија и еден да биде претставник на останатите политички партии, кои што заедно со вас, заедно со СДСМ учествуваат во власта. Имаме четири членови, двајца од позиција, двајца од опозиција и еден претседател на избирачки одбор кој што ќе биде избран по случаен избор, претставник на државната администрација. Ова што го зборувам не е прифатливо за Владата и пак ќе се вратам и ќе завршам со тоа. На овој начин само потврдувате дека не ви се важни гласовите, туку ви се важни оние кои што треба да ги бројат тие гласови. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 66 присутни, 58 гласале, 13 гласале за, еден воздржан, 44 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Господине Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Почитуван претседателе, мислам дека во духот на оваа конструктивна дебата што се води во носењето на законот, без разлика на разликите што постојат и без разлика на тоа што, еве имаме и денес прилика после подолго време една пратеничка група да дојде и да присуствува, предлагам согласно Деловникот за работа на Собранието на Република

Македонија член 64 став 4 и барам поддршка од 10 пратеници да ја продолжиме работата на седницата на Собранието на Република Македонија.

**Љупчо Јордановски:** Има 10 пратеници.

Согласно Деловникот Предлогот на господинот Јани Макрадули го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 57 присутни, 57 гласале со три картички потпишани, 54 за, нема воздржани и 3 против.

Констатирам дека Предлогот е усвоен.

Отворам претрес по амандманот на член 193 став 2 поднесен од пратениците Љупчо Балковски, Чедомир Краљевски, Спиро Мавровски, Жарко Караџоски, Марија Којзеклиска, Ѓорѓи Оровчанец, Ристо Пејоски, Блаже Стојаноски, Ѓорѓи Трендафилов, Драго Шајноски, Слободан Чашуле и Александар Флоровски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда.

Повелете.

**Мери Младеновска Ѓорѓиевска:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Господине Стојаноски, повелете имате збор.

**Блаже Стојаноски:** Значи, Владата до сега два пати во овој Парламент во нашиот мандат предложи закон за изменување на Законот за избирачки список. Првиот пат беше определен рок до 31.12.2005 година, меѓутоа Владата не најде доволно сили да ја реализира таа обврска и да го оспособи Министерството за правда да може во целост да го води избирачкиот список.

Потоа се донесоа измени на Законот за избирачки список со кој што се пролонгира тој рок.

Сега, со овој закон повторно во членот 93 е наведено дека Државниот завод за статистика ќе продолжи да ја врши организационо техничката и методолошката обработка на податоците од избирачкиот список до конечното негово преземање од страна на Министерството за правда.

Конечното преземање на избирачкиот список од страна на Министерството за правда може да се оддолжи во недоглед. Затоа ВМРО Народна партија предлага по зборовите "Министерството за правда" да се додадат зборовите "а најдоцна до 31 декември 2007 година".

Јас не гледам причина бидејќи Владата имала две години можност да се подготви и да не реализира преземање на избирачкиот список од страна на Министерството за правда сега за уште наредни две години да не може да ја реализира таа нејзина обврска и навистина Министерството за правда да биде лоцирано како субјект кој што ќе биде одговорен за податоците во избирачкиот список. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи нема пријавени за збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од присутни 64 пратеници, гласале 55, од кои 11 за, нема воздржани, 44 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Продолжуваме со претрес по текстот на предлогот на законот.

Ве молам, кој бара збор?

Има збор господинот Ѓорѓи Трендафилов.

Молам да бидеме пократки, затоа што навистина кажавме што имавме да кажеме.

Повелете.

**Ѓорѓи Трендафилов:** Почитувани членови на Собранието на Република Македонија, почитувани членови на Кабинетот на претседателот Црвенковски, кој во слободно време како хоби сте и пратеници на овој законодавен дом, дозволете по текстот на изборниот законик да споделам некои размислувања со вас.

Поттикнат од амандманската расправа по прашањето кое е на дневен ред во текот на изминатата работна седмица и особено поттикнат од практично ренесансниот карактер кој е ретка прилика да се види во Република Македонија, а камо ли во Собранието на Република Македонија недвосмислено тој епитет и припаѓа на почитуваната колешка Силвана Бонева и делумно можеби најблиску од позицијата се допира до тој карактер на ренесанса и нерудистички карактер почитуваната колешка Славица Грковска.

Имено, кога во Амстердам е пален на клада Јан Куст според обичаите на тоа време граѓаните кои го гледале тој значаен за тоа време јавен настап имале право да фрлаат и тие гранки за да го поттикнат огинот кој требало да го запали еретикот. Историјата на Јан Куст му ги препишува зборовите дека гледајќи една немоќна старица како се пробива со неколку гранчиња едвај низ гужвата и таа да даде свој придонес во горењето на тој еретик ги кажал зборовите "О, света простотијо". Значи верувам дека ренесансните карактери за среќа на просперитетот и прогресот на оваа земја мило ми е што ги гледам дека се присутни со тело и со дух и во Собранието на Република Македонија.

Ние ја завршивме амандманската расправа почитувани членови на Македонскиот Парламент врз основа на еден политички договор ...

(Пратениците меѓусебно си дискутираат)

**Љупчо Јордановски:** Ве молам да послушаме уште малку за ренесансата.

Господине Трендафилов мислам дека сега ќе морам да ги применувам дигресиите. Првата дигресија ви заврши.

Господине Есад Рахиќ ве молам. Ве молам, издржавме толку време, можеме сеуште да чуеме.

Повелете продолжете по текстот на законот.

**Ѓорѓи Трендафилов:** Јас знам дека сте воодушевени од резултатот на гласањето ...

(Пратениците меѓусебно си дискутираат)

**Љупчо Јордановски:** Ве молам госпоѓи и госпоѓици нека излезат надвор и таму нека се договараат.

**Ѓорѓи Трендафилов:** За жал јас немам дозвола за извршување на медицинска пракса така да не можам да ви препорачам. Обратете се на тие кои што имаат лиценца за тоа.

Не е страшно што амандманите или нивното неусвојување поминаа во духот на политички договор затоа што Парламентот е место каде што политичкиот договор треба да биде пред сите други инструменти на изградување на ставовите во интерес на Република Македонија.

(И понатаму пратениците во салата меѓусебно си разговараат.

**Љупчо Јордановски:** Господа, навистина ве молам.

**Ѓорѓи Трендафилов:** Да ве потсетам дека сите гласавме да работиме по 18,00 часот.

**Љупчо Јордановски:** Ве молам, ве молам. Јас водам седница и јас знам што правам.

**Ѓорѓи Трендафилов:** Значи, како што кажав, неусвојувањето на клучните амандмани е резултат на политички договор. Барем така, или во таква атмосфера, наметната во јавноста се водеше расправата зошто поголемиот број од амандманите, или оние неколку кои ВМРО Народна партија сметаше дека се од суштинско значење, или пак она што практично една година работење низ работни тела, експертски групи под покровителство и на ОБСЕ и на Министерството за правда како некаква генерална концепција требаше да биде преточена во закон, проблемот е што тој политички договор е скапо наплатен. Проблемот е што за тој политички договор СДСМ треба да инкасира 300 илјади евра од џеп на Буџетот. Проблемот е што ВМРО-ДПМНЕ ќе инкасира 300 илјади евра од Буџетот на Република Македонија и највеќе е проблемот што македонскиот глас вреди 50 евро центи. Значи отприлика доаѓаат уште по 250 илјади евра по завршување на изборите.

Проблемот е почитувани членови на Македонскиот Парламент во следново:

Македонските граѓани повторно ќе бидат подложни на една кампања од типот гласачкото ливче не може да отиде само. Повторно македонските граѓани ќе бидат бомбардирани со соопштенија, изјави на реномирани медиумски куќи дека одзивот е толку масовен, што оној граѓанин кој нема да се појави на гласачкото место практично извршил национално предавство. Затоа се потребни овие партиски членови кои ќе бидат платени од Буџетот на Република Македонија. Генерално и мене не ме интересира што ќе направат со гласовите, бидејќи гледам дека не ја интересира Владата и не ја интересира дел од опозицијата која е платена да биде опозиција, туку тие имаа првенствена задача евентуалниот цензус на излезеното 60% на пример да го претстават да биде 65 или 70%, затоа што пола евро чини еден македонски глас.

Сојузот, а тој долгорочен и траен сојуз е востановен за време на претседателските избори во Република Македонија и тој функционира.

Доколку е јавен и доколку не е на штета на Република Македонија тој е политички договор. Тоа е политички сојуз и од тоа не треба да се срамат главните актери. Впрочем, дел од тој политички сојуз својата политичка карта на Република Македонија во поглед на некакви идни евентуални договори ја соопшти во претседателската вила во Охрид каде што јасно кажа дел од овој Договор, дел од било каков политички договор не смее да биде ВМРО Народна партија и господинот Љубчо Георгиевски.

Ние на два пати преку амандманите на членот 192 се обидовме, бидејќи ова е практично јавна работа во земјата и нема проблем што е толку јавна во Република Македонија и за оние кои преку дипломатско - конзуларните претставништва се присутни во Република Македонија е познато и за нив, да се обидеме да излеземе од овој политички ќорсокак со тоа што првиот предлог на ВМРО Народна партија, членувањето во избирачките одбори да не биде заградено, ограничено само за две политички партии. Да биде овозможено нивно присуство на овластени набљудувачи бидејќи тие ќе имаат овластени набљудувачи, членови на избирачките одбори кои можеби парцијално ќе учествуваат во изборната трка само во еден изборен регион, а ќе бидат претставници на независна листа на кандидати за Парламентот. Нив им е оневозможено рамноправното учество.

Одевме чекор понатаму со реафирмацијата на овој предлог. Членовите на избирачките одбори кои не доаѓаат од редовите на државната администрација, она што е регулирано во член 19 став 2, членовите кои доаѓаат од редовите на политичките партии Државната изборна комисија со закон да биде уредено дека нема обврска да ги плаќа. И не беше прифатено. Тоа го спомнувавме вчера, го спомнуваме денеска. И потоа некој безобразно ќе излегува и ќе продава ветер и магла, колку тој бил голем борец, или како што често се употребува од патриотите "гиневме за Македонија", еве ги седат пред нас цело време.

На овој начин бидејќи зборуваме за транспарентни, фер и демократски избори секој оној кој се натпреварува на изборите имаше право да има некаква контрола каква што тој сака да има, или мисли во рамките на инструментот преточен во закон, без оглед дали е група избирачи, политичка партија или било каква интересна група која се собрала околу некаква заедничка регионална, национална или било каква политичка идеја.

Значи, транспарентноста со неусвојувањето на амандманите Собранието на Република Македонија не ја прифаќа. Фер изборите не се прифаќаат. Фер во смисла да заборавиме на фер избори кои значат овие ќе победат, тие ќе имаат

толку пратеници, ќе се дојде до Влада. Не, фер избори, да се потсетиме на претседателските избори, фер избори во смисла да не се зголемува лажно цензусот за да се влечат потоа оние пола евро од македонскит граѓанин кој излегол да гласа. А, после изборите, зависно од таа излезеност просекот е дека главните политички играчи кои заради пари го договорија овој закон, немој да мислите дека го договорија заради евроатланската перспектива ви се молам. Ако го договараа заради таа перспектива тие први ќе излезеа и ќе речеа членувањето во избирачките одбори на политичките партии и волонтерско, бидејќи членувањето во партијата е волонтерско, на доброволна основа. Не е по службена должност, или по било какви услови. Тоа е доброволно, а бидејќи станува збор за пари кои се земаат од Буџетот јас можам да констатирам дека еден Никола и друг Никола, едниот Груевски и другиот Поповски лесно можат да ја најдат математиката. Мене ми е жал што почитуваниот претставник на Кабинетот на претседателот на Републиката ја напушти салата затоа што тој има доста детали околу овој план. Значи, ја исфрламе транспарентноста која нема да биде присутна на следните избори.

Го исфрламе изразот фер затоа што изборите нема да бидат фер во смисла, вие се сеќавате дека во неколку наврати го смалуваме потребниот цензус за да се добие политичка легитимација за извршувањето на јавна функција од претседателските, локалните избори. На крајот на краиштата среќа е што на овој Парламент му завршува мандатот, мислам дека ќе собереше политичка храброст да прогласи дека воопшто не му требаат граѓаните да излезат на избори.

Почитувани пратеници,

Неусвојувањето на оние неколку клучни амандмани кои се однесуваа на целиот карактер на целосната легитимација каде што се содржани сите генералии на Република Македонија е пропуштена. Вие погледнете го текстот на законот, погледнете го воведот на законот и погледнете ги завршините одредби. Таму има голема разлика, а разликата се должи на тоа што станува збор не за политички договор, не за политички договор околу градење некаква национална стратегија за иднината на Република Македонија, туку станува збор за политички договор кој и во иднина во Република Македонија треба да ја држи олигархијата на комотноста на сенката каква што ја има сега. Видете ја насловната страница на "Утрински весник", 400 илјади евра се финансираа електрификацијата на пругата на потпретседателот на Владата Минчо Јорданов. Значи, СДСМ или ДПМНЕ му недостасуваа уште 100 илјади евра и тој да направи електрификација на некоја следна пруга...

**Љупчо Јордановски:** Ве молам господине идете надвор од темата и отидовте малку предалеку. Ве молам, избори се избори, за пари зборувате, се согласувам со тоа ќе добијат некои пари поради цензусот, но веќе отидовте малку предалеку.

**Ѓорѓи Трендафилов:** Дали вие почитуван господине Јордановски интервениравте да се прифати и вчерашната и денешната забелешка дека партиските претставници ќе бидат волонтерски ангажирани во избирачките одбори?

**Љупчо Јордановски:** Ако јас бидам таков партиски претставник јас ќе ги дадам моите пари, ве уверувам.

**Ѓорѓи Трендафилов:** Значи, да претпоставам дека вие можеби сепак одите како партиски кадар за амбасадор и тоа значи ли дека нема да примате плата таму?

**Љупчо Јордановски:** Може и тоа ако вас ве задоволува.

**Ѓорѓи Трендафилов:** Воопшто не. Доколку со вашиот углед и позиција издејствувате да постигне вашата партија и дел од опозицијата околу ДПМНЕ со јавна изјава ќе каже дека ќе ги донираат парите во Министерството за здравство на ВМРО Народна партија нема да им пречи да си ги поделат оние 600 илјади евра, за кои впрочем јас не го измислив тоа. Тоа го кажа господинот Макрадули во текот на претпладневната сесија на Парламентот.

**Љупчо Јордановски:** Добро, продолжете.

**Ѓорѓи Трендафилов:** Значи неприфаќањето на оние неколку клучни амандмани со кои Република Македонија имаше можност да се легитимира себе си како сериозна земја, како земја која се стекна со статусот кандидат за членка во НАТО и како земја која има јасна национална стратегија околу тоа што треба и каква ќе биде нејзината визија во поглед на националните стратешки итенреси, па без оглед дали левица или десница или некаква коалиција во иднина ќе ја има улогата на извршна власт.

Почитвани членови на македонскиот Парламент од вашето гласање против и со вашата би рекол, максимална политичка бесрамност, криејќи се за некаков важен политички договор, кој еве гледаме е многу видлив финансиски доготор, Република Македонија тешко дека нешто ќе може да направи. Инаку, зошто е таа грчевита борба и спорење со тоа дали ние ќе држиме кворум, или ќе нема кворум, само поради одредени барања кои произлегоа од рамките на работата на почитуваниот колега Блаже Стојаноски, кој навистина работеше практично една година во рамките на сите активности поврзани за законодавството.

Да ве потсетам, фактичкиот претставник на здружената опозиција, господинот Зоран Трајчевски се изгуби од зградата на ВМРО-ДПМНЕ до Министерството за правда. Еден единствен пат се обиде да оди таму. Претпоставувам дека се изгуби. Господинот Мавровски вели дека го завел снег. Но тој се изгуби среде Скопје. Замислете, на тој човек да му довериме со телекомуникациите да се занимава. Тогаш, Господ нека ни е на помош, ќе се вратиме кој знае каде. Тогаш вие членови на владеачкото мнозинство и дел од здружеаната опозиција можете да помогнете од донацијата на оние

600.000 евра да воведете интернет во секој дом во земјава. Господинот Макрадули зборува за информатичко општество, ВМРО-ДПМНЕ зборува за вториот или третиот мобилен оператор. Вие можете практично да учествувате на тендер и да добиете. Добро ви оди политичкиот договор, кој е многу економски јасен и кристален. Го имате претседателот на Републиката кој јасно ги даде смерниците во врска со изборното законодавсто и со релативно некаква блиска иднина на земјава. Во ред е вашиот договор, вашиот договор е меѓу фини момчиња, вие се разбирате и знаете со парите, но немојте да ги пуштате овие од ВМРО-Народна. А ВМРО-Народна ви предлага во избирачките одбори учествувајте, но тоа треба да биде на волонтерска основа. Или, со кое право им браните на група избирачи кои учествуваат прв пат на избори, тие да немаат во изборна единица 6 претставници во избирачките одбори. Овде јас слушам врз основа на член 9 дека сите се рамноправни, без оглед на вера , пол, социјална положба, потекло и слични работи, па се фотографиравте во Клубот заради тоа што секоја трета ќе била жена на листата. Зошто вие им ги затворате вратите на луѓето кои можеби на регионална и на локална основа да се здружат. Зошто ги оневозможувате да речеме, од некои пасивни краишта. Замислете североисточна Македонија, Владата на Бучковски преку Министерството за финансии и Комисијата за денационализација им ја даде практично североисточна Македонија. Па можеби, тие сакаат да интервенираат, бидејќи изгубија доверба во политички партии, во институции на систем и сакаат да се организираат така како што им овозможува законот. Да поднесат листа во трета изборна единица и да се обидат да си ги заштитат своите локални интереси, бидејќи тие живеат таму. Но, Владата и дел од опозицијата им велат вие можете да учествувате, но ние ќе ги броиме гласовите. Впрочем, секој ваш глас нам ни вреди половина евро, почитувани сонародници. И тоа половина евро треба да заврши само кај нас, но не и кај вас, без оглед што Штерјо Наков ја зеде практично цела североисточна Македонија преку Комисијата за денационализација. Луѓето за 12 квадрати пет години чекаат во таа Комисија, а овде илјадници хектари се даваат практично, за 24 часа. Интересна е денешната насловна во "Дневник" почитувани членови на Македонскиот парламент.

Во поглед на шансата што ја пропуштаме и што мислите дека сте толку мудри само вие, требаше да ја зачувате во онаа славна кафана наречена Клуб на пратеници. За жал, тоа не е така. Јас не сум ви дал мандат како граѓанин, ниту некој од моето семејство да си играте со судбината на сите нас. Да си играте во било кое време да можете да го зголемите цензусот да се набилдате финансиски, или пак да предизвикате непосредна соработка, или да предизвикате некакви тепачки. Затоа што очигледно, ниту ги слушате препораките, ниту сакате да ги слушате препораките, затоа што тогаш ќе бидат правилат и законите мошне јасни. Прашањето на изборите во Република Македонија ќе се држи на ниво дека станува збор за живот и смрт. Не се мрднува ниту милиметар од насока која тоа би значело дека прашањето на изборите е право на изввор на граѓаните. Дека некој ќе замине од одредена позиција и дека некој можеби ќе дојде на таа позиција. Но дека не етоа живот и смрт, дека ние ќе живееме и следниот ден после изборите и ќе ги имаме и понатаму истите проблеми, истите желби и истите соништа и надежи. Вие ја одземате со тоа што мислите дека толку сте вични во постигнување на договор со дел од опозицијата дека тоа е скриено и не е проблем. Ние ќе функционираме, така како што ќе функционираме. Нема да се функционира. Дури и најголемите поборници, госпоѓата Лилјана Иванова вчера изрази задоволство тоа што ЛДП сум ја посочил како една моторна сила во борбата против корупцијата. Вие треба први да бидете она што јас го зборувам од вчера, особено во поглед на финансирање на изборните кампањи. Без оглед дали тоа му се допаѓа на вашиот сопартиец кој е министер за труд и социјална политика, или не. Од вас очекуваше. Затоа што вие како жени, или како женско лоби овде промовирате хуманост. Да излезете и да кажете парите ќе одат во Министерството за здравсто. Членувањето во партии е доброволно. Не е по службена должност. А не да молчите, или веќе ако имате што да кажете, тоа направете го јавно, конфронтирајте ги и вашите аргументи со моите, а не овој начин. Очигледно е дека кога е за декларации, а веќе бевме на чекор да донесеме декларација, да го прогласиме ВМРО-ДПМНЕ за најголема опзициона партија во југоисточна Европа. Конфронтацијата се случува овде. Вие треба да ме убедите дека вашето размислување е исправно или јас обратно. Не треба да се прави, заради тоа што не знам. Политичкиот бенефит кој ќе биде на прво место, а всушност, станува збор за жал, за чисто економските бенефиции. Треба да ме убедите дека овде, во ова Собрание околу одредени законски проекти, околу одредени интереси, политичките претставници во Парламентот умеат да се обединат за да го препознаат вистинскиот интерес на граѓаните на Република Македонија. Мислите ним им е важно кој од која партија тука седи. Воопшто не им е важно. Среќа што е веќе сега истекот на мандатот, затоа што ние можеме, со оглед на тоа како работевме, можеме да измислиме што навистина, нема да оди во итерес на Република Македонија. Но се молчи за овие два клучни критериуми. Го оневозможувате правото на контрола. Значи, го исфрлате принципот на јавност, на транспарентност во изборниот процес. Го ограничувате и овозможувате манипулација во поглед на цензусот на излезеноста на граѓаните. Затоа што толку вреди еден македонски глас. Половина евро почитувана госпоѓо Иванова. Мислам дека цената на еден македонски глас е малку поскапа од половина евор. Се надевам дека се согласувате и вие со мене. Овој договор за жал, преку кампањите кои веќе се започнати, нема

да донесе ништо подобро за Република Македонија. Напротив, најавите дека се зголемуваат половина визите од Европската Унија, без оглед што некоја партија рече дека ќе ги укине визите, а министерката, односно шефот на дипломатијата доби некој патриотски импулс, па почна сега на истекот на мандатот да се бори за визите. Нема тоа да се случи. Не се случува, заради тоа што македонската младина е не интелегентна и не умее да ги совлада научните материјали кои се предаваат на европските универзитети, или дека македонските научни работници се понеспособни од нивните колеги во Европа. Затоа што, знаејќи не такви какви што сме под превезот на научни работници ќе излезат луѓе кои имаат огромен капитал, а никој не знае каков. Па потоа, господинот Најдовски повторно ќе предлага декларација за борба против ова или она. Но господине Најдовски верувам и за ваша, верувам и за несреќа на пголем дел од македонските граѓани, декларациите не ни помагаат.

**Љупчо Јордановски:** Господине Трендафилов, ова не е ниту доверба на Влада, ниту доверба на Парламентот, односно доверба на поедини парламентарци.

**Ѓорѓи Трендафилов:** Добро господине Јордановски, јас знам дека вие брзате да заминете од другата страна.

**Љупчо Јордановски:** Ако вака продолжите, нема да заминам сигурно.

**Ѓорѓи Трендафилов:** Не, ние држиме до нашиот збор. Тажно е што не успеавме да ве разубедиме дека принципот на транспарентност вредеше и сеуште вреди и не е сеуште доцна да го направи македонскиот Парламент. Принципот на транспарентност вреди да биде бранет од овој Парламент, без оглед дали ќе биде поддржан од оваа или од онаа политичка група. Принципот на фер избори не значи секогаш исклучиво фер избори во поглед на тоа дека 10 гласа за овој и 10 гласа за оној се таа вредност, туку принципот за фер избори значи да не се манипулира со излезеноста на македонските граѓани. Ако тие имаат недоверба во македонските институции, ако имаат недоверба во македонските политички партии, таа треба да биде верификувана, така како што мислат тие. Да не излезе и да не го даде својот глас, или да излезе и да гласа неважечки. Не го почитува овој Парламент гласот на македонскиот граѓанин. Третиот принцип изборите не можат да бидат демократски, затоа што се маргинализираат, а јас овде слушнав многу силни зборови од разни лоби групи. Тие што се бореа да го остварат своето право прекршувајќи го членот 9 од Уставот на Република Македонија, кои се потпретседателки на партии, зборуваа и го дадоа гласот и го сведоа овој Парламент дека македонските жени се доволни да бидат Парламентот. Но тие не се добри да бидат во Владата. Погледнете Владата има три дами. Тоа го кажува и критериумот за кој се бореа дел од политичките партии. Истата таа група која е врз основа на полова припадност, трвди дека е маргирализирана, со тоа што на локални заедници на регионални интересни групи им го овозможила правото на учество во изборните органи. Ја прави истата дискриминација. И затоа е лицеменрна целата таа постапка околу тоа дека секој трет мора да биде од припадник на полот кој е во малцинство, е лицемерна во самата основа, затоа што кога оној кој се бори да го оствари своето право да биде недискриминиран, да ги потисне тие сваќања во врска со неговата личност почнува да го прави кон другите. Приказната околу демократијата завршува почитувани дами и господа, без оглед дали некој во иднина овде ќе биде трет, пет или било каде на листата. Република Македонија можеше да докаже да умее да направи национален консензус околу изборно законодавство кое ќе трае најмалку неколку изборни циклуси. Но, не Република Македонија ќе оди 2006 на избори со изборно законодавство кое ќе важи само сега и никогаш повеќе. Зошто? Затоа што одредени лоби групи, одредени економски интереси во Република Македонија треба да бидат заштитени. И едната полтичка гарнитура која сега ја има номинално барем извршната власт е во голема мера под контрола на таа олиграхија која се подготвува или би сакала да ја заземе нивната улога е практично во истите раце. Така да, на крајот на краиштата перспективата, особено во поглед на прифаќањето на одредени демократски стандарди е далку.

Јас се извинувам што денеска зборувам по втор пат, но можам да ви кажам дека ВМРО-Народна партија се обиде максимално, можеби ќе имаме уште еден или два обида да ги почитуваме овие три принципи да се обединиме околу овие три принципи: транспарентност, односно јавност во изборниот процес, фер, не само во поглед на резултатот, туку во поглед на цензусот и демократски, на секој оној кој би сакал да се натпреварува да има право да партиципира во набљудувањето на изборниот процес на ниво на кое му го овозможува законот. Ниту еден од овие три принципи, за жал, не ги почитува Собранието на Република Македонија.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи сме при крај на донесување на овој закон и ја продолживме седницата, јас би замолил евентуално, да се каже став по законот по еден од пратеничка група, ако може за тоа да се договориме.

Господине Караџоски повелете процедурално.

**Жарко Караџоски:** Господине претседателе, почитувана министерке, почитувани колеги пратеници,

Учеството на пратеничката група на ВМРО-Народна партија во натамошната дебата навистина е излишно. Сакам да го соопштам ставот на ВМРО-Народна партија, бидејќи ги направивме сите обиди и во текот на амандманската расправа која траеше максимално долго во смисла да ве убедиме, тоа што можеше да се убеди и согласно на сето она што го кажа господинот Трендафилов. Нашето учество во понатамошната дебата е апсолутно непотребно и

ние нема да учествуваме повеќе во расправата, ниту пак ќе гласаме по однос на овој закон.

Сакам да ве информирам дека ВМРО-Народна партија ќе го напушти Собранието. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Ги молам и другите ако сме веќе тука да завршиме. Избришете се . Ако некој сака да зборува нека се пријави.

Дали некој бара збор?

Госпоѓо Лалчевска повелете.

**Ристана Лалчевска:** Благодарам претседателе,

Јас би сакала многу накратко да го искажам ставот на нашата партија по однос на изборниот законик, бидејќи една политичка партија се откажа од натамошна дебата во Парламентот и вие побаравте тој став да биде изнесен.

Изборниот законик и неговото донесување го следеше подолг временски период и на начин кој досега не се практикува за донесување на законикот во Собранието. Мене ми е мило поради тоа, бидејќи уште од старт пристапивме кон потреба за изменување на тој закон, па сите политички партии учествуваа, ги кажаа своите ставови, кои понатаму се вградуваа во зависност од прифатливоста на решенијата. Првата фаза ја поддржавме сите. Меѓу двете фази на законите имаше решенија кои не се вградија како барање на политичките партии, меѓутоа, морам да истакнам се судривме најмногу околу прашањето за ДИК, составот и начинот на избор и прашањето за составот на избирачките одбори.

Во тој временски период меѓу двете фази додека траеше и јавната расправа за законикот, се обидоа партиите и од власта и од опозицијата да дојдат или да се приближат во ставовите, односно да се постигне компромис. Кога постигнувате компромис значи нешто прифаќате, меѓутоа сте спремни и да отстапите и дел од вашите барања, се во интерес да изградите законик кој ќе биде прифатлив за сите и кој ќе биде добра основа за фер и демократски избори.

Тука би спомнала дека сепак, политичката волја за фер и демократски избори и законикот како основа се основни предуслови да се случат фер и демократски избори. Сите политички субјекти сносат одговорност, меѓутоа, секако, најголема одговорност сноси Владата односно власта.

Јас не зедов воопшто збор по амандманите. Сега би сакала да кажам зошто дојдовме до ваков компромис кај избирачките одбори. Се судрија два дијаметрално спротивни ставови. За да се приближиме по ставовите се понуди решени какво што сега е вградено во законикот кое е прифатливо и за опзициските партии и за власта како преодно решение за во иднина да изградиме нов тип на законик кој ќе биде применлив, кој ќе биде добра основа за демократски и фер избори.

Морам посебно да истакнам една демократска зрелост на политичките партии, барем на поглемиот број на политички партии, а тоа е што во овооj законик се отслика половата рамноправност и учество на двата пола во процесот на одлучување. А Собранието е ми се чини вистинското место, каде што се носат одлуките.

Затоа, го поздравувам прифаќањето на амандманот и го поздравувам решението за учество на двата пола во избирачките одбори што ќе даде една гаранција за поголема демократичност во државата.

Ние како Либерална партија, она што го поднесовме како наше првично видување за измените на законикот, воглавно беа вградени во текстот на законот. . .

**Љупчо Јордановски:** Госпоѓо Лалчевска, прво, ние скоро 10 дена дискутираме по овој закон. Второ, имаше над 114 амандмани. Вашиот партиски став во врска со законот можевте да го браните и да го дискутирате во врска со амандманите. Вие не бевте присутни овде. Тоа е ваша политичка одлука и јас не се мешам во ова. Но, јас не би сакал сега , на крајот да го користиме правото да се зборува по текстот на законот и вие да го кажувате вашиот став од аспект на тоа зошто сметате дека овој закон е добар или лош. Вас ве немаше овде скоро 10 дена.

**Ристана Лалчевска:** Претседателе, одлуката за наше неучество во расправата беше многу јасно кажана. Ние воопшто не ја опструиравме работата на Парламентот.

**Љупчо Јордановски:** Ако не, ќе се враќаме на правило на дигресија. Вие веќе втората дигресија ја потрошивте. Имате уште три минути, дигресија трета. Ве молам продолжете.

**Ристана Лалчевска:** Зошто, и дигресиите имаат минути?

**Љупчо Јордановски:** Да. Имате право уште на три минути на дигресија.

**Ристана Лалчевска:** Јас сакав да кажам само која беше постапката на балансирање на текстот на законот. . .

**Љупчо Јордановски:** 114 амандмани имавме во врска со тоа.

**Ристана Лалчевска:** Претседателе, јас не поднесов ниту еден единствен амандман на текстот на законот. Ниту еден единствен амандман Либерална партија не поднесе на текстот на законот, затоа што го следеше процесот на компромисно договарање.

**Љупчо Јордановски:** Вас не ве интересираа амандманите на другите пратеници. Тоа не ве интересира.

Ве молам, сега имате уште три минути, трета дигресија, или вратете се и дискутирајте по členовите на законот.

**Ристана Лалчевска:** Претседателе, очигледно кај вас трпението попушта. Меѓутоа, јас не сум виновна за тоа. Сепак Либералната партија ќе даде поддршка на законикот затоа што се изгради законикот низ пат на компромиси кои ќе гарантираат дека сите политички опции ќе го прифатат, ќе го почитуваат и сите ќе се заложат за фер и демократски избори. Не тврдам дека сите решенија во текстот на законот се доближено

до идеално, меѓутоа, ниту очекувам, ниту очекував, сите политички парти да се најдат на иста бранова должина. Меѓутоа, овој законик е одраз на целиот процес на договарања каков законик треба да имаме за да овозможиме добра основа за она што не чека наскоро. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Госпоѓо Бонева, ако го искажувате ставот на вашата пратеничка група, имате 5 минути, или 9 минути, три по три минути дигресии, а ако зборувате по текстот, повелете.

**Силвана Бонева:** Почитуван претседателе, мислам дека не сме имале ограничувања за дискусиите по текстот на законот, ниту пак однапред утврдивме ограничувања, за да ни кажувате сега дека имам само 5 минути.

**Љупчо Јордановски:** Госпоѓо Бонева, имаме едно право на дигресија ако зборувате по текстот на законот, по членовите што вас не ви се допаѓаат, но еве, сите велите и оваа коалиција овде што е мнозинство е напаѓана дека е направен некој дил и договор. Вие немавте амандмани и не гледам зошто воопшто би можело да се дискутира по текстот на законот. А ако веќе сакате својот став да го кажете, тоа го сметам како дигресија, надвор од текстот на законот, имате право трипати по 3 минути, 9 минути, кажете го својот став во врска со текстот на законот.

**Силвана Бонева:** Благодарам почитуван претседателе.

Ќе се обидам најкратко што може да го искажам ставот на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ, по текстот на изборниот закон кој веќе го имаме пред нас. Да се надеваме дека до крајот на расправата белким ќе има расположение од Министерството за правда, некои решенија на кои во целата оваа постапка на носење на законот, укажувавме, се со една единствена цел, не ВМРО-ДПМНЕ да зацврсти некоја своја позиција во некој изборен орган, туку да направиме изборен закон кој ќе биде многу подобар отколку што се сегашните решенија, а крајната цел е да може преку него да спроведеме фер и демократски избори и да го гарантираме правото на граѓаните, нивниот глас да не биде злоупотребуван.

Ние како политичка партија уште во првата фаза ги кажавме скоро сите наши забелешки и тие во најголем дел беа и од технички,меѓутоа и од суштински карактер.

Во првата фаза на законот, мора да потсетиме дека ја немаше одредбата со која во избирачките одбори треба да ги нема партиските претставници. Значи, во првата фаза на носење на законот, партиските претставници беа тие кои требаше да бидат членови на избирачките одбори. Подоцна, под притисок на ставот на ВМРО-Народна партија дека е подобро државната администрација да биде во избирачките одбори, се направи промена и во втората фаза од разградувањето на овој закон, значи текстот кој пристигна пред нас пратениците, дојде изборниот законик со ваквата промена, во избирачките одбори учество, односно членови на избирачките одбори да бидат претставници од државната и јавната администрација. Познато и е на македонската јавност дека жестоко се спротивставивме на тоа и не можевме да се согласиме со кажувањето дека, ако биде вклучена државната администрација ќе имаме 100% европски избори, бидејќи така е насекаде во Европа. Прво, не е така секаде во Европа. Второ, нашата државна администрација не можеме да ја споредуваме со администрацијата што ја имаат земјите членки на Европската унија, бидејќи ние, најпрвин како држава признаваме дека неопходни се севкупни реформи на државната администрација, ако сакаме да ја приближиме кон она што значи државна администрација во земјите членки на Европската унија и од друга страна што сеуште продолжува процесот на партизација на државната администрација, бидејќи гледаме секој ден во весниците информации, колку партиски активисти се вклучени во државната администрација. Оттаму, за да се зголеми и степенот на доверба, токму во избирачките органи, степенот на доверба не само помеѓу партиите, меѓутоа довербата на граѓаните кон оние кои ќе го спроведуваат изборниот процес. Оттаму ние инсистиравме да бидат и претставници од опозицијата и претставници од власта во избирачките одбори и меѓусебно да се контролираат. На тој начин, ако не друго да се гарантира правото на граѓаните дека нивниот глас нема да биде злоупотребен од една политичка структура која сега е на власт. Оттаму, сите барања кои од наша страна и во првата фаза, меѓутоа и во оваа втора фаза, преку комисиските расправи каде беше јасно кажано. Кога се разговараше со лидерите на опозициските партии кажавме дека се откажуваме од уцената, би кажала односно од нашите инсистирања да бидат прифатени сите овие наши забелешки, 12 на број, а само една од нив беше прифатена. Значи, се откажуваме од нив само со една единствена цел да бидат внесени политичките претставници во избирачките одбори. Зошто? Затоа што ценевме дека џабе ќе ни биде учеството на судиите во општинските изборни комисии, во Државната изборна комисија, џабе ќе ни биде добро прочистен избирачки список, џабе ќе биде и мнозински изборен модел и т.н. Значи, се ќе биде џабе доколку на самото избирачко место, во избирачките одбори се фалсификува волјата на граѓаните, преку учеството на државната администрација која ќе биде под силен притисок на власта. Токму оттука беа отстапките кои ВМРО-ДПМНЕ, во име на компромисот, најпрвин ние отстапивме, наместо два, на еден претставник од опозицијата да има во избирачките одбори.

(Реакции во салата)

**Љупчо Јордановски:** Ве молам, потивко.

Продолжете госпоѓо Бонева.

**Силвана Бонева:** Значи во име на компромисот кој беше постигнат со сите лидери на опозициските партии, освен ВМРО-Народна која го напушти тој состанок со сите опозициски партии и премиерот и господинот Тито Петковски, како

претставник на неговата новоформирана партија. Значи, сите се договорија да се усвојат односно премиерот да внесе одредби со кои јасно ќе дефинира, прво што е опозициска партија, за да нема дилеми кој го предлага претседателот на Државната изборна комисија, за да не се остави можност сите политички партии од опозицијата да се договараат кој ќе биде претседател на Државната изборна комисија.

Петте дена кои беа дадени со законот, сметавме дека нема да бидат доволни за сите политички партии од опозицијата да се договорат кој ќе биде претседател на Државната изборна комисија. Токму од тие причини баравме  јасно да се дефинира дека најголемите политички партии во опозицијата, тие што освоиле најголем број на гласови, ќе го предлагаат претседателот на Државната изборна комисија, со една единствена цел повторно процесот да не се врати на Комисијата за прашања на избори  и именувања односно власта да го предлага претседателот на Државната изборна комисија. Значи не беше работата дали Собранието ќе каже која е најголема опозициска партија, туку да не се внесе забуна во изборното законодавство и да биде јасно кој предлага, во кои законски рокови и кој е тој што треба да го усвои она што е во законскиот текст.

Уште еднаш, морам да упатам и на тоа дека законските одредби мора да бидат јасни, прецизни и да не бидат оставени на толкување на некое друго тело, некој друг државен орган, се со една единствена цел и препораките кои беа дадени од ОБСЕ и ОДХР, да бидат исполнети, бидејќи една од препораките беше, јасно и прецизно законодавство кое нема да биде поинаку толкувано од тоа што е напишано.

Ги молам почитуваните колеги  да се ислушаме. Кој не сака да слуша може и да излезе.

(Реакции во салата).

**Љупчо Јордановски:** Госпоѓо Бонева продолжете. Имате уште 1 минута и 34 секунди.

**Силвана Бонева:** Благодарам почитуван претседателе.

Сега повторно ќе спомнам за новиот односно најспорниот член за кој толку многу време се дебатираше, бидејќи расправаме по текстот на законот. Тоа е членот 192-а ставот 3, каде се вели дека еден член на избирачкиот одбор ќе се именува на предлог на политичките партии во опозицијата. Овој еден член не значи ништо, да се спречи било каква злоупотреба, меѓутоа значи контрола на опозицијата над изборниот процес. Токму заради тоа инсистиравме на вметнување на ваквиот амандман. Кажувањата дека цело ова договарање и постигнатиот компромис помеѓу политичките партии во опозиција и претставниците на власта било само заради делење на пари, по 300 илјади евра, мислам дека нема никаков основ ваквото кажување, бидејќи на сите во Република Македонија, барем оние кои учествувале во изборите, јасно им е дека секој претставник на избирачкото место, значи член во избирачките одбори и досега земаа по 1000 денари. Значи не е нешто ново, не е некое ново законско решение, туку за работата на овие луѓе се исплаќаше по 1000 денари.

Од тие причини, значи од сето она што го кажав, бидејќи имам само уште 7 сенунди, можам да кажам, од име на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ дека законот ќе го гласаме. Иако не е најдобар, сметаме дека законот е доволен основ за да може во Република Македонија, доколку има ...

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.

Ве потсетувам дека согласно член 62 став 5, од Уставот на Република Македонија, овој закон се донесува со мнозинство гласови од вкупниот број на пратеници.

Ги молам пратениците да влезат во салата. И опозицијата која вети дека ќе го гласа законот, би требала да биде комплет тука, а колку што јас гледам не сте сите тука.

Ги молам службите да го утврдат бројот на присутните пратеници.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 70 присутни, 67 гласале, 67 за, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Изборниот законик.

Овде прекинуваме со работа.

Со оваа седница продолжуваме во петок, а утре се пратенички прашања.

(Седницата прекина со работа во 18,25 часот).